МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

Свети Николе – Битола – Р. Македонија

Факултет за правни науки

Магистерски труд на тема:

Компаративни аспекти на малолетничката деликвенција

Изработил:
Јосифовски Виктор
Бр. Индекс: М197008

Ментор:
Доц. Д-р. Марија Гроздановска

Содржина

Апстракт **1**

Вовед **2**

1. Формулирање на проблемот **3**

2. Предмет на истражување **6**

3. Цел на истражување **8**

4. Научна и општествена оправданост **9**

5. Хипотези на истражувањето **10**

6. Методи на истражување **11**

Глава 1 – Општо за криминалитетот 12

1.1. Криминал – Криминалитет 12

1.2. Облици на криминалитетот – Феноменологија 15

1.3. Причини за појава на криминалитетот – Етиологија 17

1.4. Превенција на криминалитетот 19

1.5. Криминалот во Република Македонија низ броеви 21

Глава 2 - Малолетнички криминалитет – Општо 26

2.1. Феноменологија на малолетничкиот криминалитет 30

2.2. Етиологија на малолетничката деликвенција 35

2.3. Превенција на малолетничката деликвенција 39

Глава 3 – Малолетнички криминалитет во Република Македонија 43

3.1. Малолетничкиот криминалитет во Република Македонија низ броеви 43

3.2. Малолетничка правда 49

3.2.1. Начела за правда на децата 51

3.2.2. Дефиниции 53

3.3. Аликативни методи 54

3.4. Субјекти во кривичната постапка спрема деца 59

3.4.1. Надлежен суд во постапка спрема деца 60

3.4.2. Јавен обвинител за постапување спрема деца 62

3.4.3. Бранител 64

3.4.4. Центар за социјални работи (ЦСР) 65

3.5. Санкции спрема децата 68

3.5.1. Воспитни мерки 70

3.5.1.1. Укор или упатување во центар за деца 71

3.5.1.2. Мерки на засилен надзор 72

3.5.1.3. Заводски мерки 74

3.5.2. Алтернативни мерки 75

3.5.3. Мерки на безбедност 77
3.5.4. Казни 78
Глава 4 – Меѓународни документи за малолетнички криминалитет 81
4.1. Основни принципи 81
Глава 5 - Компаративни искуства за малолетничката деликвенција 82
5.1. Компаративно казнено право 82
5.2. Модели за постапување со малолетници 85
5.3. Велика Британија 86
5.4. Франција 89
5.5. Германија 90
5.6. Словенија 91
5.7. Србија 92
5.8. Црна Гора 93
Глава 6: Истражување 94
6.1. Презентирање и анализа на добиените податоци од истражувањето 94
6.2. Анализа на извештајот на народниот правобранител 95
6.3. Податоци од истражување 100
Заклучок и предлози 104
Користена литература 109
Анкетен лист 111

Апстракт

Ако денес криминалот, неспорно е проблем за секоја пора на современото, модерно и демократско општество, ако е негативна појава која оди против сè она што еден човек позитивно, создава и креира во својот живот за подобрување на животната средина, животната атмосфера, животниот економски стандард и ако криминалот претставува најтешко загрозување на квалитетот на човековиот живот, неспорно е и тоа дека во неговата феноменологија малолетничката деликвенција има првостепено значење. Од сите досегашни истражувања запишани во разни трудови кои ни се достапни, очигледно, се работи за сфера на криминал, специфична во прв ред, поради нејзините актери – сторители, а тоа се децата, кои не се „криминалци во мало“, а нивното деликвентно однесување како и одговорот на него, не може да се подреди на класичните криминално-политички и казненоправни концепти за отстранувањето на криминалот на возрасните иако кај нас во Република Македонија до само пред некои 6 – 7 години, не беше стрикно одделена постапката низ која поминуваа малолетните деликвенти.

Затоа ни е потребна праксата која полека, но сигурно се наметнува, а тоа е меѓународната компарација и согласување во начинот на постапката кога се појавуваат децата како сторители или како жртви на криминалот. Јас би рекол дека децата и кога се јавуваат како сторители на дела кои со закон се предвидени за кривични, тие сепак се жртви на криминалот на еден подолг рок.

И на самиот крај на краиштата, дали воопшто постои некоја потреба од посебна кривичноправна издржаност за да се истражува во полето на малолетничката деликвенција?

Јас лично сметам дека тоа не е потребно и затоа овој труд се занимава токму со појавата на криминалот кај децата, ако воопшто може така да се прецизира.

Вовед

Оваа тема, за малолетничката деликвенција и правдата за децата е одамна поставена на највисоко ниво на истражувачкиот пиедестал на интересите на сите инволвирани научници, правници, педагози, социолози, криминолози во целиот свет.

Децата под влијание на одредени фактори можат да развијат многу негативни поведенија како што е криминалот. Тие фактори кои можат да придонесат за појава на криминалитет кај децата и генерално во целото општество уште се нарекуваат и криминогени фактори кои според криминологијата се интернационални фактори, кои можат да бидат причина или последица на криминалот насекаде низ целиот свет.

Кој било криминоген фактор, самиот по себе не може да предизвика појава на криминалитет кај сите деца под еднакво, но самото присуство на овие криминогени фактори во општеството ја дава таа негативна појава кај децата која најчесто настанува како причинско-последичен резултат на криминогените фактори.

Целта на сите правни системи, а во продолжение на овој труд, дел од нив и ќе ги образложиме, како и целта на македонскиот кривичноправен систем е остварување на превенцијата, пред сè, а додека репресивната функција и сите други функции одат во втор ред или остануваат во втор план, односно се стават како споредни.

Децата како клучна група за развојот на едно општество, низ целиот свет се поставени под посебна „лупа“ и се третираат со огромно внимание бидејќи чувствителноста, сензибилноста, во тој дел е максимална и е од круцијално значење за самото општество, за развојот на државата како политичко уредување и за развивањето на една нација.

Законодавецот во Република Македонија, децата престапници ги третира различно од полнетните престапници, а целата постапка за спроведување на децата пред законот ја предвидува во посебен закон кој е наречен „Закон за правда за децата“ и кој како таков се применува од 29.10.2013 година.

Па поради огромното значење на малолетничката деликвенција како негативна појава во општеството, одлучив да ѝ посветам внимание и моето истражување да го насочам токму на таа страна и да ја истражам, поконкретно, застапеноста на малолетниците во вкупниот криминалитет, темната бројка, работата и значењето на ЦСР во постапката кога дете се јавува како сторител на кривично дело и да ја истражам

довербата на граѓаните кон институциите кои се задолжени за справување со овој проблем: мислењето на граѓаните, стручноста на службениците, дисциплината и извршување на задачата и влијанието на криминогените фактори. Но пред сè, сакам да направам еден компаративен пресек помеѓу македонските начини со справување во борбата со малолетничката деликвенција и некои европски понапредни држава, како и некои држави од соседството за кои имав пристап до информации.

1. Формулирање на проблемот

Креирањето систем на правда за децата упатува на потребата од иновирање, прилагодување, остручување, компарирање со други понапредни општества на легислативната рамка со цел доминантно место во казнената реакција да имаат мерките на помош, заштита и пред сè грижа, односно да им се даде предност на воспитните мерки интервенции наместо казнувањето и сместувањето во установи за деца. Аналогно на тоа, се отвора тој простор за размислување и дискутирање, во правец на тоа, колку човек треба да се едуцира, да напредува, да се надоградува во полето на правото, психологијата, педагогијата, социологијата, пенологијата, за да може да биде компетентен експерт кој ќе може соодветно да одговори на прашањата кои произлегуваат на ова поле, пред сè, со своето знаење да им помогне на децата кои практично се довеле самите, свесно или несвесно, во ваква неволја, каква што е криминалот.

Ваквиот приод има една основна цел, а тоа е целосно да ги одбегне загрозувањето на правилниот раст и развиток на младите лица во транзиторниот период од детството кон полнолеството. Се апострофира или се става посебен нагласок на потребата за збогатување на можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани децата, што подразбира интеракција и активно вклучување на поширок круг чинители и субјекти во кои неизбежно, секако, спаѓаат родителите, училиштето во кое се образува детето, ЦСР, помошта на црквата која секогаш е добредојдена во секој поглед како духовна институција преку класичното христијанско, црковно учење, а додека поведувањето казнена постапка спрема деца да се остави да биде и да се применува само во случај на најтешки форми на кривични дела, односно, кривични дела со фатални последици по животот и здравјето на луѓето, за кои се разбира, треба да се

стори сè што е во можност на институциите и сите горенаведени субјекти, до тоа да не дојде.

Но кога кај детето ќе се појави рецидивизам и кога ќе се оцени дека личноста на детето, па и начинот на стореното кривично дело, мотивите од кои се раководело детето, го оправдуваат класичниот формален приод во постапувањето, тогаш во тие ситуации, неизбежно се надоврзува изрекувањето соодветна кривична санкција, која исто така треба да се одвива со примарна цел поправање на детето, негова ресоцијализација и грижлива, педантна, „хируршки“ прецизно изведена постпенална завршница и реинтеграција на детето во општеството. Колку што е можно повеќе да се избришат трагите од тоа учество во криминалот на детето, да се внимава на стигматизацијата, да се внимава на образованието на детето додека ја издржува казната, да не заостани од своите врсници во техничко-технолошките напредоци и да се врати како социјално здрав член на општеството.

Осовременување и следење на новите трендови во теоријата и практиката за положбата на децата во системот на правда за децата доведе до кодификација на општиот дел од материјално и делот од процесното казнено законодавство за деца во еден закон, во кој покрај регулирањето на казнениот систем и казнената постапка спрема деца се опфатени и категориите деца во ризик, заштита на децата како жртви на кривични дела и превенцијата на детството престапништво. Ова дистанцирање на ваков начин и одвојување на децата со конструирана специјална постапка е доста позитивно, но во истата таа постапка се вклучуваат многу луѓе од кои зависи целиот третман. Што се однесува до правникот како експерт од правната област, во оваа постапка од извршување на кривичното дело, па сè до пружањето на постпеналната помош на детето, не игра баш кој знае колкава улога. Тука пред сè, предничи ЦСР и секако тимот на експерти составен внатре во институциите вклучувајќи ги и експертските тимови во пенитенцијарните установи.

Новиот систем за правда на децата е насочен врз примарниот интерес за заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој на децата, со настојување да се подигне свеста и поттикне примената на вонзатворските, односно алтернативните мерки и мерки со расторативна природа, при што се води грижа за социјалното чинење на кривичните дела и ефектите што се очекуваат од криминалната контрола. Притоа, особено е важно

жртвите да имаат можности за поефикасно остварување на своите интереси, сторителите полесно да се реинтегрираат и да се зајакне довербата на јавноста во казнено-правниот систем во целина.

Промените се резултат од меѓународните инструменти кои инсистираат на имплементирање методи за социјална интеграција на младите луѓе, организирање специјализирани програми и мерки за помош и поддршка за младите лица во училиштата со цел за нивна подобра интеграција и социјализација. Исто така на меѓународни рамки предвидени се почести меѓудржавни комуникации кои секако за земја како Република Македонија се секогаш добредојдени.

Успехот во борбата против детското престапништво во голема мера зависи од адекватниот пристап на општеството кон оваа особено чуствителна проблематика, а и не сум до крај сосема сигурен дека треба да бараме разбирање кај активните жртви на ваквото поведение и кај сите потенцијални жртви. Затоа сè она што може да се нарече „тампон зона“ помеѓу малолетниот деликвент и жртвата, да се уреди експертско-тимски, дотолку да се оди во перфекција што би отишло дури до претпоставки, како при која ситуација одреден малолетник би делувал. Со други зборови, правилниот модел на борба против овој глобален проблем овозможува не само соодветна реакција на надлежните органи, туку и превенирање на кривични дела каде што како сторители се јавуваат децата. Токму затоа новите приоди во постапувањето подразбираат приспособување на реакцијата кон причините што довеле до стореното. А од друга страна, односно веќе сега од трета, она што јас го изнесувам неколку реда погоре се чини сосема реално. Тука, од компаративен аспект, мора да се издвои односот на граѓаните на целокупна Скандивавија, а ништо не заостануваат и земјите на Бенелукс, и мора да се напомене земањето на учество на обичните граѓани кои воопшто не се резистентни на криминалот како појава, туку напротив, секое сомнително однесување, појава или какво и да било сомнително движење тие го пријавуваат што поскоро, а секоја минута е драгоцена во правец на спречување на криминалот.

Влијанието врз причините за недозволеното однесување придонесува за разноликост на методите и формите за постапување. Ваквиот приод во законското регулирање е поттикнат од меѓународните документи кои укажуваат на потребата од издвојување на постапувањето кон децата во посебен систем од материјални, процесни и

извршни казненоправни норми, кои во посебна глава ќе ги разработиме во текот на овој магистерски труд. Глобалните трендови во казнената политика свој одраз имаат и на полето на детското престапништво кое е во сферата на непосреден и постојан интерес на криминолозите и теоретичарите од казнено-правната област ширум целиот свет.

Исто така и дефинициите од пошироко и потесно значење околу деликвенцијата општо и малолетната деликвенција ќе ги разработиме во посебна глава со законот за правда за децата и кога поопширно ќе расправаме за криминалот како појава.

2. Предмет на истражување

Генералниот предмет на истражување е малолетничката деликвенција, значењето на малолетничката деликвенција и учеството на малолетниците во целокупниот криминал во Република Македонија, како и методите кои се преземаат за сузбивање на криминалот. Паралелно ќе изнесеме и компаративни аспекти за тоа кои методи ги користат некои понапредни европски држави и некои држави од нашето блиско соседство.

Во Државниот завод за статистика постојат на годишно ниво податоци кои го покажуваат учеството, но според мене она што за ова истражување и општо за успехот на самата борба за превенирање, сузбивање и намалување на криминалот, како и за оцена на сите мерки кои се преземаат за таа цел, потребен ни е податок кој точно ги определува малолетниците кои сторителе кривични дела, а потоа исто така сториле кривични дела и како полнолетни лица, односно точна бројка на малолетници кои стануваат рецидивисти откако ќе станат полнолетници.

Во истражувањето ќе употребам техника на „самопријавување“ за да се обидам да ја одредам во овој труд темната бројка кај малолетната деликвенција со едно обично прашање во текот на целиот прашалник до испитаниците. Реално темната бројка на криминалитетот како проблем има повеќекратно значење. Криминологијата како наука, криминалитетот и деликвенцијата ги изучува како реални појави и таа ќе биде блиску до тоа свое настојување доколку повеќе се приближи до неговата севкупност. Познавањето на оваа негативна појава и нејзината севкупност е потребна за запознавањето на криминалитетот во целост, вклучително и неговите феноменолошки и етиолошки карактеристики, бидејќи тоа е единствениот пат, запознавајќи се со причините и облиците,

да се стигне до примарната цел, а тоа е превенцијата. Многу е јасно дека секој сторител на кривично дело настојува да не биде откриен, да ги затскрие трагите кои водат до него по извршеното кривично дело, па оттука ја имаме оваа темна бројка која поради било кои причини останала нерасфетлена и сторителот неоткриен. Темната бројка нема да биде една од централните теми на овој труд, но секако мора да ја опфатиме како периферна, за во иднина да имаме една насока, или да добиеме една бројка околу која ќе треба да го задржиме нашето внимание.

Во случаите каде што како сторител на кривично дело се појавува малолетник, откривањето на сторителот е уште потешко и е навистина реално темната бројка да биде поголема од кој било друг тип на криминалитет. Малолетниците деликвенти потешко се откриваат или почесто остануваат неоткриени од проста причина што во многу случаи органите кои ја водат истрагата, сомнежите од дете-сторител ги тргаат и ги пренасочуваат на друга страна од самиот факт што тоа е дете и изгледите да биде баш тоа дете сторител се многу мали. А непобивен е фактот дека: доколку истрагата замине во друг правец, сторителот останува неоткриен. Неколку реда погоре изнесовме дека секој сторител се обидува да остане неоткриен и тоа важи и за малолетните престапници, а тука голема улога игра и заштитничкиот приод на родителите, кои од преголемата љубов кон сопствените деца, дури би го скриле и кривичното дело на своето дете. Според родителскиот инстинкт тоа би влегно во темата „ќе сторам сè за да го заштитам моето дете“, но се поставува прашањето дали со тоа што ќе го сокријат од лицето на правдата во еден момент, во друг нема истото тоа дете да се појави повторно пред нивниот куќен праг со извршено поголемо кривично дело!? И крајно, дали тоа е заштитнички чин или една огромна противуслуга!?

Потоа ќе истражуваме во правец на информираноста на граѓаните околу работата и што тоа значи ЦСР и неговата улога во социјализацијата, ресоцијализацијата и постпеналната помош на децата сторители на кривични дела.

Еден дел од истражувањето ќе им го посветиме и на криминогените фактори и ќе се обидеме да одредиме кој криминоген фактор има најголемо влијание кај малолетниците сторители на кривични дела.

И се разбира, генералното истражување ќе го направиме со анализирање и компарирање на мерките и начините кои ги презема македонскиот правен систем и оние

мерки кои се тренд во западните земји кои важат за понапредни од нашата, во правецот на сузбивање на малолетната деликвенција. Со ова истражување, кое ќе биде од компаративен аспект ќе се обидеме да ја потврдиме или отфрлиме генералната хипотеза на ова истражување.

3. Цел на истражување

Научната цел на овој магистерски труд се состои во тоа да се добие претстава за состојбата со детското престапништво во Република Македонија, сличностите и разликите во справувањето со овој проблем помеѓу Македонија и европските земји, влијанието на криминогените фактори врз појавата на малолетничката деликвенција, формата и степенот на насилство и бруталност со кои се манифестира малолетничката деликвенција, реформите кои се преземаат во насока на превенција, сузбивање и намалување на малолетничката деликвенција итн.

Самото проучување на оваа негативна појава, отвора можности за нејзина превенција и репресија, а тоа е многу просто, бидејќи доколку ги познаваме причините од кои може оваа појава да се изроди и доколку ги познаваме облиците во кои може малолетничката деликвенција да се појави, тогаш е многу полесно да се заврши работата. Но повторно сакам да потенцирам, тука играат голема и многу важна улога реформите во правосудството, полицијата, јавното обвинителство и ЦСР, а ќе видиме подоцна од самите резултати на истражувањето дека тие реформи не ги постигнаа очекувањата и во најмала рака потфрлија. Затоа и како една од научните цели на овој труд ќе биде токму насочувањето на реформите во вистински правец, точно во јадрото на жариштето од каде што се изродува оваа појава.

Исто така резултатите од овој труд би можеле да се искористат за идни истражувања поврзани со овој негативен феномен. Исто така, мора да се потенцира онаа предност на новото време, а тоа е токму интернетот, преку кој можеме да собираме и да ни бидат дадени на достап и дофат мноштво списи, документи, меморандуми, литература од земјава и од странство, со што би можеле да направиме една споредба со други странски држави во однос на овој проблем со децата. Достапноста на меѓународните документи и нивна непосредна анализа може да ја поправи сликата околу борбата со малолетничката

деликвенција и да ни помогне користејќи, веќе видени методи, кои даваат позитивен резултат, и во нашето општество, сè со цел заштита на нашите деца.

4. Научна и општествена оправданост

Сметам дека прашањето дали овој проблем има општествена оправданост воопшто не треба да се дискутира, бидејќи криминалот е најнегативната појава кај човекот, а кога дополнително ќе се доведат во прашање децата, сметам дека сите ќе се согласат со фактот дека постои општествена оправданост за да се истражува на оваа тема и тоа во правец на превенирање и сузбивање на малолетничката деликвенција. Самата општествена оправданост е некако еден вид надополнување на научната оправданост, со тоа што во многу тесна корелација можат да ги проучуваат сите појавни облици и секако, се разбира, можат одблиску да се проучат и сите причини за појава на криминалот кај децата, сите криминогени фактори да се расчленат одделно и прецизно да се обработи нивното влијание. Што се однесува до научната оправданост, единствена наука, покрај социолошките науки која треба да се занимава со овој проблем е казнено-правната наука, во тесна соработка со криминалистиката и криминологијата.

И покрај тоа што во Република Македонија може да се добие еден заклучок дека од страна на научната област овој проблем, детското престапништво, е доста истражувана област, ако не и најстражуваната, кога станува збор за децата, бидејќи оваа појава не ја истражуваат само кривичарите, криминалистите и криминолозите, туку со овој проблем се заниваат и психолозите, социолозите, педагозите, пенолозите и останати научници од многу други природни и општествени науки.

Податоците кои се добиени, не само од ова истражување, туку и од многу други претходни истражувања, покажуваат дека и покрај сите напори за воведување на реформи, имплементација на безброј меѓународни норми и рамки, документи и ред други интервенции во правец за заштита на правата на децата, во безброј кампањи, па и во самиот законодавен систем, не ги даваат очекуваните резултати, поради што децата се почесто се јавуваат како сторители на кривични дела.

Сето ова погоре изнесено што може да се земе како еден вид на заклучок од самото истражување, што секако оди во корист на потврдниот одговор на прашањето околу

постоењето на било каква оправданост на третирањето на криминалот.

5. Хипотези на истражувањето

Генерална хипотеза

И покрај одличната хармонизираност на законите во Република Македонија со најразвиените европски земји и со меѓународните протоколи, препораки и документи, системот кој е воспоставен за превенирање, сузбивање и намалување на малолетничката деликвенција, и покрај тоа што е идентичен на системите во поразвиените европски земји и земјите од нашето соседство, сепак е нефункционален од следните причини:

- Неинформираност и слаба вклученост на граѓаните, родителите, училиштето и црквата;
- Немање основни услови за постигнување на целта;
- Погрешни реформи за подобрување на состојбата; и,
- Политизација на проблемот и партизација на кадрите;

Генералната хипотеза ќе биде проверена во емпириският дел на истражување по соодветен методолошки принцип со обработување на литература од многу научници од оваа област од Република Македонија и странство, со анализа на неколку системи од поразвиените земји во нашето поблиско соседство, Европа и светот.

За подобра обработка на целиот проблем и дообјаснување на генералната хипотеза ќе поставиме и поединечни хипотези.

1. Темна бројка е еден од најголемите проблеми во борбата против криминалот.
2. Влијанието на степенот на учество на криминогените фактори во креирањето на деликвентното поведение кај детето.
3. Недовербата на граѓаните во институциите и неинформираноста се главна пречка во врската помеѓу граѓаните и институциите во насока на превенирање, сузбивање и намалување на криминалот воопшто.

Претпоставките се дел од научната методологија. Оттука и покрај сите реформи, промени, потпишување на меѓународни документи во сите сфери, усогласување на постапката и методите во сузбивање на криминалитетот со поразвиените држави, промена

и европеизација на законот за правда за децата, организација на судството, дејствата на обвинителството и полицијата, ЦСР итн. си земам за право, при изготвувањето на овој магистрески труд, во рамките на научната методологија, да претпоставувам дека системот не функционира, а со тоа, залудни се сите минати и идно преземени реформи. Токму затоа и една од хипотезите за која, се разбира, не сакам овде да го давам конечниот одговор, напротив, сакам да го отворам и да го оставам отворено за покомпетентните и поискусните во оваа наука, еден ден, да го начнат сериозно.

6. Методи на истражување

За потребите на овој труд јас користев методолошки техники од типот: анализа, синтеза, индукција, дедукција, како и компаративен метод, историски и статистички.

Предмет на анализа, во текот на изработката на овој труд, беа, голем број на меѓународни документи кои Република Македонија во текот на овие 30 години ги има ратификувано, како и документи кои беа ратификувани и во рамките на поранешната држава. Анализата се прошири и врз општествената атмосфера од социолошки аспект и од аспект на владеењето на правото, во Република Македонија и во европските, поразвиени земји, како и во земјите од потесното опкружување, каде исто така, се служев и со компаративниот метод.

Методите на индукција и дедукција се неминовни. На почетокот од трудот користев метод на индукција, од каде, сликата од поедините проблеми се развлекува и се формира една општа слика, од која, на крајот, со дедуктивни методи ги извлеков заклучоците кои, во рамките на науката, не се дефинитивни, туку, напротив, отвораат други прашања кои во иднина треба да се решаваат.

Со компаративниот метод се служев во текот на целото истражување и креирање на овој труд. Беа извршени компарации на македонското спроведување на малолетничка правда, нејзините методи, етапи, вклучените органи и нивната активност, со методите на спроведување на малолетничката правда во неколку поразвиени европски земји, како и земјите од потесното опкружување.

Исто така, користев историски и статистички методи со кои ги компарирав броевите и коефициентите на малолетничкиот криминалитет низ годините во Република

Македонија, како и во земјите со кои го компарирав нашиот систем за справување со малолетничката деликвенција.

И за крај, за потребите на овој труд користев методолошка техника анкетирање, со инструмент – анкетен лист. Истражувањето беше извршено врз неслучаен пригоден примерок од 60 испитаници.

Исто така дополнително за потребите на овој магистерски труд, го искористив разговорот кој го водевме со инспекторката од СВР Битола за малолетничка деликвенција која детално и несебично нè информираше за сите дејствија кои ги презема МВР во оваа насока и за сите проблеми кои се појавуваат во системот.

Глава 1 – Општо за криминалитетот

1.1. Криминал – Криминалитет

Кога станува збор за криминалот[1], како појава, мора да бидеме прецизни и многу конкретни од самиот старт на третирањето на ова прашање, што би довело до заклучок дека ние мораме да бидеме што попрецизни околу неговото дефинирање. Разгледувањето на криминалот[2] мора да се прави од позиција на проблем. Тука би направил една паралела со медицината, а правните науки би ги нарекол медицина на општеството, а со самото тоа, криминалот би го поставил како вирус, нешто налик актуелниов Ковид-19 или уште повеќе, криминалот би го нарекол канцер на општеството. Непрецизното, неопсежно и површно дефинирање на криминалот може да придонесе во игнорирање на некој криминал кој постојано е во допир со обичните граѓани кој постојано се одвива некаде завиено, како некоја апликација која постојано работи во позадина и ви го троши капацитетот на батеријата, а вие немате поим зошто е тоа така. Од лошото дефинирање на поимот на криминалот само се остава простор тој сè почесто да ги напаѓа граѓаните и тие секојдневно да ја плаќаат сметката на таквото невнимание, а со текот на времето граѓаните да станат имуни на таквиот секојдневен криминал што би станало и секојдневие во нивните животи. Не би сакал уште од самиот почеток да навлегувам во можни анализи на

[1] П. Аслимовски, А. Станојоска. Криминологија. Битола: УКЛО, 2015. Стр. 15.
[2] Љ. Арнаудовски. Криминологија. Штип: 2-ри Август Штип, 2007. Стр. 41.

некои конкретни случки за да го демонстрирам криминалот како појава, затоа би искористил еден многу пластичен и многу едноставен начин на кој сите ние сме жртви на еден вид криминал. Тоа што сакам да го прикажам е секојдневното пазарџиско поткраднување на вагата кое на прв поглед и не е толку опасно. Токму така, тоа се случува секојдневно и сега веќе стана воопшто неопасно, па кому би му сменило нешто во животот 100 гр. пиперки или 100 гр. јагоди. Но доколку тоа се пресмета на една поголема количина, на пример да земеме на еден тон, тоа би дошло некаде од прилика кражба од 100 килограми пиперки или јагоди, што во просечна сума на пари би достигнало измеѓу 4000 и 8000 денари, што на месечно или на годишно ниво се солидна сума на пари. Истото можеме да го претпоставиме дека се случува со сметките кои секој месец ни доаѓаат за потрошена електрична енергија или сметките за телекомуникациски и интернет-услуги. Недоволната контрола врз потрошената количина киловат-часови, гигабајти или минути во телекомуникациски сообраќај, може да предизвика големи добивки за компаниите, а големи загуби за обичните граѓани кои со текот на времето станале имуни на сериското поткраднување на два киловата, два гигабајти или две минути разговор. Затоа предлагам да почнеме од самиот почеток со анализа на сите варијанти на дефинирање кои ги разработуваат и ги употребуваат светските криминалисти и научници од кривично-правната наука.

Самиот збор, поим, криминалитет влечи потекло од латинското говорно подрачје, односто доаѓа од зборот „crimen“ што означува злосторство. А пак злосторството од целата достапна литература која ја имаме од римското право, означува, едно поведение што според закон е предвидено како казниво. Многу кратко, едноставно и во една потесна смисла. А пак, во денешно време, се користат и термини кои се приближно слични во своето значење и се користат при описот на криминалот, а такви се термините како: деликвенција, злосторство, престапништво, антисоцијално поведение, девијантно поведение итн.

Криминалот припаѓа во една категорија на динамични појави кои пречесто го менуваат своето значење, постоење, облик, карактер, смисла, содржина и моето мислење е дека не може тоа така да се перцепира до детаљ или во подробности и да се бара една интернационализација или да се формира едно универзално значење. Криминалот треба да се посматра и третира во еден конкретен простор и во точно определено време, бидејќи

без точно утврдени детерминанти, варијабли, нема да можеме да ги воочиме промените. Во фазите на еволуција во која човекот станува сè посвесен за своите права и привилегии, со самото тоа се донесуваат нови закони со кои се унапредуваат и заштитуваат правата на човекот, со самото тоа што се потпишуваат и се ратификуваат нови декларации и разни меѓународни документи со кои се гарантираат и се унапредуваат човековите права, човекот, аналогно на тоа, станува сè посензитивен на тие промени и нормално почнува да ги чувствува повредите врз човековите слободи и права, а со тоа пак, се дава дополнителен простор за нови и нови интервенции во праведна заштита на човековите права.

Многу е тешко да се каже дека единствениот критериум за одредување на кривичните дела може да се смета Кривичниот законик на Република Македонија. Овој заклучок е извлечен од поимното одредување на криминалитетот во директна содржинска смисла, бидејќи во различни земји во зависност од степенот на општествената опасност, тежината на кривичното дело, секако изразена преку висината и видот на казната постојат повеќе видови на деликти. Постојат земји во кои суштествува трипартидна поделба на деликтите каде поимно можат да се разликуваат злосторства, престапи и истапи, кои најчесто се опфатени со поимот криминалитет, но и за ова не мора да биде така, односно не мора да постои правило кое наложува такво прифаќање. Еден пример кој може да биде издвоен за да се пристапи кон едно попластично објаснување на оваа проблематика е со поимот злосторство, кој кај нас, според многу наши автори, не е терминолошки прифатен, а додека пак во другите земји, во кои постои трипартидната поделба, со терминот злосторство се означуваат најтешките кривични дела. Погоре изесениот заклучок се потврдува и со тоа што во Република Македонија кривичните дела постојат и во други закони, како и другите деликти. Кај нас покрај кривичните дела, постојат и прекршоци како казниви дела предвидени и пропишани со повеќе други законски и подзаконски акти.

И да се навратам на она попластично и потесно објаснување, сума сумарум, и онака лаички и разбирливо за секое уво, око и најбитно прифатливо за секоја состојба на секое ниво на просечен човечки мозок, криминални дела претставуваат сите дела кои што се извршени во еден простор и определено време, за кои со кривичниот закон се определени казни. Или што би се рекло: како криминални поведенија се подразбираат оние повединија што со кривичниот закон се одредени како казниви, а тоа се оние што претставуваат повреди или загрозување на општествените и индивидуалните вредности и добра, права и

слободи, интегритет, материјални добра и поради нивното сторување се предвидени казни и истите казни за ваквото сторување се применуваат.

1.2. Облици на криминалитетот – Феноменологија

Целта што науката[3] си ја има поставено пред себе е: како да се превенира криминалот и уште од самиот старт, уште од самиот почеток на развивање кога почнува да се развива да се прекини во самиот раст и да се спречи. Затоа, по сите мои истражувања и поминување низ мноштво литература, моето мислење е дека, сите ресурси и знаење што ги поседуваме како општество, како држава, како систем треба да се насочат токму кон младата популација, односно, во превенирањето и сузбивањето на малолетничката деликвенција. Но за тоа нешто подоцна, сега одиме чекор по чекор.

За да дојдеме до самата превенција ние треба да ги исполниме, односно со помош на науката[4], да ги откриеме претходните два чекора за да може акцијата успешно да се насочи. Првите два чекора кои се претходници на превенцијата се одредувањето, односно, откривањето на причините и облиците на криминалот. Определувањето на облиците на криминалитетот се прави исто така преку феномонологијата[5] како самостојна наука, но и како наука во склоп на криминологијата задолжена за облиците на криминалитетот.

Во историјата многу научници се обидувале да ги проучат облиците на криминалот како појава. Најголем удел во оваа наука имаат дадено германските научници и теоретичари како: Грос, Лингеман, Сеинг, Грасбергер итн.

Но, во филозовска смисла најголем печат во определувањето и утврдувањето на феноменологијата има познатиот германски филозов Хегел. Тој бил свесен за својата нејаснотија, но точно тука „лежи зајакот“ на сите проблеми што некои работи навистина се така природно создадени да не можат да се објаснат и такви треба да стојат во природата. Токму со тоа што сакал Хегел да ги протолкува сите противречности во природата сакал да ги објасни и облиците во кои може да се развие криминалот, а токму според Хегел

[3] Љ. Арнаудовски. Криминологија. Штип: 2-ри Август Штип, 2007. Стр. 71.
[4] Љ. Арнаудовски. Криминологија. Штип: 2-ри Август Штип, 2007. Стр. 241

[5] П. Аслимовски, А. Станојоска. Криминологија. Битола: УКЛО, 2015. Стр. 41

криминалот е појава која се развива во природата сама по себе и може да се победи само со самозапазување, прво на ниво на поединец, па потоа и на општествено ниво, со развивање на општествена свест и дисциплина.

Паралелно со одредувањето на криминалитетот како појава која воглавно е индивидуална и масовна, се одредуваат и основните насоки на самото изучување и специфичностите во насока на пристапите кон изучувањето на проблемот. Феноменологијата на криминалитетот и одредувањето на предметот на нејзиниот научен интерес подразбира одредување на опфатноста на појавата по содржина и облици. Со феноменологијата на криминалитетот се опфаќа следењето и подеталното изучување на вкупниот криминалитет на едно подрачје и во одредено време во сооднос со одделните видови на криминалитет во смисла, агресивен, стопански, политички, малолетнички, туристички и сл. и во однос на фазите на неговото настанување во смисла на сторување, откриен, неоткриен, пријавен обвинет, пресуден итн. Криминалитетот и деликвенцијата имаат обем што се утврдува според посебни параметри, што се користат за споредување на самиот криминал со себе во времето и во просторот, во однос на составот и воопшто во однос на другите појави со кои може да спореди, со кои се појавува паралелно или причинско-последично. Криминалитетот покрај обемот има и своја внатрешна содржина која се одредува според видот на деликтот, класификацијата и типологизацијата на криминалитетот и деликвентите, како и изречените кривични санкции. А пак сето ова оди во корелација со погоре изведеното дека криминалитетот не може да се гледа како унификација на глобално ниво, туку напротив треба да се разложи на што поситни делчиња за конкретно да се навлезе во самата срж на проблемот. Тоа е така затоа што, криминалитетот и деликвенцијата во одредено време и простор се способни да манифестираат многу различни тенденции и трендови, а во согласност со тоа и различни карактеристики. Криминалитетот и деликвенцијата се манифестираат во времето и просторот носејќи карактеристики на тоа време и на тој простор во кој се манифестираат. Затоа, крими криминалитетот пред сè претставува историска појава која мора да се изучува и во минатото, сегашноста, а врз основа на овие две предзнаења да се утврди или да се предвиди криминалот и во иднина.

И конечо, за да заклучиме околу феноменологијата, односно околу појавните облици на криминалот, мораме да кажеме дека врз основа на сè она што претходно

кажавме, феноменологијата на криминалитетот и деликвенцијата претставува подрачје на криминологијата како наука што се занимава со овие негативни појави и конкретно појавните облици, конкретните и општите манифестации на криминалитетот во општествена реалност со обемот, динамиката и целата структура и сите структурални промени, карактеристиките кои се израз на времето во кое се случува и карактеристиките на просторот, регионот во кој се појавува, со штетните последици по жртвата и сето тоа како потреба да се стекнат одредени сознанија за објаснување на криминалната етиологија односно причина. Феноменологијата на криминалот ги одредува правците во кои треба да се вршат продлабочените етиолошки истражувања, но во никој случај не дава одговори на прашањата поврзани со мотивите за настанувањето на криминалот.

1.3. Причини за појава на криминалитетот – Етиологија

Покрај обликот на криминалот секогаш стои и причината за неговата појава. За да ни биде малку појасно, не постои причина сама по себе која во секој случај произведува криминал. Секогаш криминалот[6] доаѓа како производ на неколку причини кои се поврзани меѓу себе и така дали како претходница или последица на повеќе причини се појавува криминалот. Секако дека во една многу убава благопријатна атмосфера не може да се појави криминал, секако дека на една негативна појава како што е криминалот не може да претходат позитивни работи, туку секогаш тој се јавува како производ на две или повеќе општествени негации кои како што реков се поврзани меѓу себе причинско-последично.

Сето ова важи за секој вид на криминал освен за семејното насилство кое можеби според сите параметри на психологијата, психијатријата, филозофијата, социологијата, биологијата и самата криминологија е необјасниво. Бидејќи бракот како производ на љубов, почит, разбирање, по само одреден период може да роди некои поведенија кои што можат да се окарактеризираат со големо насилство и негативно присутна агресија, со психичко и физичко насилство, а тоа е навистина необјасниво, како и што се необјасниви и сите облици во кои се појавува семејното насилство, а тоа се сите кривични дела, од скоро сите глави на кривичниот законик во Република Македонија.

[6] П. Аслимовски, А. Станојоска. Криминологија. Битола: УКЛО, 2015. Стр. 277

Како што феноменологијата е наука која во рамките на криминологијата или како самостојна наука се труди да ги објасни сите можни облици на криминалот, сè со цел, врз сите тие предзнанија, коишто може да ги обезбеди феноменологијата како наука, да се подготви план за превенција на криминалот, бидејќи превенцијата, според мене, треба да биде примарна цел која треба да се обезбеди. Тука во таа иста цел учествува и етиологијата[7] која е наука за проучување на причините коишто можат да го предизвикаат криминалот.

Тука би ги прескокнал сите оние формални и неформални запознавања со етиологијата и би преминал веднаш на она што е резултат на сите етиолошки дефиниции и научни истражувања. Етиологијата како наука за цел го има одредувањето на криминогените фактори. За таа цел, сите експерименти, собирање на податоци, пратење на развивањето на општеството, на поединецот во општеството се во насока на тоа што попрецизно да се дефинираат криминогените фактори и уште поважно, да се стигне до едно предзнание кое би не довело до тоа сознание како еден определен криминоген фактор се манифестира кај поединецот или кај одредена група во општеството.

За попрецизно и попластично објаснување на етиологијата, односно за попрецизно запозавање со причините за појава на криминалот кај поединецот или кај одредена група во општеството, општо користен е методот на поделба на криминогените фактори на ендогени – внатрешни и егзогени – надворешни фактори. Како ендогени или внатрешни криминогени фактори се личните карактеристики на самата индивидуа и тие влијаат само на конкретната индивидуа. Како криминогени фактори од ваков вид можат да се издвојат интелектуалната способност, нивото на образование, биофизичките предиспозиции, психичката состојба, личните мотивите, културните и верски определувања и верувања, амбициите итн. Додека пак, егзогени односно надворешни фактори се факторите коишто се општествени појави и влијаат подеднакво за сите луѓе во општеството без никаква разлика на нивната религија, пол, воздраст итн. Криминогени фактори од овој тип се семејството, образованието, врсниците, мас-медиумите, општествената структура, социо-економските односи, културата и условите за живот, системот на вредности на општеството, генерацискиот јаз итн.

[7] Љ. Арнаудовски. Криминологија. Штип: 2-ри Август Штип, 2007. стр. 525

1.4. Превенција на криминалитетот

Прво, сакам да потенцирам дека многу логично е кога се познати причините – етиологијата, облиците – феноменологијата, многу полесно, криминалот[8], може да се превенира. Второ, сакам да потенцирам дека општество без криминал не постои, но успешно општество е она општество што процентот на криминал го изедначува со процентот на професионален криминалитет, односно колку што изнесува процентот на санкционирани криминалци на кои затворскиот стаж им е поголем отколку работниот. Доколку успееме да го постигниме тоа, ќе можеме да разговараме за порадикални мерки во справувањето со криминалците професионалци. Трето, тајната на целата борба во справувањето со криминалот, според мене, лежи во превенцијата[9] на малолетничката деликвенција или уште во најраните појавни фази на криминалитетот. Но за тоа нешто подоцна кога конкретно ќе пишувам за малолетничката деликвенција и што конкретно треба да се преземе во однос на превенирање на малолетничката деликвенција.

По долги и опсежни, темелни испитувања, сите криминолози и припадници на органите на прогонот доаѓаат до информации за причините кои ја предизвикуваат оваа негативна општествена појава, а со самото тоа се доаѓа и до појавните облици на криминалот. Наредните какви и да бидат реформи за унапредување на борбата против криминалот, треба да бидат насочени кон анулирање на причините за појавата на криминалот. Сите ресурси, целото знаење да се насочи кон санирање на причините кои доведуваат до појавување на криминалот. Доколку имаме повеќе кривични дела против имотот или кривични дела со карактеристики на стопанскиот криминалитет, а кои се поттикнати од лошата економска состојба на населението, службениците, докторите, просветните работници итн. нема никаква потреба ние, како држава, да трошиме пари за вработување и за обучување на повеќе полициски службеници, јавни обвинители итн. Ние имаме потреба од санирање на економската состојба на самото општество, отворање на повеќе работни места, изнаоѓање начини како македонските производи да излезат на поширок пазари со цел да достигнеме поголема побарувачка и подобра продажна цена со

[8] Љ. Арнаудовски. Криминологија. Штип: 2-ри Август Штип, 2007. Стр. 291
[9] П. Аслимовски, А. Станојоска. Криминологија. Битола: УКЛО, 2015. Стр. 305

цел и постоечките компании да ги зголемат своите капацитети и да се отворат нови работни места со што би се подобрила економската состојба, а со тоа и граѓаните на Република Македонија сами би го одбрале таквиот нормален живот, да работат според своите способности и своето соодветно ниво на образование, за пристојна плата, отколку животот надвор од границите на законот. Со самото тоа, ќе се зголеми бројот на даночни обврзници кои ќе си ги плаќаат своите годишни давачки кон државата и со тоа ќе се зголемат примањата во буџетот што може да придонесе до пораст на платите на органите на прогонот кои никогаш повеќе не би имале потреба да примаат мито и корупција. Ќе порастат платите на професорите, докторите, јавната и државната администрација, а со тоа политиката ќе престане да биде професија, туку повторно ќе остане во втор план и ќе си биде занимање, преку кое нема повеќе да можат криминалците да се дограбуваат до можност за присвојување на општествени сретства и општествен капитал. Најдобрите лекари нема да ни бегаат во политиката бидејќи од позиција на министер, пратеник, градоначалник нема да може да се заработува толку многу колку од докторската професија. Актерите и уметниците ќе го вратат своето достоинство и повторно ќе бидат најголеми критичари на власта, а медиумите ќе си го вадат своето парче леб од маркетинг-активности и нема да зависат од која и да било влада. Но, за да се спроведе сето тоа, нам ни е потребно едно друго нешто, што во материјалниот свет не постои, а тоа е идеја за подобро општество, за нас и за идните поколенија. Со таа идеја за подобро општество за нас и за идните поколенија ние целосно можеме да го смениме нашиот менталитет, да станеме подисциплинирани, општество на професионалци во кое ќе владее правото и правната држава, општество со висока општествена одговорност, општество на една развиена и здрава и ментално зрела нација, впрочем сето она што Хегел уште многу одамна го предвидел како основен модел за справување со криминалот, самозапазување и дисциплина. Само со владеење на правото и правната држава, со брзо и навремено откривање и санкционирање на престапниците, ние ќе можеме за брзо време да ги санираме сите штети кои ѝ се нанесени на нашата Република Македонија во изминативе неколку децении од криминалот и да испратиме јасна порака до идните криминалци кои сакаат да посегнат по нешто туѓо, без разлика дали се работи за имот, живот или углед, дека има органи кои тоа брзо го откриваат и уште побрзо го санкционираат. А јас тврдам дека само поради високиот степен на криминал Република Македонија заостанува зад

модерните општества. Ни фали многу малку за да имаме многу.

1.5. Криминалот во Република Македонија низ броеви

Во продолжение во табелите што следуваат се наведени податоци од Дражвниот заводот за статистика на Република Македонија од Секторот за правосудство каде што се прават сите статистики на ниво на Република Македонија за кривичните дела кои се пријавени во последните десет години заклучно со 2017 година. За жал, системот во последните две години не е ажуриран, односно во последните две години заостануваат публикациите на Државниот завод за статистика на Република Македонија од Секторот за правосудство. Покрај статистиките за пријавените кривични дела, Заводот води посебна статистика за поднесените обвинениија и се разбира статистика за пресудите. За жал во Република Македонија се прави статистика за сторителите на кривични дела, а не за сторените кривични дела, бидејќи може да се случи едно лице да биде сторител на повеќе кривични дела, со што според мене би се добило посериозна и попрецизна бројка околу криминалот во Република Македонија.

Година	**2008**	**2009**	**2010**	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**
Пријавени	26 409	30 404	30 004	31 284	31 860	34 436	37 164	26 069	20 502	20 582
Обвинети	11 320	11 905	11 239	12 219	11 311	12 297	13 699	11 951	9 320	7 423
Осудени	9 503	9 801	9 169	9 810	9 042	9 539	11 683	10 312	8 172	6 273

Табела бр. 1: Пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела во РМ во периодот од 2008 до 2017 година

Извор: Државен завод за статистика – Сторители на кривични дела

Од табелата бр. 1 можеме да забележиме дека бројот на пријавени лица е доста поголем од бројот на поднесени обвинениија и донесени осудителни пресуди. Исто така можеме да забележиме дека во секоја година бројот на обвинениија е само една третина од бројот на пријавени кривични дела. Тоа се должи на тоа што граѓаните најчесто пријавуваат нешто што не е кривично дело, бидејќи секој обичен граѓанин не може, а и не мора да знае што е кривично дело. Исто така може да се каже дека тука затајува и работата на јавните обвинители од причина што не можат да соберат доволно докази за нивното обвинение да заврши со осудителна пресуда, а според системот за оценување на работата на јавните обвинители секој отфрлен обвинителен акт или предлог се бодува со негативни поени за

нивната работа. Тоа се потврдува и со другата споредба што ни покажува дека разликата помеѓу покренати обвинениј а и донесени осудителни пресуди е многу мала, што значи дека јавните обвинители одат, што би се рекло, на сигурно и сè додека не бидат сигурни дека нивното обвинение е доста цврсто, не поднесуваат обвинениј а против пријавените лица за кривично дело.

Малиот број на обвинениј а исто така може да се каже дека се должи и на многу малата соработка од страна на обичните граѓани кои најчесто одлучуваат да не се вклучат во разоткривање на едно кривично дело и неговиот сторител од немање доверба во институциите и од страв доколку соработуваат и го пренесат она што го виделе или што го знаат дека утре можеби и ним може истото да им се случи, а од друга страна, не веруваат дека некој ќе ги заштити.

Година	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**

Вкупно	34 436	37 164	26 069	20 502	20 582
Кривични дела против животот и телото	**943**	**1 006**	**939**	**898**	**796**
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	583	429	534	477	556
Кривични дела против честа и угледот	**7**	**11**	**5**	**3**	**19**
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	108	88	74	88	64
Кривични дела против бракот, семејството и младината	**422**	**421**	**470**	**422**	**353**
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	510	310	344	419	376
Кривични дела против имотот	**24 595**	**25 745**	**15 856**	**12 262**	**12 816**
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	399	419	386	275	331
Кривични дела против безбедноста во јавниот сообраќај	**2 822**	**2 849**	**2 710**	**2 679**	**2 628**
Кривични дела против државата	15	3	32	13	6
Кривични дела против вооружените сили	**14**	**7**	**11**	**1**	**4**
Кривични дела против службената должност	927	566	664	613	593
Кривични дела против правниот сообраќај	**491**	**3 192**	**1 901**	**438**	**319**
Кривични дела против јавниот ред	1,153	994	909	629	656
Останати кривични дела	**1 314**	**1 085**	**1 189**	**1 232**	**1 036**
Кривични дела предвидени со посебен закон	73	39	45	53	29

Табела бр.2: Поднесени пријави според групите на кривични дела во РМ во периодот од 2013 до 2017 година

Извор: Државен завод за статистика – Сторители на кривични дела

Година	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**

Вкупно	12 297	13 699	11 951	9 320	7 423
Кривични дела против животот и телото	**1 505**	**1 412**	**1 182**	**1 079**	**1 087**
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	407	406	370	392	337
Кривични дела против честа и угледот	**479**	**36**	**14**	**1**	**1**
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	78	65	60	45	45
Кривични дела против бракот, семејството и младината	**345**	**304**	**320**	**315**	**269**
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	336	396	331	298	209
Кривични дела против имотот	**4 822**	**4 585**	**4 863**	**3 745**	**2 745**
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	163	140	144	106	92
Кривични дела против безбедноста во јавниот сообраќај	**1 839**	**1 858**	**1 538**	**1 373**	**1 215**
Кривични дела против државата	4	2	13	14	23
Кривични дела против вооружените сили	**4**	**9**	**8**	**2**	**2**
Кривични дела против службената должност	247	355	279	187	152
Кривични дела против правниот сообраќај	**342**	**2 057**	**939**	**283**	**164**
Кривични дела против јавниот ред	758	1 033	916	738	458
Останати кривични дела	**937**	**1 000**	**948**	**695**	**598**
Кривични дела предвидени со посебен закон	31	41	26	47	26

Табела бр.3: Обвинети лица според групите на кривични дела во РМ во периодот од 2013 до 2017 година
Извор: Државен завод за статистика – Сторители на кривични дела

Година	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**

Вкупно	9 539	11 683	10 312	8 172	6 273
Кривични дела против животот и телото	**920**	**924**	**790**	**761**	**664**
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	283	301	272	321	234
Кривични дела против честа и угледот	**18**	**1**	**1**	**-**	**1**
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	64	49	56	39	38
Кривични дела против бракот, семејството и младината	**304**	**275**	**308**	**301**	**252**
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	255	277	277	261	177
Кривични дела против имотот	**4 073**	**3 965**	**4 296**	**3 370**	**2 427**
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	138	117	126	98	83
Кривични дела против безбедноста во јавниот сообраќај	**1 670**	**1 708**	**1 432**	**1 322**	**1 165**
Кривични дела против државата	4	2	10	14	18
Кривични дела против вооружените сили	**4**	**8**	**8**	**2**	**2**
Кривични дела против службената должност	137	243	201	113	96
Кривични дела против правниот сообраќај	**285**	**1 990**	**858**	**244**	**154**
Кривични дела против јавниот ред	622	931	821	653	401
Останати кривични дела	**742**	**860**	**834**	**634**	**539**
Кривични дела предвидени со посебен закон	20	32	22	39	22

Табела бр.4: Осудени лица според групата на кривични дела во РМ во периодот од 2013 до 2017 година

Извор: Државен завод за статистика – Сторители на кривични дела

Од табелите со реден број 2, 3 и 4 можеме да забележиме дека според групата на

кривични дела предничат кривичните дела против имотот, а по нив се исто така кривичните дела против правниот сообраќај и кривичните дела против безбедноста во сообраќајот. Тоа што во нашата држава предничат кривичните дела против имотот е уште еден показател плус на економската состојба во Република Македонија. Тоа покажува дека граѓаните сè почесто се дрзнуваат да сторат кривично дело против имотот за да ги задоволат своите егзистенцијални потреби. Исто тука можиме да забележиме дека разликата помеѓу пријавените дела, покренатите обвинениј а и пресудите е скоро идентична како и кај генералната слика, само е пресликана по одделните групи на кривични дела.

За жал бројката со која оперира македонскиот Завод за статистика е само во однос на пријавените или откриените сторители на кривични дела, поднесените обвинениј а по истите пријави и секако бројот на донесени пресуди, што секако не е целокупниот број на реално сторени кривични дела. Сите кривични дела кои што остануваат непријавени и од различни причини скриени за органите на прогонот и јавноста ја формираат таканаречената темна бројка[10] на криминалитетот. Бројката на оваа темна бројка или темно поле е многу голема што бесцелно е потрошеното време на криминолозите да воведуваат разни техники и методи за определување на темната бројка, бидејќи таа никогаш не може целосно да се открие.

Глава 2 - Малолетнички криминалитет – Општо

Како и кај сите други криминолошки појави така и кај малолетничката деликвенција[11] е многу тешко да се дојде до дефинирање на поимот, поради различните гледишта и аспекти како што веќе споменавме во воведот на разгледување на појавата. Состојбата на голем број на дефиниции за поимот на малолетничка деликвенција е условена со големиот број на истражувања на оваа појава кои доведуваат до нови сознанија и искуства. Но исто така, колку што е добро уште повеќе е лошо немањето на конкретна дефиниција, бидејќи таквата состојба многу влијае врз нејзиното успешно сузбивање. Исто така негативна конотација дава тоа што различни истражувачи и автори од оваа област, малолетничката

[10] Љ. Арнаудовски. Криминологија. Штип: 2-ри Август Штип, 2007. Стр. 138
[11] П. Аслимовски и А. Станојоска. Криминологија. Битола:УКЛО, 2015. Стр. 226

деликвенција ја нарекуваат со други термини како што се: малолетничка запуштеност, малолетничко престапништво, деликвенција, неприлагодена младина, младина со лошо поведение, асоцијално поведение, малолетнички криминалитет и многу други термини и синоними кои важат за една иста појава.

Современата криминологија, [12] посветува големо внимание на малолетничката деликвенција како еден криминолошки феномен. Како што кажавме и претходно, различни автори во разгледувањето на општественото и научното значење на малолетничката деликвенција тргнуваат од различни критериуми. Едни тргнуваат од феноменолошкото значење на малолетничката деликвенција истакнувајќи дека во последните децении од минатиот век таа се наоѓа во брз и постојан пораст и на тој начин остварува силно влијание врз деноменологијата на криминалитетот воопшто. Се истакнува фактот дека малолетничката деликвенција во чекор ги следи сите промени кои се случуваа во општеството и според сите тие промени, малолетничката деликвенција се прилагодува и се јавува во сѐ понови и понови облици кои поседуваат многу сериозни карактеристики како насилство, формирање на групи (банди), манифестираат вандализам итн. Притоа, не смее да се испушти, а да не се истакне дека малолетничката деликвеција има големо значење и влијание врз рецидивизмот, не само кај малолетничката деликвенција, туку и генерално земено во целокупниот криминалитет, бидејќи многу логично се наметнува тезата која говори за тоа дека што повеќе малолетни деликвенти, толку повеќе повратници криминалци, бидејќи границата на сторување на првиот криминал се намалува сѐ повеќе и повеќе, што при општествени пропусти и недоволна реализација на процесот на ресоцијализација, постои голема можност малолетниот деликвент да се појави подоцна уште неколку пати како сторител на некои други кривични дела, кои можеби во текот на животот би станале многу посериозни од оној кој малолетникот го сторил додека бил малолетник.

Друга група на автори тргнуваат од уверувањето дека малолетничката деликвенција[13], нејзиното следење и изучување е од особено значење за кривично-правните науки и криминологијата бидејќи таа го покажува она што ќе биде утре. Исто така овие автори се

[12] В. Камбовски и Т. Велкова. Малолетничка правда. Скопје: Јустинијан Први, 2008. Стр. 13

[13] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 15

залагаат за сосема нов правец во кривично-правната наука, односно посебно малолетничко казнено право кое ќе му го посвети целосното внимание на сето она што произлегува од оваа негативна појава.

Третата група автори која се јавува покрај претходните две, малолетничката деликвенција ја третира од појдовната точка на онаа флоскула „младата генерација е иднина на секое општество“, а токму малолетничка деликвенциа претставува еден од најголемите индикатори за тоа каква младина е всушност нашата иднина. Поаѓајќи од тоа треба да се поставуваат мноштво на прашања, а аналогно на тоа исто толку треба да се бараат и одговорите, а треба да се поаѓа од тоа: Што сакаме да истакнеме кај младите?; Кои квалитети треба да ги поседуваат младите за да бидат здрава иднина на секое општество?; Што треба да се стори за младите?; Кои се нивните вистински потреби?; Какви треба да бидат процесите на образование?; Кои проблеми треба да отклонат?; Во каква економска, здравствена, културна, положба се наоѓаат младите?; итн.

Сепак, во одредувањето на местото и значењето на малолетничката деликвенција во криминологијата треба да се земат сите овие елементи заедно и во меѓусебен однос бидејќи само на тој начин оваа појава може да се сфати и објасни во сета нејзина сложеност и комплементарност, со интердисциплинарен пристап. Тоа значи дека треба да се земе предвид нејзината општествена положба, обливите на деликвентното однесување како реакција на таа состојба и специфичностите на младата личност која се наоѓа во развој и се одликува со посебни биофизички, психички и социјални својства што му даваат основен белег на атрибутот „малолетност“. Точно овие елементи и карактеристики на специфичен начин ја одредуваат положбата на младите во општеството во една фаза од животот која е најкратка во животниот век на човекот, но најубава, најбогата со содржина, најбезгрижна и најмалку оптоварена со животни проблеми, но и најзначајна за развојот и формирањето на младата личност.

Скоро е невозможно да се сфати и објасни значењето на изучувањето и следењето на малолетничката деликвенција во криминологијата надвор од меѓународните документи во кои се разгледува оваа проблематика. Во пристапот кон малолетничката деликвенција како казненоправен и криминолошки, односно социопатолошки проблем со исклучително значење за нејзиниот третман, но и во заземањето на ставови и постапки во одделни подрачја е Конвенцијата за правата на детето, која положбата на детето и малолетникот,

тогаш кога се јавуваат како сторители на казниви дела или загрозени од деликвентност, постави сосема нови односи и воспостави нови обврски спрема земјите-потписнички на Конвенцијата за правата на детето. За третманот на малолетничката деликвенција од наведените гледишта не се од помало значење и документите на ОН преку кои дојде до конкретна реализација на гледиштата од Конвенцијата особено кога е во прашање деликвентно однесување на малолетник или дете или постапување по тој повод на органите на казнениот прогон (Хаванси правила, Пекингшки правила,Ријатските правила за превенција), како и многу други документи. На овие документи се надоврза ставот за извлекувањето на младите сторители на казнени дела од казненото право и создавање на посебно законодавство под назив: Казнена малолетничка правда, во кои се разработуваат сите фази од постапувањето на органите на прогонот по повод загрозеноста од малолетничка деликвенција или манифестирање деликвентно поведение од дете или малолетно лице. Во Република Македонија од 29.10.2013 година, децата се издвојуваат од полнолетните лица во кривичната постапка во која како учесници се јавуваат децата.

Да се навратиме малку и на проблемот при дефинирањето на поимот. Во дефинирањето на поимот малолетничка деликвенција, треба да се тргне од критериуми спрема кои се утврдува негативната природа на појавата и се изразуваат нејзините специфичности како посебен вид криминалитет и деликвенција. Како основни критериуми треба да се земат: возраста на деликвентот, што би дошло до потреба најпрво ние дека треба да го дефинираме поимот дете, а потоа и обликот на девијантното поведение кое се манифестира кај малолетникот. А исто така, како дополнителен критериум треба да се зема и поведението на малолетникот кое може да се изведи од надлежните институции во државата кои се грижат за следење на оваа појава кај децата.

Па, според Законот за правда за децата, дете е секое лице на возраст до 18 години.

Со овој Закон се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерките на помош, грижа и заштита, на воспитни и алтернативни мерки и за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни. За сите овие поими како и за сите подробности, Законот за правда за децата дава прецизни објаснувања за сите поими и ние

секогаш треба да поаѓаме токму од тие точки за да имаме успех.

Законот за правда за децата е позитивно поместување кон заштитата на правата на децата и борбата со справувањето на криминалитетот како една негативна појава во животите на децата.

Зошто направив еден краток осврт кон Законот за правда за децата ?

Тоа го направив бидејќи, како што кажавме и погоре, многу автори имаат проблем со дефинирањето на поимите кои се клучни за да може да се преземат понатамошни мерки во справување со малолетничката деликвенција, а според мене, оној момент кој треба да ги реши проблемите од ваков вид се наоѓа токму во Законот за правда на децаа. Според мене, во дефинирањето на малолетничката деликвенција нам ни е потрбано дефинирањето на возраста на децата и нивната зрелост за сторување на кривично дело, зрелост да се сфатат постапките, способноста за кривичната одговорност итн. што на сето ова Законот за правда за децата ќе го каже следното: „Спрема дете кое во време на извршување на дејствието, кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, не наполнило 14 години, не може да се примени санкција утврдена со овој закон.“ Ова пак нè доведува до заклучокот дека во малолетничката деликвенција битно значење имаат возраста и видот на поведението, но во никој случај самостојно и независно едно од друго. А од тука го извлекуваме најтесното дефинирање на поимот малолетничка деликвенција, што ни е најпотребно во секое истражување.

Се разбира, мора да се потенцира, дека ваквото дефинирање, како и сите дефинирања кои се застапени во самиот Закон за правда за децата не можат да бидат унифцирани и универзални, но како што рековме, тоа се должи пред сè, на големиот број научници кои го третираат овој огромен проблем.

2.1. Феноменологија на малолетничкиот криминалитет

Кога сме кај малолетничката деликвенција[14], степенот на загриженост кај надлежните органи, кај родителите, просветните работници, директорите на училиштата, педагозите, нивната заинтересираност и посветеност кон проблемот, требаше да ги руши сите бариери и да се тргне во една отворена и бескомпромисна битка против сите фактори кои се

[14] П. Аслимовски и А. Станојоска. Криминологија. Битола: УКЛО, 2015. Стр. 228

причина за појавата на овој вид на криминалитет, кој можеби треба да биде централна тема на криминолозите. Но за причините нешто потоа, сега да се задржиме конкретно на облиците.

Малолетничката деликвенција[15] е дисциплина или криминолошки феномен, што во континуитет и доста систематски се следи и истражува. Но она што од сите тие резултати се добива како епилог, не се наоѓа во правопропорционален однос со она што на терен се работи во поглед на сузбивањето на овој негативен тренд. Многу автори, ангажирани со овој проблем, по своите истражувања изнесуваат бројки и податоци со кои се потврдува дека, значителен пораст на овој вид на криминалитет се забележува по Втората Светска војна и тоа податоците, за жал, го потврдуваат.

Од сите различни теоретски и истражувачки пристапи, аналогно, се добиваат и доста различни дефинирања[16]. Но, според мене тоа не е толку опасно, бидејќи како и секој криминалитет, така и овој не можеме да го унифицираме и да поставиме една универзална глобална дефиницијата. Меѓутоа, во целиот тој комплот од различни квантитативни изрази[17] се добиваат најразлични феноменолошки карактеристики на малолетничката деликвенција. Она што претставува најточна и најпотполна евиденција произлегува од правосудните органи и од МВР. На второто место, или ако сакате, помалку веродостојни податоци се оние што ги водат органите за старателство. Иако помалку веродостојни, сепак и тие во одреден дел на истражувањето на ова поле играат голема улога. Но ние најчесто нашите истражувања ќе ги базираме врз бројките кои ни се достапни преку архивот за статистика, односно Државниот завод за статистика кој секоја година кон средината на истата ги ажурира бројките во овој домен, а тие податоци изворно ни доаѓаат од правосудните органи и МВР. Тука јас би додал дека најпотполни, на крајот на краиштата, ќе излезат податоците кои ги води МВР, бидејќи во тие бројки можат да се најдат податоци и за прекршоците кои се извршени од малолетниците.

Високото учество на малолетничкиот криминалитет во вкупниот криминалитет, но и динамиката во подолги временски периоди што се карактеризира со високи отстапувања, малолетничката деликвенција ја прави судбина на малолетнците или еве во најмала рака,

[15] Љ. Арнаудовски. Криминологија. Штип: 2-ри Август Штип, 2007. Стр. 462
[16] В. Камбовски и Т. Велкова. Малолетничка правда. Скопје: Јустинијан Први, 2008. Стр. 13
[17] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 62

една горчлива реалност која се појавува во различни облици.

Малолетничкиот криминалитет кој во својата карактеристика ја поседува динамичноста како одлика на криминалитет, што само по себе го прави уште поагресивен што дополнително ни ја потврдува констатацијата дека треба да се следи и проучува во подолг временски период. Сите истражувања во сферата на малолетничката деликвенција и истражувањата на полето на феноменолошките карактеристики на малолетничкиот криминалитет, во најголема мера ги темелиме врз основа на бројките кои како податок ги имаме во Државниот завод за статистика. Она што треба сите да нè застрашува е тоа што од година во година, секое ажурирање на податоците, бројката на малолетничкиот криминалитет е сè поголема, а во пораст се и секојдневните кривични пријави против малолетни лица. Тука, при секое истражување, треба да се земе предвид и фактот што малолетничката деликвенција покрај својата динамика, како изразит карактер ја има и темната бројка, што претставува криминалитет кој останал непознат за правосудните органи и за органите на прогонот, а чиј извршители се јавуваат децата. Дополнителна причина за тоа, зошто треба да се обрати внимание на овој криминалитет е и високата бројка на рецидивизам кој се развива кај малолетните деликвенти. Од недоволна стручност и може да се рече една мала доза на наивност, при истрагите, за одредени кривични дела, велиме дека не станува збор за кривично дело коешто може да биде извршено од дете. Но од друга страна, светските научници, криминолози, психолози, ни даваат една друга светлина на овој поглед, што вели дека скоро и да нема кривично дело во кое не се јавува како сторител дете, а уште нешто што може да се забележи при годишните ажурирања, тоа е постојаниот пораст на учеството на малолетничкиот криминалитет во вкупниот извршен криминалитет на годишно ниво.

Како најконкретно истражување за појавните облици на малолетничката деликвенција се смета истражувањето по глави од кривичниот законик. Од сите собрани бројки може да се констатира дека малолетничката деликвенција најповеќе се манифестира со кривични дела против имотот, а за состојбата да биде уште поцрна од онаа што е на терен е тоа што бројката и понатаму во секој поглед, при секое ажурирање е во постојан пораст.

Наредни кривични дела кои најчесто ги сторуваат малолетните граѓани на

Република Македонија се кривични дела против безбедноста во сообраќајот. Со големо жалење, и тука морам да констатирам дека со оглед на сите достапни податоци и тука се бележи еден пораст. И на крајот што треба сите, најповеќе да нè загрижи е бројката на малолетничко учество во вкупниот криминалитет од видот на кривични дела против безбедноста во сообраќајот. А верувам на сите ни се јасни оние детски кражби на дедовите или татковите автомобили, уште на 15 – 16-годишна возраст, без поседување на било какво возачко искуство, а за положен возачки испит воопшто и да не станува збор.

Кога се анализираат останатите глави на кривични дела во Кривичниот законик на Македонија, учеството на малолетниците во извршувањето на другите кривични дела е далеку помал и може да се каже, слободно, дека тој е незначителен во вкупната бројка, како што тоа е случај кај сообраќајните деликти и деликтите против имотот.

Но она што може да се потенцира во една генерална анализа, е тоа што уште една дополнителна карактеристика на малолетничката деликвенција покрај високата темна бројка и високиот рецидивизам, може слободно да се додаде и појавата на агресивност и извршување на кривичните дела во група. Тука психолозите даваат едно објаснување, кое вели дека малолетниците имаат потреба од групно извршување на кривичните дела, затоа што се неискусни криминалци кои имаат висока доза на страв, а во поголема група, стравот се ублажува. Најповеќе од сите кривични дела кои ги извршуваат малолетниците, предничи кривичното дело тешка кражба, потоа одземање на моторно возило и загрозување на сообраќајот. Нешто помалку забележителни во достапните податоци се разбојништвата и уште неколку други кривични дела. Но она што е уште позагрижувачко е фактот за намалување на возрасната граница на малолетните престапници.

Како дополнителна карактеристика на извршените кривични дела од страна на малолетниците е тоа што сите овие извршени кривични дела се извршуваат со висока доза на агресивност, вандализам, свирепост, што на моменти дава резултат кој вели дека штетата која се предизвикува при провалата во некој објект е поголема од штетата која се прави со крадењето на одреден предмет. И тука, како и кај многу други видови на криминалитет, се потврдува фактот дека криминалитетот и генерално е машка појава, односно, малолетните машки престапници се во значителен поголем број од женските малолетници кои посегнуваат по криминалот.

И да резимираме за феноменологијата со една од најбитните феноменолошки

карактеристики, а тоа е, прво, односот на малолетните деликвенти кон образованието и состојбата во која се наоѓа семејството на малолетниот деликвент.

Кога сме кај образованието, не можеме да зборуваме за нивото на образование бидејќи тука станува збор за малолетни лица кои се веројатно или во основно или средно училиште, што нивото на образование во феноменолошката анализа делумно изостанува, бидејќи дефинитивно можеме да зборуваме за нивното позитивно или негативно расположение кон школото и кон претпоставените лица во училиштето и неговите соученици.

Па најчесто кај малолетните деликвенти се забележува негативен однос кон образованието и кон училиштето што се манифестира со бегање од часови, слаби оцени, непокажување на интерес кон наставата и професорите. А кога се работи за семејството, мора да се обрне внимание на семејниот статус на малолетното лице-сторител на кривично дело. Семејството на ваквите лица најчесто се карактеризираат со непотполност, разореност, деградација и дезорганизараност во семејството, кои се карактеристики кои исто така играат улога во формирањето на личноста на малолетникот. Но треба да бидеме претпазливи со тие констатации затоа што бројката од Државниот завод за статистика зборува дека 75 % од малолетните деликвенти потекнуваат од потполни семејства и живеат со двата родителa. Овој факт на појавата и дава подруго значење бидејќи станува збор за способноста на родителите, во современите услови правилно да го водат и воспитуваат своето дете, да му обезбедат услови за развој, контрола, надзор и сл. За оваа оценка индикативен е податокот според кој 86 % родители на малолетните деликвенти немаат образование, имаат ниско образование кое е пониско од она на своето дете-деликвент.

2.2. Етиологија на малолетничката деликвенција

Откако го истраживме и го обработивме полето на облиците и колку што е можно, попрецизно и попластично, разбирливо за секого се обидов да го објаснам, дојде ред да се префрлиме сега на причините за појавата на малолетничкиот криминалитет[18].

Малолетниците[19], како и возрасните, не се имуни на општествените промени, збиднувања и превирања, па како и возрасните, така и децата реагираат на сè она што нè опкружува. Причините за појавата на малолетничката деликвенција се наоѓаат во едно поле кое, можеби, е едно од најистражуваните полиња и претставува едно многу интересно и клучно поле во криминологијата кое можеби треба уште поинтензивно да се истражува. Полето на причините за појава на малолетничката деликвенција, можеби, во себе го содржат и клучот за причините за појава на целокупниот криминалитет.

Но и покрај сите податоци кои се добиени со бројните истражувања во правец на откривање и дефинирање на појавните причини, ние сè уште немаме конкретни одговори за тоа што може да претставува конкретна причина за појава на малолетничката деликвенција. Ваквата незадоволителна состојба е резултат на карактерот на самата појава која настанува под едновремено влијание на повеќе фактори, но и со фактот што постојат различни теоретски концепти од кои се пристапува кон објаснувањето на малолтничката деликвенција.

За проблематиката да ги опфати сите познати фактори кои можат да доведат до појава на толку негативно општествено поведение кај децата, треба да ги зафати широко и коренито сите можни видови на фактори. За таа цел, криминологијата како наука, прави разлика помеѓу три групи на фактори, а тие се: биофизички, антрополошки и психофизички фактори[20].

Првата група се состои од личности кои се физички и психички неоформени и несозреани, некогаш до тој степен да не се во состојба на расудување дали тоа дејтво што го преземаат може да направи одредена штета врз нечиј живот или имот и слични

[18] П. Аслимовски и А. Станојоска (2015) Криминологија. Битола: УКЛО. Стр. 230
[19] Љ. Арнаудовски. Криминологија. Штип: 2-ри Август Штип, 2007. Стр. 469
[20] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 62

манифестации. Психолошките карактеристики на малолетните сторители на кривични дела кои припаѓаат на оваа етиолошка група имаат тешкотии во емоционално и социјално созревање, преживеани стресови, недостаток на самопочит, негативна идентификација или најчесто искривен модел, негативно влијание на врсници и сл.

Втората група ја чинат малолетни сторители на кривични дела кои најчесто имаат психолошки проблеми од типот намалена интелигентност, малоумност и влијанието на нагоните врз личноста. Овие ориентации остваруваат доста големо влијание врз кривичната постапка, но и врз сфаќањето дека меѓу малолетните деликвенти сè повеќе се сретнуваат лица со недостатоци во биофизичкиот и психолошкиот развој како последица и на неусогласениот физички и психички развој кој најчесто се манифестира со депресија, намалена комуникативност, недоверба кон непознати, желба за доминација, пасивност, ограничени интереси, несигурност, некритичност, недоверливост, садистичко-перверзни стремежи, намалена контрола на полов нагон, отсуство на вина и срам, непочитување на авторитети.

Третата група ја чинат малолетни сторители на кривични дела кои најчесто имаат социјално-економски проблеми од типот на културни конфликти, диференцијална асоцијација и сл. Според проучувањето на третиот вид на етиолошки фактори доаѓаме до информации дека голем дел од кривичните дела кои ги извршваат малолетните сторители доаѓа директно од економскиот статус на младите во општеството и самото општествено окружување како местото каде што се родени и каде израснале, во каква културно-социјална средина израснале, кои навики и обичаи се практикувале во неговото окржување и на крај онаа популарна констатација, а тоа е влијанието на друштвото. Со оглед на тоа што малолетните деликвенти се склони кон извршување на кривични дела од главата на кривичниот законик, кривични дела против имотот, можеме да констатираме дека најголема улога игра економскиот фактор и економската состојба не само на младите лица или малолетниците, туку и на нивните семејства и моќта на нивните семејства да им ги обезбедат сите работи кои на едно дете му се потребни или тоа дете или малолетник смета дека во тој момент му се приоритет и неопходни. Осиромашувањето на општеството, невработеноста, оневозможувањето да се задоволат основните потреби на граѓаните, одредени воени состојби во државата, прилив на бегалци, миграции и др. се причини кои

доведуваат до зголемување на социопатолошките појави, асоцијалното и криминогеното однесување на младите. Осиромашувањето на поголемиот дел од населението, невработеноста, нарушувањето на вредностите на системот, нефункционирањето или лошото функционирање на институциите во државата кај младите доведуваат до состојба на бесперспективност, состојба на фрустрации, чувство на загубеност, а тоа се состојби кои ја зголемуваат, за жал, мотивацијата за да се изврши престап.

На сето ова кога ќе се додаде и сестраниот процвет на современото општество во сите области на живеењето и создавањето на човекот, кој доби најсилен израз преку научниот, техничкиот и технолошкиот развој, преку развојот на информатиката и компјутерската техника, интернетот, телевизијата, достапните медиуми од една страна, афирмацијата на концептот за гаранцијата и остварувањето на слободите и правата на човекот од другата страна, што и не е толку лошо ако се сфати и разбере како целина, но она што изостанува во целата приказна е толкувањето на младите од делот „права и обврски“ тие го прескокнуваат делот со обврските и силно се задржуваат во делот со правата. И тука доаѓаме до моќта на ТВ-емисиите, литературата во кои катадневно младите се сретнуваат со содржини кои веќе со децении, како основна тема го имаат криминалот. Криминалот со децении е тема на многу уметнички дела, книги, документарни емисии и на многу филмови кои се непосредно достапни на децата.

Кај нас, на Балканот, може да се каже дека влијанието на ТВ-емисиите, на документарните емисии и филмови со крими карактер и содржина, или влијанието на мас-медиумите генерално, имаат оставено голема и длабока трага кај младите од различни генерации. Како да постојат одредени генерации кои пораснале под влијание на некој одреден таков филм или некоја одредена емисија во која се презентира животот на „крими јунаци“ кои со самото нивно презентирање и емитување влијаат врз воспитувањето на младите и нивното однесување. Или, попрецизно, како секоја генерација да си има свои „крими јунаци“ со кои израснале.

Имено, преку документарната српска емисија „Видимо се у читуљу“ во која се претставуваат најголемите гангстери на Балканот, младите кои растеле во тој период, конкретно од крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите добиваат погрешни лица кои ги идолизираат и заминуваат во погрешен правец со пореметени морални вредноси. Иако во

таа документарна емисија се кажува, како тие тогашни гангстери ги завршуваат своите животи прерано, односно на 20, 21 и 25-годишна возраст, кај младите остава впечаток нивниот брз живот, достапноста на брзи пари, лесни жени, спортски коли, дрога и алкохол во изобилие. Потоа десетина години подоцна во етерот е пуштен филмот, исто така во српска продукција, „Ране“. Овој филм, на скоро цела една генерација изврши т.н. изместување на сликата, пореметување на вредностите, а младите од тој период идолизирајќи ги главните ликови од тој филм извршуваа кривични дела, а репликите од филмот се сè уште актуелни и доста често се користат, а можам слободно да кажам дека толку многу се навлезени во општиот говор низ целиот Балкан, што со тие реплики се служат и лица кои и никогаш во животот не го гледале филмот. Потоа на овие простори силен печат кај младите, остава серискиот филм од бугарска продукција насловен како „Подприкритие“, кој исто така е со крими тематика. Од овој филм може да се забележи како една цела мафијашка структура функционира на сите нивоа и во сите гранки, а младите кои го гледаа филмот во периодот од 2011 до 2015 година, не само што ги користат репликите на филмските „крими јунаци“ до ден-денес, туку и стана вирална насловната музика на филмот која неретко може да се слушне и како рингтон на мобилните телефони. Цитатите по социјалните мрежи на ликовите од овој филм се секојдневие, а тоа е само уште една потврда на тоа, како овие филмови, влијаат врз децата. Во последно време, во овие две години, во етерот е пуштен нов филм од ваков карактер и со слична тематика кој се вика „Јужни ветар“. За овој филм е најавено и второ продолжение, а исто така и сериска верзија на приказната, што според мене овој филм има голем потенцијал да стави голема инфлуенса врз младите и нивниот нормален развој. Но, исто така, во текот на последниве 20-тина години, силен удел во претставувањето на организираните банди и таков криминален живот може да се види во една од најголемите филмски франшизи во светот, ако може така да се нарече, а тоа е филмот „Брзи и фуриозни“ како и серискиот филм „Долина на волците“ од турска продукција, серија која долги години одеше на една од најгледаните македонски ТВ-станици. Овие слики од филмовите, уметничките дела итн. во голема мера ја формираат основата на стереотипните претстави на јавноста за криминалот. А тоа кај децата влијае многу заводливо. Прави слика која вели дека достапноста на ракошниот живот, со многу пари, спортски автомобили, надвор од сите стандарди е возможна и се наоѓа само на неколку минути

страв кои треба да се издржат во моментите на ограбување на некој сеф, банка, приватен стан, или тој раскош се наоѓа по продажбата на одредена количина наркотици итн.

2.3. Превенција на малолетничката деликвенција.

Малолетната популација [21] која е предмет на анализа на оваа гранка на криминологијата[22] е постојано изложена на влијание од сите природни и општествени појави, а тоа подобро го разработивме и претставивме во претходните неколку глави кога конкретно говоревме за облиците, причините за појава и сите општи карактеристики. Во секое општество се тежнее кон тоа со процесот на социјализација на секое дете да се развие во физички, ментално и социјално здрава личност, која би била надвор од овој живот со лош квалитет кој го нуди криминалот.

Но, во секое општество не е можно сите единки да се развијат како позитивно социјализирани личности. Тоа се должи на сите фактори и околности за кои зборувавме претходно. Па зависно од тоа, кое дете, во кој степен ќе остане имуно од негативното влијание на факторите кои можат да допринесат за појава на криминалитетот, така ќе се оформи како личност и така ќе се развива. Децата, конкретно, се токму тој дел од популацијата кој во процесот на растење може да се однесува деструктивно или деликвентно и просто под одредено влијание, можат да се развијат овие поведенија.

Па знаејќи дека сега се повторувам со горенапишаното околу облиците и причините, но сакајќи да фатам еден континуитет и во овој контекст под превенција ќе подразбираме: прво да се попречи појавата на деликвентно однесување, а доколку дојде до тоа, на време да се интервенира со потребните мерки.

Во секое општество правилната социјализација на најмладата популација треба да биде еден од основните принципи. Општеството мора да се потруди да не дојде до деликвентно однесување на децата. Тоа ќе го направи со вредносно ориентирање на младите лица кон вистинските темелни вредности. Со правилното вредносно ориентирање, децата ќе се изградат во вистински личности во општеството, имуни на секаков вид на

[21] Љ. Арнаудовски. Криминологија. Штип: 2-ри Август Штип, 2007. Стр. 479
[22] П. Аслимовски и А. Станојоска. Криминологија. Битола: УКЛО, 2015. Стр. 305

негативни влијанија и појави кои што се случуваат во општеството.

Би требало, кога се познати појавните облици и појавните причини на малолетничката деликвенција, многу лесно да оди превенцијата. Но сепак, тука станува збор за еден комплициран процес, кој треба да подлежи на силно реформирање и унапредување, но во вистинскиот правец. Иако ние како модерна држава имаме една, можам да кажам, одлична законска регулатива, кога се во прашање децата, сепак имаме проблеми од технички, стручен и за жал, имаме проблем, од политички карактер. Силна партизација во самите институции, доведе до присуство во системот на кадри кои апсолутно немаат никаква стручна подготовка за да се справат со овој проблем, кој пак, е од многу витален карактер за целото општество.

По долги и опсежни, темелни испитувања, сите криминолози и припадници на органите на прогонот доаѓаат до информации за причините кои ја предизвикуваат оваа негативна општествена појава, а со самото тоа се доаѓа и до појавните облици на криминалот. Оттука, јас би си дозволил преку еден предлог да ги насочам оние поискусните безбедњаци, криминолози и научници од кривичноправната наука, да сите наредни, какви и да бидат реформи за унапредување на отпорот против криминалот, да ги насочиме кон анулирање на причините за појавата на криминалот. Сите ресурси, целото знаење да се насочи кон санирање на причините кои доведуваат до појавување на криминалот. Доколку имаме повеќе кривични дела против имотот кои се поттикнати од лошата економска состојба на населението, службениците, докторите, просветните работници итн. нема никаква потреба ние, како држава, да трошиме пари за вработување и за обучување на повеќе полициски службеници, јавни обвинители итн. Ние имаме потреба од санирање на економската состојба на самото општество, отворање на повеќе работни места, изнаоѓање начини како македонските производи да излезат на поширoки пазари со цел да достигнеме поголема побарувачка и подобра продажна цена со цел и постоечките компании да ги зголемат своите капацитети и да се отворат нови работни места со што би се подобрила економската состојба, а со тоа и граѓаните на Република Македонија сами би го одбрале таквиот нормален живот, да работат според своите способности за пристојна плата, отколку животот надвор од границите на законот. Секако дека треба дообука и доедукација на голем процент на расположливиот кадар во правосудните органи и

органите на прогонот, но секако не треба да се трошат дополнителни сретства и енергија на нови кадри, кои само продолжуваат по искривениот пат на старите лошо едуцирани и лошо обучени кадри кои стекнале едни негативни навики во својата работа, што самото по себе резултира со лоши резултати.

Процесот на превенирање[23] на криминалот мора да се одвива уште од најрана возраст. Имено, во текот на образовниот процес, децата треба да бидат поттикнувани да ги избегнуваат сите криминогени фактори и да се насочуваат на правилни и вистински вредности коишто понатаму од нив ќе креираат сериозни личности кои не само што ќе покажуваат одбивност кон криминалот, туку и ќе учествуваат, пред сè во неговото пријавување, а со самото тоа што секој граѓанин ќе пријави кривично дело учествува во процесот на сузбивање на криминалот. Исто така, кога се делува превентивно врз децата во рамките на образовниот систем, паралелно мора да се интервенира и на нивните родители со тоа што на родителите ќе им се даваат конкретни инструкции во кој правец треба да оди воспитувањето на нивните деца во поглед на криминалот, затоа што ако изостани домашното воспитување, воспитувањето во училештето од страна на наставниците не може да го достигне посакуваното ниво. Училишното воспитување мора да оди паралелно со домашното воспитување.

Кога се работи за поставувањето на процесот на превенција, тој мора да започнува уште од најраната школска возраст, од прво одделение. Првиот чекор кој треба да се преземе во поставувањето на превенцијата на криминалот треба да биде поделба на времето на детето. Времето на детето треба да се дели на три дела: време поминато во школото, слободно време и време за спиење. Најмало во број на часови е времето поминато во школото, потоа времето поминато во спиење и најголем број на часови зазема слободното време. Ќе започнам од времето поминато во школото кое иако е најмало по број на часови за детето е најважно. Тука наставниците, професорите, психолозите, педагозите и целиот тим кој работи во училиштата мора да се труди максимално да им се посвети на сите деца. Треба пред сè, да се обезбеди доволен број на персонал согласно со бројот на ученици кои одат во секое школо и да работат со секое дете и буквално да го познаваат одблизу и да го следат развојот на сите нивни карактеристики. Тука мора да

Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 265

земат учество и социјалните работници и инспекторите за превенција и инспекторите од одделот за малолетничка деликвенција при МВР.

Втор по важност дел од времето на едно дете е оној најголемиот период од денот кој се нарекува слободно време. Во слободното време голема улога играат родителите на децата. Слободното време на детето мора да му се организира на начин што постојано мислите и енергијата ќе му бидат насочени кон позитивни работи, креирање на добри работи кои ќе му ја поттикнуваат неговата мисла и креативност. Тука јас би препорачал, покрај домашната задача која оди како секојдневие за секое дете после завршените училишни работи, децата да се испраќаат на одредени курсеви по странски јазици, каде што ќе се развива нивниот мозочен потенцијал, некои дополнителни курсеви по математика, спортско-рекреативни часови, часови во културно-уметнички друштва или посетување на часови каде што може да се поттикне музичкиот талент и симпатија кон некој музички инструмент или кон пеењето. Тука исто така треба да се овозможи редовно посетување на црквата, на верски објекти и воведување во религијата, доколку е возможно и посетување на часови по веронаука и читање литература која не е деструктивна, која е насочена кон зајакнување на духот, мотиваciска и насочена кон позитивни вредности. Доколку добро се организира слободното време на детето, тоа ќе се исцрпува од своите активности и воопшто ќе нема време да ги насочува своите мисли и енергија кон сторување на кривични дела или такви некои слични негативни појави во општеството. Кога тоа дете кое од мали нозе ќе се насочи на еден таков живот кој ќе биде насочен само кон позитивни работи, многу веројатно е кај таа личност да се створи одбивност кон таквите негативни појави како што е криминалот, а од таа личност, многу веројатно е да добиеме една позитивна личност, дисциплиниран професионалец кој тешко може да се зарази од пороци и многу е мала веројатноста тоа лице да изврши кривично дело или да тргне по тој пат.

Во попречувањето и сузбивањето на малолетничката деликвенција, превентивните мерки се неопходни ако се сака децата да бидат благовремено заштитени, особено од деструкциите кои ја деградираат и морално ја уништуваат младата личност. Во оваа област, станува збор за заштита на млади луѓе кои се наоѓаат во процес на ментално и физичко созревање, превенирање со давање на совети од многу области, поткрепено со домашното воспитување и стекнувањето на работна дисциплина ќе направи еден патоказ кој младите

ќе го следат во текот на целиот свој живот, а криминалот ќе биди страно тело во нивните животи.

И конечно јас само како за крај би додал дека со превенирањето на малолетничката деликвенција ние ќе ги превенираме сите видови на криминалитет. Превенцијата мора да се разбере како систем на мерки и активности кои ги преземаат сите субјекти во општеството и државата кои имаат права, должности и одговорности да постапуваат во областа на заштитата на граѓаните од секаков вид деструкции и тоа пред да настанат последиците на нивна и општествена штета. Со подобрување на превенцијата на малолетничката деликвенција ќе имаме видни резултати во намалувањето на криминалитетот како негативен општествен проблем. Успешната превенција претставува најсилно средство и благовремена реакција на општеството во отстранување на причините кои водат во криминалитет, а превенцијата како процес ќе биде уште поефикасен доколку се отпочне со реализирање на што помала возраст кај младата популација.

Глава 3 – Малолетнички криминалитет во Република Македонија

3.1. Малолетничкиот криминалитет во Република Македонија низ броеви

Во продолжение во табелите што следат се наведени податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија од Секторот за правосудство каде што се прават сите статистики на ниво на Република Македонија за кривичните дела кои се пријавени во последните десет години заклучно со 2017 година. За жал, системот во последните две години не е ажуриран, односно во последните две години заостануваат публикациите на Државниот завод за статистика на Република Македонија од Секторот за правосудство, па затоа податоците за 2018 и 2019 година ќе изостанат во ова истражување. За годините кои недостигаат достапни се само партидни податоци кои не можат да бидат дел од ова истражување бидејќи и тоа самото не би било потполно. Во продолжение преку табеларно изразување ќе ги истакнам бројќите кои се однесуваат на пријавени, обвинети и осудени малолетници. Покрај статистиките за пријавените кривични дела, Заводот води посебна статистика за поднесените обвинениј а и се разбира статистика за пресудите. За жал, во

Република Македонија се прави статистика за сторителите на кривични дела, а не за сторените кривични дела, бидејќи може да се случи едно лице да биде сторител на повеќе кривични дела, со што според мене би се добило посериозна и попрецизна бројка околу криминалот во Република Македонија. Впрочем истото важи како и за истражувањето за целокупниот криминал.

Година	**2008**	**2009**	**2010**	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**
Пријавени	1 355	1 519	1 244	1 163	1 001	1 005	972	772	587	578
Обвинети	981	1 030	750	1,002	778	657	712	465	702	554
Осудени	715	748	547	722	556	473	461	348	468	368

Табела бр. 5: Пријавени, обвинети и осудени малолетници сторители на кривични дела во РМ во периодот од 2008 до 2017 година

Извор: Државен завод за статистика – Сторители на кривични дела

Во табелата бр. 5 се истакнати бројот на пријавени, обвинети и осудени малолетници сторители на кривични дела во Република Македонија во периодот од 2008 до 2017 година. Анализирајќи ја табелата број 5, а споредбено со табелата број 1 можеме да заклучиме дека секој 25-ти пријавен сторител на кривично дело од вкупниот број на пријавени во Република Македонија е малолетник. Секое деветто обвинение во нашата држава е обвинение поднесено против малолетно лице. А она што е уште позастрашувачки факт е тоа дека секоја 15-та осудителна пресуда е пресуда која се носи против малолетник. Можеби според некои други теоретичари и споредбено со некои други земји ова и не се толку застрашувачки бројќи, но сепак, според мене ова се фрапантни податоци за чие намалување треба да се заангажираме сериозно и со сета сила и моќ која ја поседуваме како држава и општество.

Како и кај табелата 1, така и тука во оваа табела број 5, може да се забележи доста поголем број на пријави отколку поднесени обвинениј а и пресуди. Тоа се должи на фактот што многу од обичните граѓани не препознаваат што претставува кривично дело, а се разбира не ни мораат да знаат, па оттука пријавуваат и дела кои не припаѓаат на овие. Потоа истото се должи и на тоа што не секогаш пријавеното малолетно лице е способно за да биде кривично гонето, па понатамошната постапка престанува по самото идентификување на лицето сторител. Исто така, во нашата држава малолетниците уживаат поинаква постапка која повеќе предвидува дисциплинско педагошки мерки, кои се

преферираат пред репресивните. Па оттука може да се забележи и помал број на поднесени обвинениja и помал број на пресуди во однос на пријавите. И како за кра,j морам да го напоменам и бодувањето во рамките на Јавното обвинителство кое е пречка плус за покренување на обвинениja од страна на јавните обвинители доколку не се сигурни во самите факти и докази со кои можат да го поткрепат својот обвинителен акт, па од таа причина поднесуваат обвинениja кои им се само солидно поткрепени со докази во кои изостанува или се намалува ризикот тоа обвинение подоцна во постапката да биде отфрлено или да заврши со ослободителна пресуда.

Година	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**

Вкупно	1 005	972	772	587	578
Кривични дела против животот и телото	**66**	**64**	**68**	**53**	**55**
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	5	5	3	11	8
Кривични дела против честа и угледот	-----	-----	**1**	-----	-----
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	19	25	19	4	-----
Кривични дела против здравјето на луѓето	**8**	**23**	**20**	**7**	**15**
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	4	5	2	5	2
Кривични дела против имотот	**745**	**654**	**520**	**399**	**374**
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	8	6	4	4	9
Кривични дела против безбедноста во јавниот сообраќај	**28**	**29**	**33**	**25**	**38**
Кривични дела против правниот сообраќај	-----	1	-----	3	1
Кривични дела против јавниот ред	**117**	**156**	**100**	**66**	**71**
Останати кривични дела	5	4	2	10	5

Табела бр.6: Поднесени пријави против малолетници според групите на кривични дела во РМ во периодот од 2013 до 2017 година

Извор: Државен завод за статистика – Сторители на кривични дела

Година	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**

Вкупно	657	712	465	702	554
Кривични дела против животот и телото	**57**	**52**	**53**	**88**	**39**
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	5	2	2	7	6
Кривични дела против честа и угледот	**-----**	**-----**	**1**	**-----**	**-----**
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	5	17	15	8	3
Кривични дела против здравјето на луѓето	**13**	**6**	**8**	**16**	**9**
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	3	4	6	5	3
Кривични дела против имотот	**500**	**468**	**282**	**429**	**400**
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	4	8	5	4	3
Кривични дела против безбедноста во јавниот сообраќај	**30**	**16**	**29**	**24**	**38**
Кривични дела против правниот сообраќај	-----	-----	1	1	2
Кривични дела против јавниот ред	**34**	**133**	**56**	**113**	**48**
Останати кривични дела	6	6	7	7	3

Табела бр.7: Поднесени обвинениј против малолетници според групите на кривични дела во РМ во периодот од 2013 до 2017 година

Извор: Државен завод за статистика – Сторители на кривични дела

Година	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**

Вкупно	473	461	348	468	368
Кривични дела против животот и телото	**39**	**47**	**43**	**70**	**29**
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	5	-----	2	7	2
Кривични дела против честа и угледот	-----	-----	**1**	-----	-----
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	5	14	13	7	2
Кривични дела против здравјето на луѓето	**12**	**4**	**7**	**13**	**7**
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	3	3	5	4	1
Кривични дела против имотот	**353**	**267**	**198**	**257**	**251**
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	4	6	2	2	2
Кривични дела против безбедноста во јавниот сообраќај	**24**	**14**	**28**	**22**	**32**
Кривични дела против правниот сообраќај	-----	-----	1	1	2
Кривични дела против јавниот ред	**25**	**100**	**42**	**79**	**37**
Кривични дела против бракот, семејството и младината	1	1	-----	2	-----
Останати кривични дела	**2**	**5**	**6**	**4**	**3**

Табела бр.8: Донесени осудителни пресуди против малолетници според групите на кривични дела во РМ во периодот од 2013 до 2017 година

Извор: Државен завод за статистика – Сторители на кривични дела

Во горенаведените табели 6,7 и 8, се изведени податоците за малолетниците

учесници во кривични дела кои се преземени од Државниот завод за статистика. Тука на овие табели можат да се најдат сите пријавени малолетници, сите обвинети и осудени во периодот помеѓу 2013 и 2017 година по глави од Кривичниот законик на Република Македонија.

Она што може да се забележи од табелите е застрашувачко. Застрашувачкото од овие податоци доаѓа од фактот што малолетниците се способни да извршат кривични дела по основ на сите глави од кривичниот законик. Тука единствено изостануваат кривичните дела со злоупотреба на службената положба и други такви кривични дела, и тоа само затоа што малолетниците претежно се невработени или работат на работни места од каде што не можат да ги извршат овие кривични дела кои недостасуваат.

Од податоците во табелите можеме да заклучиме дека малолетниците, убедливо на прво место, се склони кон сторување на кривични дела против имотот. На второ место се наоѓаат кривичните дела против животот и телото, а додека пак на трето место се наоѓаат кривичните дела против јавниот ред и мир и против безбедноста во сообраќајот со незначителна меѓусебна разлика.

Тука мора да се забележи дека учеството на малолетниците во целокупните сообраќајни деликти е со над 30 % учество, што алармира дека треба да се размислува посериозно во иднина за тоа како треба да се постапи во правец на превенција и сузбивање на овој дел од малолетничкиот криминалитет.

3.2. Малолетничка правда

Креирањето систем на правда за децата[24] упатува на потребата од игнорирање на легислативната рамка со цел доминантно место во казнената реакција да имаат мерките на помош, заштита и грижа, односно воспитните мерки и интервенции наместо казнувањето и сместување во установи за деца[25].

Основната цел на ваквиот приод е да се одбегне загрозувањето на правилниот раст и развиток на младите лица во транзитниот период од детство кон полнолетство[26].

[24] С. Димитријоска. Правда за децата. Скопје: ЕУ и УНИЦЕФ, 2012. Стр. 5

[25] В. Камбовски и Т. Велкова. Малолетничка правда. Скопје: Јустинијан Први, 2008. Стр. 85

[26] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 6

Се апострофира[27] потребата за збогатување на можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани децата, што подразбира интеракција и активно вклучување на поширок круг субјекти во кои спаѓаат родителите, училиштето во кои се образува детето, ЦСР, а поведувањето казнена постапка спрема деца да биде случај само за најтешките облици на кривични дела односно кривични дела со фатални последици по животот и здравјето на луѓето, за повторено сторување полесни кривични дела и кога ќе се оцени дека личноста на детето, начинот на сторување на кривичното дело и мотивите од кои се раководело детето го оправдуваат класичниот формален приод во постапувањето на што неизбежно се надоврзува изрекувањето соодветна кривична санкција.

Осовременување и следење на новите трендови во територијата и практиката за положбата на децата во системот на правда за децата доведе до кодификација на општиот дел од материјално и делот од процесното казнено законодавство за деца во еден закон, во кој покрај регулирањето на казниениот систем и казнена постапка спрема деца се опфатени и категориите деца во ризик, заштитата на децата како жртви на кривични дела и превенцијата на детското претстапништво.

Новиот систем за правда на децата бележи фокус врз примарниот интерес за заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој на децата, настојувања да се подигне свеста и поттикне примената на вонзатворски односно алтернативните мерки и мерки со ресторативна природа, при што се води грижа за социјалното чинење на кривичните дела и ефектите што се очекуваат од криминалната контрола. Притоа, особено е важно жртвите да имаат можности за поефикасно остварување на своите интереси, сторителите полесно да се реинтегрираат и да се зајакне довербата на јавноста во казнено-правниот систем во целина. Промените се резултат меѓународните инструменти кои инсистираат на имплементирање методи за социјална интеграција на младите луѓе, организирање специјализирани програми и мерки за помош и поддршка за младите лица во училиштата со цел за нивна подобра интеграција и социјализација.

3.2.1. Начела за правда на децата

[27] www.pravo.org.mk

Ова се основните начела[28] кои се наоѓаат во основата на сите мерки во рамките на правдата на децата и кои треба да бидат земени предвид во текот на било која постапка која се однесува или влијае врз децата.

А. Најдобар интерес

Во сите постапки во кои децата[29] се директно или индеректно вклучени или трпат влијание од кривично-правниот систем, одосновна важност е да се заштити и да се постапува во најдобар интерес на детето[30]. Токму затоа, за секое преземено дејствие мора да се размисли за начинот на кој таквото дејствие ќе влијае врз детето или пак врз група од деца, со цел да се обезбеди заштита на нивниот најдобар интерес. Сите останати општи начела: заштита, правото да се биде сослушан и недискриминацијата, се подеднакво важни при утврдување на најдобриот интерес за едно дете или група на деца. И покрај фактот што задоволувањето на најдобрите интереси на децата секогаш треба да биде од најголема важност, тоа мора да биде сторено на соодветен начин, постигнувајќи соодветна рамнотежа со евентуалните нарушувања на човекови права на некои други деца, група на деца или воздрасни лица.

Б. Заштита

Начелото[31] на заштита на благосостојбата и развојот на децата е поврзано со начелото за нивните најдобри интереси. Тоа ја потврдува потребата од дополнителни мерки и заштита поради ранливоста на децата, како и обврска што ја имаат државите да ја обезбедат таквата заштита. Заштитата на благосостојбата на децата не значи само заштита на детето од било каква штета или повреда, на пример преку вршење редовни посети и контроли на места, каде децата се згрижени или пак законско регулирање на забраната за нивно физичко казнување. Тука мора да постои и еден поактивен пристап и соодветни мерки и постапки на спроведување, за да се обезбеди здрав развој на центрите за згрижување и престој на децата, како и воспоставување на соодветни безбедносни мерки за елиминација на сите негативни елементи кои би можеле да го попречуваат нивниот

[28] С. Димитријоска. Правда за децата. Скопје: ЕУ и УНИЦЕФ, 2012. Стр. 5
[29] В. Камбовски и Т. Велкова. Малолетничка правда. Скопје: Јустинијан Први, 2008. Стр. 29

[30] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 109
[31] www.pravo.org.mk

развој.

В. Право да се биде слушнат/а

Со правото да се биде слушнат/а се гарантира дека секое дете кое е способно да формира сопствено мислење, ќе добие шанса да се изрази слободно и целосно во однос на било кое прашање кое се однесува или влијае врз него. Тоа значи и дека неговиот став или мислење треба постојано да се имаат предвид, притоа имајќи ја предвид неговата возраст и зрелост. На децата треба да им се овозможи да ги изразат сопствените ставови, мислења и грижи и да земат активно учество во текот на судскиот процес (во согласност со нивниот најдобар интерес и преку соодветен законски застапник кога за тоа има потреба). Со цел, да се гарантира ваквото право, на детето треба да му се обезбедат соодветни информации во врска со самиот процес, изборите што му стојат на располагање и можните последици од направениот избор. Методологијата која се користи при испитувањето на децата и самото опкружување во кое се врши истото треба да бидат соодветни и адаптирани кон потребите на секое дете. Еден од важните елементи е проценување на возраста и зрелоста на детето, како и тежината која треба да се даде на неговите или нејзините ставови, мислења, грижи и сведочење во текот на судската постапка.

Г. Недискриминација

Начелото на недискриминација значи дека ниту едно дете не смее да биде предмет на одвојување, ограничување, исклучување и преференцијален третман, врз основа на неговата раса, боја на кожата, пол, јазик, вера, политичко или друго убедување, национална, етничка или социјална припадност, имотна состојба, хендикепираност, место на раѓање или било кој друг статус. Сепак, тоа не значи дека не можат да се преземат афирмативни дејствија со цел да се обезбеди поеднакво исполнување на сите детски права. На пример, земјите ќе треба да обезбедат преференцијален третман за одредени деца, или групи на деца, со цел да ги елиминираат предусловите кои можат да ја предизвикаат или одржуваат дискриминацијата. Државите се должни да се осигураат дека ниту едно дете не е предмет на дискриминација и мораат да воведат соодветни активни мерки за да обезбедат поеднакви можности за сите деца. Ова е особено важно кога се работи за деца

од женски пол и други ранливи групи, каде може да се јави потреба за преземање специјални мерки, за да се обезбеди подеднакво почитување и исполнување на нивните права. На пример, од основна важност е, да се обезбеди специјална здравствена грижа и задоволување на хигиенските потреби за девојчињата за време на згрижувањето или лишувањето од слобода; еднаков пристап за сите деца до образовни и стручни програми; или пак употреба на преведувач и обезбедување на соодветни преведени информации за децата кои говорат друг јазик. Во секоја фаза од контактот што детето го има со кривично-правниот систем, како и при утврдувањето на законодавството и политиките, треба добро да се размисли за положбата на децата. Треба да се обезбеди целосно почитување на правата на сите деца и треба да им се понудат соодветни услуги, без никаква дискриминација. На секој поединечен случај мора да се работи со посебна грижа и внимание и со полно разбирање на проблемите со кои може да се соочува едно дете или група на деца, како резултат на нивниот пол, возраст, раса, хендикепираност итн.

3.2.2. Дефиниции

Дете

Меѓународните стандарди посочуваат дека дете[32] е било кое лице на возраст помала од 18 години. „Детето е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на животот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетноста не се добива порано.“ (*Конвенција на ОН за правата на детето, 1989; Насоки на Советот на Европа за правда по мерка на децата, 2010*)[33]

Малолетни лица

Малолетни се лицата[34] кои сè уште немаат постигнато полн развој или зрелост и се на возраст до 18 години, но понекогаш и до 21 година.

Помладо возрасно лице

Ова е термин кој се однесува на лица кои постигнале полнолетство во согласност со

[32] С. Димитријоска. Правда за децата. Скопје: ЕУ и УНИЦЕФ, 2012. Стр. 3
[33] www.pravo.org.mk
[34] В. Камбовски, В. и Т. Велкова. Малолетничка правда. Скопје: Јустинијан Први, 2008. Стр. 55

законот (вообичаено 18 или 21 година), меѓутоа сè уште немаат достигнато зрелост во друга смисла. Неодамнешните истражувања укажуваат на фактот дека својот полн ментален (како и емоционален) капацитет и зрелост, луѓето најчесто не го достигнуваат сè до 25-годишна возраст[35].

Правда за децата

Концептот за „Правда за деца“[36] ги опфаќа децата кои дошле во судир со законот (односно, деца кои биле посочени, обвинети или препознаени како прекршители на кривичниот закон), децата кои се нашле во улога на жртви или сведоци на криминал, како и децата во ризик од вклучување во кривичноправниот систем (дали поради социјалната положба или бидејќи направиле дело кое би се сметало за криминал доколку би биле на возраст на кривична одговорност). Може да се каже дека ова е сеопфатен концепт, насочен во полза и кон најдобрите интереси на сите деца кои дошле во контакт со правниот и останатите релевантни системи. Тој вклучува различни аспекти, како што се превенцијата, диверзијата, рехабилитацијата, услугите на пружање на помош и поддршка и мерките на заштита. Концептот на правда за децата се разликува од терминот „малолетничка правда“, затоа што не ги опфаќа само децата кои дошле во судир со законот, туку сите деца кои се во допир со законот, на пример деца жртви и деца сведоци.

3.3. Аликативни методи

А. Меѓуагенциска соработка

Упатствата на Комитетот на министрите при Советот на Европа за правда по мерка на децата[37], ја потенцираат потребата од мултидисциплинарен пристап, како гаранција за задоволување на најдобрите интереси на децата[38]. Треба постојано да се поттикнува блиската соработка помеѓу стручните лица кои работат со децата, со цел да се обезбеди целосно разбирање на децата и нивните лични потреби. Во работењето со децата е

[35] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 9
[36] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 96
[37] С. Димитријоска, С. Правда за децата. Скопје: ЕУ и УНИЦЕФ, 2012. Стр. 34
[38] www.pravo.org.mk

потребно да се воспостави соодветен меѓуагенциски пристап, притоа постојано водејќи сметка за доверливоста на постапките кои се однесуваат на децата и ситуацијата во која тие се наоѓаат. Ефективната меѓуагенциска соработка може да значи дека детето ќе добие целосен пристап до сите услуги и помош кои му се потребни и ќе биде ослободено од постојани и континуирани (или различни, или контрадикторни) проценки и поголем број интервенции отколку што се потребни за неговата или нејзината ситуација. Концептот на правда за деца вклучува поголем број различни државни тела и институции, стручни лица, агенции и организации од граѓанското општество, а сите тие треба да остварат еден пристап на меѓусебна соработка, преку кој ќе се обезбеди задоволување на најдобрите интереси на детето.

Б. Ресторативна правда

Кога едно лице ќе изврши кривично дело, тој или таа ја оштетуваат заедницата како целина, како и секоја поединечна жртва[39]. Кривичноправните системи кои се насочени кон казнување прават малку за да ги утврдат овие штети. Тие исто така често не успеваат да ги идентификуваат или утврдат проблемите и ситуациите кои ги навеле сторителот да го стори кривичното дело. Основното начело на ресторативната правда е дека истата да ги промовира концептите на правда, репарација и рехабилитација, наспроти оние на казнување. Ресторативната правда е насочена кон решавање на конфликтот и надоместување на предизвиканата штета, во поголем број ситуации преку поттикнување на оние кои ја предизвикале штетата, да ги сфатат и прифатат ефектите кои ги предизвикале со стореното дело, давајќи им можност за надоместување на предизвиканите последици. Исто така, на жртвите им дава можност да се утврдат претрпената штета и повреди и да оствари соодветна надокнада. Програмите за ресторативна правда се насочени кон остварување на овие резултати, преку поттикнување на лицата засегнати од извршеното дело, вклучувајќи ги тука и жртвата и сторителот, да поразговараат за она што се случило и да дојдат до еден заеднички договор во врска со најсоодветната санкција или последица. Иако санкционирањето е еден од аспектите и на ресторативната правда, акцентот во постапката се става врз надоместувањето на штетите и повредите

[39] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 219

предизвикани со делото, заздравувањето на жртвата или заедницата и обезбедувањето целосна реинтеграција на сторителот.

Дефиниција на ОН за ресторативна правда

Ресторативна правда, на начинот на кој истата е дефинирана од страна на UNODC се заснова врз следниве идеи:

- Секој одговор на стореното дело треба во најголема можна мерка да ја надомести штетата или повредите претрпени од страна на жртвите.
- На лицата одговорни за стореното дело треба да им се укаже дека таквото агресивно однесување е неприфатливо и да ги сфатат последиците кои ги претрпеле жртвата и заедницата.
- Сторителот може и треба да преземе одговорност за она што го има сторено.
- Жртвите треба да ја одиграат сопствената улога во правосудниот систем и да добијат можност да ги искажат сопствените потреби и грижи и да учествуваат во процесот на одредување на најдобриот начин на кој сторителот може да ја надомести предизвиканата штета.
- Заедницата има одговорност да даде свој придонес во правниот процес. Ресторативната правда може да биде особено ефективна во рамките на системот за малолетничка правда. Поради постојаниот психолошки развој на детето, мерките на ресторативна правда е поверојатно да имаат големо влијание на малолетниот престапник, притоа обезбедувајќи и важен образовен аспект. Ресторативната правда претставува еден широк концепт кој може да биде пример во текот на предсудската постапка, пред изрекување на казната, по донесување на пресуда со прогласување на вина, како и во ситуации вон правосудниот систем (како на пример, за разрешување конфликтни ситуации во училиштата или со децата во ризик).

Г. Обезбедување услуги за деца во ризик

Сите деца имаат право да бидат заштитени од повреда. Иако семејството е претпочитано место за децата, понекогаш односите меѓу детето и неговото семејство може да се нарушат. Кога тоа е случај, Ријадските упатства наведуваат дека во заедницата треба да бидат достапни служби што нудат соодветно советување, водење и реактивни

активности за децата и нивните семејства. Особено е важно ваквите услуги да им бидат достапни на сите деца без дискриминација, вклучувајќи ги децата на домородните, мигрантските и бегалските семејства. Меѓународните стандарди нагласуваат дека владите треба да преземат мерки за промовирање на семејна кохезија и хармонија и мерки за одбегнување на одвоеноста на децата од нивните родители, освен ако поради околностите што ја засегаат благосостојбата и иднината на детето нема друга соодветна опција. На пример, се препорачува владините агенции да преземат посебна одговорност и да ги обезбедат неопходните услуги за бездомните или уличните деца. Исто така, треба да се основаат посебни установи заради обезбедување адекватно засолниште за младите лица кои повеќе не можат да живеат дома или кои немаат дом во кој живеат. Поради превалентноста и штетата што произлегува од семејното насилство, Ријадските упатства препорачуваат да се развијат мерки и стратегии што ќе го превенираат семејното насилство коешто влијае и на децата. Семејното насилство често е фактор на ризик видлив во потеклото на ранливите деца и оние кои се во судир со законот.

Д. Избегнување на жигосување (стигматизација)

Бидејќи се работи за предвидување на криминалност, а не за конкретен престап, што е карактеристично за деца во ризик, важно е да се внимава на стигматизацијата која детето може да ја исклучи поради вклучување во програма за превенција. Меѓународните стандарди истакнуваат дека кога се спречува криминал, потребите на детето мора да бидат од примарно значење. Навистина, сите превентивни политики, програми или студии за превенција на кримналот треба да избегнуваат криминализација и казнување на детето за однесување што не предизвикува сериозна повреда за развојот на детето или за другите. На пример, Ријадските упатства бараат земјите да согледаат дека „младешкото однесување или поведение кое не е во согласност со општествените норми и вредности често е дел од процесот на созревање и растење и има тенденција спонтано да исчезне кај повеќето поединци при преминот во полнолетство“. Потоа, се наведува дека во превентивните политики и мерки треба особено да се знае дека етикетирањето на детето како „девијантно“, „деликвентно“ или „предделиквентно“ често може да придонесе кон развивање шаблон на такво однесување.

Ѓ. Неспособност за вршење кривично дело

Некои деца во ризик може да покажат однесување што е „асоцијално“ или има негативно влијание врз оние во нивното општество. Ваквите деца се особено ранливи бидејќи се сметаат за конкретно изложени на ризик таквото однесување може да ескалира во криминална активност. Тие дури може да извршат дела што би биле кривични доколку би биле на возраст на кривична одговорност, но нивната возраст значи дека мора да се сметаат за неспособни да го разберат поимот кривично дело, па затоа се неспособни да го извршат. Меѓутоа, овие деца се изложени на многу поголем ризик да продолжат со ваквите активности како што стануваат повозрасни. Истражувањето сугерира дека „најтешките случаи со малолетнички сторители вклучуваат деца кои многу веројатно покажале проблематично однесување или извршиле престап кога биле помлади“. Всушност, колку порано почне асоцијалното однесување, толку поголема е веројатноста дека детето ќе стане сериозен, насилен и хроничен престапник.

Дефиниција: Асоцијално однесување

Што да се направи со децата кои вршат тешки дела кои би биле кривични кога децата би биле на возраст на кривична одговорност е од пресудно значење? Членот 40 став 3 од Конвенцијата за правата на детето бара државите да се трудат да утврдат минимална возраст под која децата ќе се сметаат дека немаат капацитет да го прекршат кривичниот закон. Ова значи дека децата што вршат престап на возраст под тој минимум не смее да се сметаат за одговорни во кривична постапка. Иако е можно многу мали деца да имаат капацитет да го прекршат кривичниот закон, ако направат прекршок кога се под минималната возраст за кривична одговорност, непобитната претпоставка е дека не може да бидат формално обвинети и сметани за одговорни во кривична постапка. Генералниот коментар бр. 10 бара децата под возраст на кривична одговорност да добијат целосно почитување на нивните човекови права и правна заштита. Во таа смисла, државите во своите извештаи треба да го информираат Комитетот со конкретни детали како се третираат децата под минималната возраст за кривична одговорност (МВКО) утврдена во нивните закони, кога се утврдува дека го прекршиле кривичниот закон или кога наводно го направиле тоа или се обвинети за тоа, и какви видови права и заштита постојат за да им се обезбеди рамноправен и правичен третман како на децата што се на возраст за кривична

одговорност, така и на МВКО.

3.4. Субјекти во кривичната постапка спрема деца

Субјекти на кривичната постапка[40] се лицата и органите кои преземаат определени процесни дејствија според процесната положба што ја имаат и се јавуваат како носители на определени права и обврски во текот на постапката. Поаѓајќи од поделбата на процесните функции во кривичната постапка спрема деца, како главни процесни субјекти се јавуваат судот, јавниот обвинител и детето во својство на обвинет.

Јавниот обвинител и детето во својство на обвинет се странки во кривичната постапка, како потесен поим од процесни субјекти[41].

Странка е субјект кој бара донесување на судска одлука во определен правец односно субјект кон кого е насочена судската одлука.

Странечка способност (**legitimation ad causam**) е апстрактна правна можност да се биде тужител или обвинет во кривичната постапка.

Адвокатот како бранител на детето во својство на обвинет не е странка, но неговото учество во постапката е задолжително.

Постапката спрема дете во својство на обвинет содржи специфика во смисла на посебна улога што во оваа постапка ја има **ЦСР** којшто претставува специјализиран процес учесник без чии дејствија постапката спрема детето ниту може да отпочне, ниту да продолжи и да заврши со законита и правилна пресуда.

Оштетениот, сведоците, вештаците, толкувачите и другите лица кои земаат учество во текот на кривичната постапка претставуваат учесници во постапката.

3.4.1. Надлежен суд во постапка спрема деца

Судската власт ја вршат судовите како самостојни и независни органи кои судат и

[40] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 162
[41] www.pravo.org.mk

своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот на РМ, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Судот во кривичната постапка против полнолетни лица се јавува во својство на процесен субјект кому му е доверена функцијата на пресудување (**ius dicere**) и има право и должност да го спроведува кривичното правосудство и преку одредбите на казненото процесно право да овозможи примена на казненото материјално право врз конкретен случај.

Судската постапка се спроведува спрема дете во судир со законот на возраст од 14 до 18 години, за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок.

Кога во текот на постапката ќе се утврди дека детето во време на извршувањето на дејствие што со закон е предвидено како кривично дело не наполнило 14 години, постапката ќе се запре и за тоа ќе се извести ЦСР, кој понатаму постапува согласно со одредбите за постапување со дете во ризик.

Во постапката спрема деца, доколку со ЗПД поинаку не е определено, соодветно се применуваат одредбите од Законот за крвична постапка и Законот за прекршоците.

Одредбите од ЗПД се применуваат и во постапката спрема лица кои извршиле дејствие што со закон е предвидено како кривично дело како деца, а во време на поведувањето на постапката, односно на судењето не наполниле 21 година, ако до почетокот на главната расправа се утврди дека на тоа лице може да му се изречат санкции за деца.

Главна разлика помеѓу судовите коишто судат во кривичната постапка против полнолетни деца и спрема деца е нивната специјализираност. Имено, ЗПД бара задолжителна специјализираност на судиите во постапката спрема деца, којашто специјализираност се остварува преку специјалните обуки на судиите кои треба да траат најмалку пет дена во текот на годината или во земјата или во странство.

Стварна надлежност. Во Република Македонија нема посебни судови за деца, а надлежност за постапување за кривични дела сторени од деца имаат само основните судови со проширена надлежност.

Во рамките на основните судови со проширена надлежност се основаат специјализирани оддели што ќе постапуваат за одделни видови спорови како што е тоа во случаите како сторител на кривичното дело ќе се јави дете.

Специјализираните судски оддели за криминалитетот на децата формирани во

основните судови со проширена надлежност ги сочинуваат судии за деца, совети за деца и советници за деца.

Судијата за деца, не се избира, туку се распоредува со годишниот распоред за работа, да работи во одделот за деца. Судијата за деца ја спроведува подготвителната постапка, донесува одлуки во надлежност на судија во кривичната постапка, претседава со советот за деца и врши други работи.

Советот за деца во основниот суд е составен од судија за деца и двајца судии – поротници. Судијата за деца е претседател на советот.

Советот за деца во основниот суд одлучува во прв степен во постапка за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела.

Во основниот суд се формира **Кривичен совет за деца** кој решава по жалбите против решенијата на судијата за деца и во случаите предвидени со ЗПД, составен од тројца судии што посетувале обука за престапништво на децата. Во овој кривичен совет не може да учествува судијата за деца кој донел решение против кое е изјавена жалба.

Во специјализираните судски оддели за децата, формирани во основните судови во проширена надлежност, за вршење на стручни работи Претседателот на судот определува по еден социјален работник, педагог или психолог по предлог на ЦСР кои имаат задача да им помагаат на судијата за деца и на советот за деца во водењето на подготвителната постапка и претресот, даваат стручни мислења во однос на одлуката на судот и санкцијата што би требало да се изрече во конкретниот случај, му помагаат на судот во надзорот над извршувањето на изречените санкции и даваат предлози за прекинување со извршувањето или за замена на една санкција со друга.

Советот за деца на апелациониот суд е составен од судија за деца и двајца судии и надлежен е да одлучува за жалбите против одлуките на советот за деца на основниот суд, како и во други случаи определени со ЗПД.

Во Врховниот суд на Република Македонија се формира совет за деца составен од пет судии. Советот за деца решава по редовни и вонредни правни лекови предвидени во овој закон и ја следи судската практика и работи на нејзино унапредување во оваа област и подготвува анализи.

Месна надлежност. Кога станува збор за месната надлежност во постапката спрема деца, месно надлежен, по правило, е судот на неговото живеалиште, а ако детето нема

постојано живеалиште или ако тоа е непознато, судот на прстојувалиштето на детето (**forum domicilli sive residentiae**). Значи, се воочува разликата во смисла на определувањето на месната надлежност кога полнолетно лице е сторител на кривичното дело каде што примарен критериум е местото наизвршување на кривичното дело **(forum delicti commissi).**

Судии – поротници. Во судска постапка спрема децата постои професионална порота. Судиите-поротници се избираат од редот на просветни работници, психолози, педагози, социјални работници и други лица кои имаат искуство во воспитанието и образованието на младите.

3.4.2. Јавен обвинител за постапување спрема деца

Јавниот обвинител е субјект[42] и странка во кривичната постапка која од името на државата дава иницијатива за започнување на кривично гонење за кривични дела кои се гонат по службена должност.

Во кривичната постапка, јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши други работи утврдени со закон. Согласно ЗПД, во постапката спрема деца за дествија што со закон се предвидени како кривични дела, овластен тужител може да биде само јавниот обвинител.

Јавниот обвинител во постапката спрема деца е специјализиран орган со тоа што специјализацијата ја стекнува преку обврската за обуки во траење од најмалку пет дена во годината во земјата и странство.

Начелата на целособразност и опортунитет во постапката спрема децата, му дава широки овластувања на јавниот обвинител да одлучи дали ќе поведе постапка спрема дете кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. Во оваа смисла, јавниот обвинител може да одлучи да не поведе постапка по пријавата за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело сторено од дете над 14 години, за кое е утврдена причина казна или казна затвор до три години. Согласно ова право, надлежиот јавен

[42] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 167

обвинител нема да поведе постапка пред судот иако постојат докази дека детето го сторило дејствието што со закон е предвидено како кривично дело. Доколку јавниот обвинител смета дека не би било целосообразно да се води постапка со оглед на природата на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело и на околностите под кои е сторено, на поранешниот живот на детето и на неговите лични својства, како и кога извршувањето на казната или на воспитната мерка е во тек.

Јавниот обвинител може да одлучи и условно да го одложи поведувањето на постапката пред судот за време на шест месеци под услов во тој рок да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и да ја надомести штетата или на друг начин да ги поправи штетните последици предизвикани со сторување на делото.

Конечно, јавниот обвинител може да одлучи и да не поведе постапка доколку врз основа на извештајот на ЦСР утврди дека е постигната спогодба меѓу детето и неговото семејство и оштетениот за враќање на имотната корист, надоместувањето на штетата или поправањето на штетните последици на делото.

Некоја од споменативе одлуки јавниот обвинител може да донесе само кога ќе оцени дека случајот е јасен, кога ги информирал детето и неговиот законски застапник за последиците од одлуката и кога за тоа постои согласност од детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот, по претходно прибавен извештај од ЦСР.

Пред донесување на одлуката јавниот обвинител може да побара посебен извештај од МВР за околностите под кои е сторено кривичното дело.

За дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои се гони по предлог или приватна тужба, постапката може да се поведе ако оштетениот во рок од три месеци од сознавањето за стореното дело или сторителот, доставил предлог за поведување на постапка до надлежниот јавен обвинител. Сепак, и во случај на вакво кривично дело, за конечното поведување на постапката недлежен е јавниот обвинител. Ако јавниот обвинител не достави барање за поведување на постапка спрема дете, ќе го извести за тоа оштетениот.

Оштетениот може да ја преземе постапката, односно не може да подесе приватна тужба до судот, туку може во рок од осум дена од приемот на известувањето од јавниот обвинител да бара советот за деца на надлежниот суд да одлучи за поведување на постапка.

3.4.3. Бранител

Одбраната[43], како една од трите основни функции во кривичната постапка, претставува процесна активност на спротивставување на обвинението, наполно или делумно одрекување дека е извршено кривично дело и на одговорноста за него, истакнување на аргументи (факти и докази) со кои се побива тезата на обвинението. Таа е збир од оние дејства што во постапката се преземаат со цел да се изнесе сè што е во корист на обвинетиот.

Според Уставот на РМ, секое лице има право на бранител во преткривична и во судска постапка. Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош, согласно Законот за адвокатура.

Одбраната во постапката спрема деца е утврдена на начин што освен сите одредби коишто важат за одбраната на полнолетни лица во кривичната постапка, во постапка спрема децата важат и некои посебни услови кои задолжително мора да бидат исполнети. Во оваа смисла, за да може адвокат да се јави како бранител во постапката спрема деца тој мора најмалку пет дена во текот на годината да следи специјализирана обука за правда за деца во земјата или во странство.

Одбраната на детето во сите фази на судската постапка е задолжителна. За разлика од постапката против полнолетни лица, каде што во случаите на факултативна одбрана, обвинетиот има право самостојно да одлучи дали ќе ангажира бранител или не, во постапката спрема деца, без разлика на кривичното дело кое е сторено, детето мора да има бранител во секоја фаза од постапката.

Бранителот мора да биде од редот на адвокатите. Изборот на адвокатот може да биде од страна на самото дете или неговиот законски застапник, а во случај кога тие сами не ангажираат адвокат, тогаш надлежниот орган (ЦСР, јавниот обвинител или судот) по службена должност ќе одредат адвокат од листата составена од Адвокатската комора на Република Македонија.

Детето може да биде испитувано само во присуство на неговиот бранител. Родителите односно старателите може да присуствуваат на сите дејствија во текот на целата постапка,

[43] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 168

освен ако судот оцени дека таквото присуство може да има штетни последициза неговиот развој.

Важноста на бранителот во постапката се гледа и во многубројните овластувања коишто тој ги има во самата постапка, а кои се неопходни за правилна и сестрана заштита на интересите на детето.

3.4.4. Центар за социјални работи (ЦСР)

Новите приоди во постапувањето подразбираат приспособување на реакцијата кон причините што довеле до стореното[44].

Се поттикнува и идејата за збогатување на можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани децата, што подразбира интеракција и активно вклучување на поширок круг субјекти: училиштето, семејството, социјалните органи, полицијата, јавниот обвинител, а поведувањето официјална казнена постапка спрема деца да биде случај за потешки облици на кривични дела, за повторено сторување полесни кривични дела и кога ќе се оцени дека личноста на детето, начинот на сторување на делото и мотивите од кои се раководел го оправдуваат класичниот формален приод и изрекување соодветна кривична санкција. Основните постулати на правдата за децата се состојат во акцентирање на обврската на заедницата да обезбеди услови за нормален развој и просперитет кои ќе овозможат секое дете да се развива и да се формира како творечка личност, да се обезбеди негова благосостојба, правилен раст и развој.

Во ЗПД, покрај судовите кои како специјализирани се јавуваат како надлежни во постапката спрема деца, законот ги наведува како други специјализирани органи и центрите за социјална работа, јавното обвинителство, МВР и установите за извршување на санкции за деца. ЗПД особена улога им дава на овие специјализирани органи, посебно на ЦСР во превенцијата на детското престапништво како и во постапката за остварување на мерки за помош и заштита кои играат огромна улога во ресоцијализацијата на самото дете без притоа репресивно да го казнува. Ова, всушност е и еден од основните постулати на системот на правда за децата, а тоа е дека кон децата треба внимателно да се постапува со

[44] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 171

примарна примена на мерките на помош и заштита, а сите репресивни санкции да бидат изрекувани во последна инстанца, кога мерките на помош и заштита не може да ја остварат својата цел.

ЗПД им посветува големо внимание и им доверува важни задачи на ЦСР. Предвидено е постапувањето на ЦСР во постапка за определување мерки на помош и заштита, посредување заради обештетување меѓу детето и оштетениот, давање мислење и извештај за правецот во кој треба да постапи јавниот обвинител при постапката за посредување и порамнување, и тоа во фазата пред започнувањето на официјалната постапка, како и односот на ЦСР со јавниот обвинител и судијата за деца по започнувањето на постапувањето.

ЦСР има соодветна улога и во останатиот дел од постапката спрема деца како и во однос на извршувањето на воспитните и алтернативните мерки.

Во однос на воспитните мерки, ЦСР има овластување да врши засилен надзор кога за тоа има потреба согласно чл. 43 од ЗПД, односно ако родителите или старателите не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на ЦСР. Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде пократко од една ни подолго од три години. За времетраењето на мерката детето и натаму останува да живее кај своите родители или кај другите лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши ЦСР. Ако детето не може да остане во семејството со кое живеело, ЦСР ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото образование или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

Исто така, во случај да се определени посебни обврски кај надзорот на детето, ЦСР може да му предложи на судот, да ги измени или укине посебните обврски што ги одредил. ЦСР врши постојан надзор и му помага на детето во исполнувањето на определените обврски, соработува со родителите односно старателите и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски согласно чл. 44 од ЗПД.

ЦСР е надлежен да им укаже помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето, со практични совети треба да го поттикнува и да му помага

на детето во нивното исполнување, да соработува со родителите односно старателите и повремено, а најмалку еднаш на три месеци, да го известува судот за состојбите со исполнувањето на определените обврски. Доколку пак судот на детето му изрече алтернативна мерка општокорисна работа, тогаш надзорот над исполнувањето на работните обврски на детето врши ЦСР кој е должен повремено, а најмалку еднаш месечно, да го известува судот за извршувањето на мерката.

Важноста на ЦСР се гледа и во значењето на неговите извештаи. Овие извештаи се особено битни затоа што со нив се укажува на семејни, образовни, здравствени, социјални, економски, социопатолошки и слични состојби во кои детето се наоѓа односно живее, како и околностите под кои е сторено кривичното дело. Сите овие информации и содржини во извештаите го олеснуваат судското одличување, односно му помагаат на јваниот обвинител да одлучи дали ќе предлага подготвителна постапка или ќе одбере некој од неформалните (диверзиони) облици на постапување кој ќе го оцени како најсоодветен за конкретното дете во ризик.

ЦСР е орган без којшто постапувањето спрема децата не би можело да се одвива и да ги даде посакуваните резултати. Ниту јавниот обвинител ниту судот не може да се впуштат во одлучување без претходно да го консултираат ЦСР. Ова е од причини што и на јавниот обвинител и на судот му се потребни наодот и мислењето од стручниот тим составен од психолог, педагог, социјален работник во однос на постоењето определени ризик фактори, нивно препознавање, осмислување на соодветна реакција со цел нивно неутрализирање, отстранување, оневозможување тие во иднина да предизвикаат проблеми во поведението на детето.

ЦСР, во однос на делокругот на работа влегува во рамките на секторот за социјална заштита при министерството за труд и социјална работа. Согласно законската регулатива, ЦСР функционира како стручна установа со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита.

Меѓународните документи кои се занимаваат со дефинирање на препораките во однос на заштитата на детето укажуваат на тоа дека за младите лица е особено важно постапувањето да се одвива во природната средина на детето, онаму каде што тоа се чувствува сигурно и заштитено. Оттука е настојувањето за вонинституционален третман со методите на партиципативност и интерактивност. Ова е нужно бидејќи реакцијата мора

да ја следи зрелоста на детето, која не секогаш коинцидира со неговата возраст, и способноста да го сфати стореното и она што мора да се преземе како реакција со или без конкретна интервенција. Важноста на раното психосоцијално дејствување, од една страна, се поврзува со фактот што младите лица се во процес на психофизичко развивање и проблемите со социјализацијата може да придонесат за скршнување кон криминално однсување, а од друга страна, со сознанието дека оној што дошол во судир со законот на рана возраст и не бил соодветно третиран е во опасност да се впушти во сериозни облици на казнени дела уште додека е дете.

И како за крај на овој дел, сите мерки за обезбедување на присуство може да му се изречат на детето по претходно прибавено мислење на ЦСР, што се однесува и натамошните одлуки за продолжување на траењето на овие мерки.

3.5. Санкции спрема децата

Системот на санкции[45] спрема децата[46] што ги предвидуваат одделни држави се резултат од влијанието на меѓународните инструменти на ООН и на СЕ кои имаат за цел да ги постават основните стандарди и начела во однос на санкциите во домицилните системи на правда за децата[47]. Во контекст на санкциите спрема децата внимание заслужуваат: Препораката на Советот на Европа Р(97)12 за кадрите задолжени за спроведување на санкции или мерки; Препораката на Советот на Европа ЦМ/РЕЦ(2008)11 за европските правила за малолетни престапници и субјекти на казнени санкции или мерки; Препораката на Советот на Европа Рец (2000)22 за унапредување на примената на европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата; Препорака на Советот на Европа Рец (2003) 22 за условниот отпуст; Препораката на Советот на Европа ЦМ/РЕЦ(2010)1 за пробациските правила[48].

Во Република Македонија постои конкретна категоризација на децата во различни групи, во зависност првин од нивната возраст, а потота и од тежината на кривичното дело

[45] В. Камбовски и Т. Велкова. Малолетничка правда. Скопје: Јустинијан Први, 2008. Стр. 26
[46] Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски. Пенологија.Скопје: УГД,Штип, 2013. Стр. 329

[47] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 135
[48] Македонско пенолошко друштво. Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија. Скопје: 2018 година. Стр.71

и санкцијата предвидена за него, но и психофизичката состојба во која се наоѓа детето, неговата зрелост и способност да ги сфати последиците од сопствените дејствија, се основа за различен казнено-правен статус на децата. Во зависност од ваквата категоризација, во системот на правда за децата се предвидени различни видови санкции во зависност од различните категории на возраст и тежината на стореното кривично дело.

Според ЗПД во Република Македонија предвидени се три видови на санкции спрема деца и тоа: воспитни мерки, алтернативни мерки и казни[49].

Во однос на категориите деца спрема кои може да се определат санкциите ЗПД ги содржи следниве специфичности:

- На дете од 14 до 16-годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат само воспитни мерки;
- На дете од 16 до 18-годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка;
- Дете од 16 до 18-годишна возраст може да биде ослободено од казна под општите услови определени со КЗ;
- На дете за дејствие кое со закон е предвидено како прекршок може да му се изречат прекршочни санкции определени со ЗПД;
- На дете му се изрекуваат мерки на безбедност под условите определени со КЗ и со ЗПД;
- Конфискација на имот и имотна корист и предмети прибавени со дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци на деца се врши согласно со општите услови утврдени во КЗ.

3.5.1. Воспитни мерки

Восптните мерки[50] се казнено-правни санкции што се состојат во заштита, помош,

[49] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 40
[50] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 143

надзор, стручно оспособување и развивање на личната одговорност на детето и имаат за цел негово воспитување, превоспитување и правилен развој. Се работи за санкции раководени исклучително од идејата за превенција[51].

Постоењето на овие мерки[52] е во согласност со основните начела содржани во европските правила за децата сторители на кривични дела подложени на санкции и мерки, според кои санкциите и мерките што се изрекуваат и нивната имплементација треба да се засноваат на принципите на социјална интеграција и образование, а со цел за спречување идно повторништво.

Воспитните мерки[53] може да му се изречат на дете на 14-годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. При изборот на воспитната мерка судот ќе ја земе предвид возраста на детето, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, наклонетостите, побудите од кои го сторил дејствието, дотогашното воспитување, средината и приликите во кои живеел, тежината на стореното дејствие, дали спрема него порано била изречена воспитна мерка или казна затвор за деца и сите други околности што влијаат врз определувањето на видот на мерката за постигнување на нејзината цел определена со закон. Воспитните мерки претставуваат кривични санкции со кои примерно се реагира на кривичните дела извршени од деца. При определување на воспитни мерки детето не се огласува за виновно, со оглед на фактот што примарна цел е утврдувањето на степенот на душевната развиеност и зрелост на детето, приликите во кои живее и околностите во кои се развива.

Како воспитни мерки кои може да се изречат се:

- Укор или упатување во центар за деца;
- Засилен надзор од страна на родителот, односно старателот;
- Засилен надзор од страна на згрижувачкото семејство или
- Засилен надзор од страна на ЦСР.

Заводските мерки се упатување во воспитна установа или воспитно-поправен дом.

3.5.1.1. Укор или упатување во центар за деца

[51] Македонско пенолошко друштво (2018) Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија. Скопје: 2018 година. стр. 93
[52] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 43
[53] Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски. Пенологија.Скопје: УГД, Штип, 2013. Стр. 335

Укорот[54] или упатувањето во центар за деца се изрекува спрема дете кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако се јавува како сторител на дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело од непромисленост или лекомисленост[55].

Укор[56] се изрекува ако судот оцени дека е доволно и само прекорување на детето за стореното дејствие. Притоа, при изрекувањето на укорот на детето ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди дека во случај на нејзино повторување спрема него може да биде изречена друга санкција.

Кога судот ќе оцени дека е недоволно на детето само да му се укаже на штетноста на неговата постапка, туку ќе оцени дека се потребни соодветни краткотрајни мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето, ќе изрече мерка ***упатување во центар за деца*** којашто може да има неколку алтернативни модалитети на спроведување, при што престојот во центарот за деца може да изнесува:

- Определен број часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едноподруго, или
- Определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец, или
- Непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена.

Со оглед на заложбата на ЗПД при одмерување на санкциите да се одбегнуваат непотребни ограничувања на правата на детето и да се обезбеди заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој на детето. При изрекувањето на оваа мерка судот треба да води сметка при упатување на детето во центар за деца детето да не изостане од редовната настава или од работа, доколку е вработено. Во центарот за деца, детето ќе врши работи што одговараат на неговата психофизичка состојба. Кога ќе изрече упатување во центар за деца, судот може да определи за време и по извршувањето на оваа мерка детето да се стави по засилен надзор на ЦСР, за период кој не може да биде подолг од шест месеци.

[54] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 145
[55] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 44
[56] Љ. Арнаудовски, Љ. и А. Груевска-Дракулевски. Пенологија.Скопје: УГД, Штип, 2013. Стр. 325

3.5.1.2. Мерки на засилен надзор

Мерките на засилен надзор[57] се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од средината во која живее, се образува и работи. Како мерки на засилен надзор[58] на детето може да му се изречат следниве мерки[59]:

- Засилен надзор од страна на родителите односно старателите,
- Засилен надзор од страна на згрижувачко семејство, или
- Засилен надзор од страна на ЦСР.

При изрекување на некоја од воспитните мерки на засилен надзор, судот може на детето да му определи една или повеќе посебни обврски ако тоа е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка. Во рамките на пропишаните обврски спаѓаат:

- Да му се извини лично на оштетеното лице,
- Да ја поправи или надомести штетата предизвикана со стореното дејствие,
- Редовно да го посетува училиштето,
- Да не изостанува од работното место за деца над 15 години,
- Да се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила за деца над 15 години,
- Да прифати работа за деца над 15 години,
- Да му забрани употреба на алкохолни пијалаци, дрога и други психотропни супстанции,
- Да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште,
- Полезно да го користи слободното време,
- Да се контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност,
- Да се остручи и преквалификува заради задржување на работното место што го зазема или за создавање претпоставки за вработување за деца над 15 години,
- Да овозможи увид и да прифати совети во врска со распоредувањето и трошењето

[57] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 146
[58] Л. Нанев, Л. И О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 44
[59] Љ. Арнаудовски, Љ. И А. Груевска-Дракулевски. Пенологија.Скопје: УГД, Штип, 2013. Стр. 341

на платата и другите приходи што ги остварува,

- Да се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација,
- Да се вклучи во определена спортска, културно-забавна организација или здружение со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи и
- Да му се забрани движење без придружба на неговите родители односно старатели од 22:00 часот до 5:00 часот.

Судот може, по предлог на ЦСР, да ги измени или укине посебните обврски што ги определил. При определувањето судот посебно ќе им укаже на детето и на неговите родители односно старатели во случај тоа да не ги исполни обврските, мерката може да му биде заменета со упатување во центар за деца или со заводска мерка. Во меѓувреме, ЦСР врши постојан надзор и му помага на детето во исполнувањето на определените обврски, соработува со родителите, односно старателите и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски.

Засилен надзор од страна на родителите односно старателите. Во случај кога судот ќе оцени дека родителите односно старателите пропуштиле, а биле во можност да вршат надзор на детето, изрекува мерка на засилен надзор од страна на родителите односно старателите. Кога судот ќе ја изрече оваа мерка, им наложува на родителите односно на старателите определени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на детето, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да им даде и потребни упатства. Судот дополнително ќе одлучи за престанок на оваа мерка со тоа што тоа не може да трае помалку од една година ниту подолго од три години.

Засилен надзор од страна на згрижувачко семејство[60]. Ако родителите односно старателите на детето не се во можност да вршат надзор над него или ако тоа основано не може да се очекува од нив, детето ќе му се предаде на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него. Извршувањето на оваа мерка ќе се запре кога родителите односно старателите на детето ќе се здобијат со можност да вршат засилен надзор над него или кога според резултатите на воспитувањето и превоспитувањето ќе престане потребата од засилен надзор.

[60] Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски. Пенологија.Скопје: УГД, Штип. 2013. Стр. 344

Засилен надзор од страна на ЦСР. Ако родителите односно старателите не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на ЦСР.

Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде пократко од една ни подолго од три години. За времетраењето на мерката детето и понатаму останува да живее кај своите родители или кај други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши ЦСР. Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, ЦСР ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за негово школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

3.5.1.3. Заводски мерки

Заводските мерки[61] се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина[62],

Траењето на овие мерки не може да биде подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години[63].

Како заводски мерки кои може да му се изречат на дете се:

- Упатување во воспитна установа и
- Упатување во воспитно-поправен дом.

Упатување во воспитна установа. Судот може да упати во воспитна установа дете врз кое треба да се обезбеди постојан надзор од страна на стручни лица (со стручна и школска подготовка за воспитувачи) заради воспитување, превоспитување и правилен развој.

Во воспитна установа детето останува најмалку шест месеци, а најмногу три години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење туку за тоа одлучува дополнително.

[61] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 148
[62] Македонско пенолошко друштво. Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија. Скопје: 2018 година. стр. 93
[63] Л. Нанев. И О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 46

Упатување во воспитно-поправен дом[64]. Дете спрема кое треба да се применат потрајни и засилени мерки за воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, судот може да го упати во воспитно-поправен дом. При одлучувањето дали ќе ја изрече оваа мерка судот посебно ќе ја земе предвид тежината и природата на стореното дејствие и околноста дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца. Во воспитно-поправен до детето останува најмалку една година, а најмногу пет години, односно до наполнети 23 години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење, туку за тоа дополнително одлучува. Судот ја преиспитува потребата од престој во воспитно-поправниот дом секоја година, по службена должност, по предлог на јавниот обвинител или по предлог на воспитно-поправниот дом.

3.5.2. Алтернативни мерки

Под влијание на меѓународните документи кои промовираат мерки кои немаат за цел институционален третман, туку значат наметнување обврски или забрани без лишување од слобода, и македонскиот законодавец се определи за прифаќање на алтернативните мерки. Алтернативните мерки се дел од КЗ близу една деценија, а дел од нив може да се применуваат кон деца[65].

Целта на алтернативните мерки[66] е спрема кривично одговорното дете над 16-годишна возраст да не се примени казна кога тоа не е нужно заради спречување на вршење на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и кога може да се очекува дека предупредувањето со закана за казна и примената на мерки на помош, заштита и надзор на слобода доволно ќе влијае врз неговото воспитување, превоспитување и правилен развој. На кривично одговорно дете над 16-годишна возраст за стореното дејствие што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат следниве алтернативни мерки[67]:

- Условна осуда со заштитен надзор,
- Условно прекинување на водење на постапка спрема детето и

[64] Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски. Пенологија.Скопје: УГД,Штип, 2013. Стр. 347
[65] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 151
[66] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 48
[67] Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски. Пенологија.Скопје: УГД,Штип, 2013. Стр. 361

- Општокорисна работа.

Одредбите од КЗ за алтернативните мерки се однесуваат и на нивното изрекување на деца над 16-годишна возраст, доколку со ЗПД поинаку не е определено.

Алтернативна мерка судот може да изрече само кога постои изрична и слободно изразена волја на детето во постапка во која се почитувани неговите права.

Условна осуда со заштитен надзор. Оваа алтернативна мерка, судот може да ја изрече кога на детето му е утврдена казна затвор во траење до три години или парична казна. Ако на детето му е утврдена и казна затвор за деца и парична казна, судот може да изрече условна осуда за двете казни или само за казната затвор за деца. Времето за проверување судот го определува во траење кое не може да биде пократко од една ниту подолго од три години.

Заштитниот надзор се состои во една или повеќе обврски кои се идентични со обврските што може да се изречат кај воспитните мерки на засилен надзор, за кои детето е должно да се придржува во времето за проверување. Помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето врши ЦСР кој е должен со практични совети да го поттикнува и да му помага во нивното исполнување, да соработува со родителите односно старателите и повремено, а најмалку еднаш на три месеци, да го известува судот за состојбите со исполнувањето на определените обврски.

Судот ќе ја отповика условната осуда со заштитен надзор ако детето во времето за проверување не ги исполнува обврските определени од судот или стори едно или повеќе дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои е утврдена казна затвор за деца во траење подолго од три години, или ако по изрекувањето на условната осуда со заштитен надзор утврди дека детето извршило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело пред да биде изречена условна осуда со заштитен надзор и дека е неопходна казна за претходно сторените дејствија што со закон се предвидени како кривични дела.

Условно прекинување на постапката. Оваа алтернативна мерка судот може да ја определи спрема дете над 16-годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до пет години, ако детето изразило каење за извршеното дело, ако ги отстранило последиците на делото, ако ја надоместило штетата или се помирило со оштетениот, кој е согласен со прекинувањето на

постапката, по услов во рок од две години детето да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

Општокорисна работа. Судот на кривично одговорно дете над 16-годишна возраст кое сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години може да му изрече мерка на општокорисна работа во траење од пет до сто часа кога е потребно со оваа мерка да се изврши воспитно влијание врз личноста и поведението на детето. Надзор над исполнувањето на работните обврски на детето врши ЦСР кој е должен повремено, а најмалку еднаш месечно, да го известува судот за извршување на мерката. Ако детето не ги исполнува или неуредно ги исполнува наложените работни обврски, судот ќе ја замени оваа мерка со мерката упатување во центар за деца или со мерка на засилен надзор, по условите предвидени за нивното изрекување, земајќи го предвид делот од обврските што е веќе исполнет.

3.5.3. Мерки на безбедност

Во определени случаи во зависност од својствата на детето се наметнува како неопходно тоа да се подложи на соодветен медицински третман односно лекување. Мерките на безбедност се уредени со КЗ, а ЗПД содржи само определени специфики во однос на децата. Целта на мерките на безбедност е да се отстранат состојбите или условите што може да влијаат детето во иднина да врши кривични дела[68].

Од мерките на безбедност[69] предвидени во КЗ, спрема децата може да се определат следниве три вида[70]:

- Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа,
- Задолжително психијатриско лекување на слобода,
- Задолжително лекување на деца од зависности.

Спрема непресметливо дете под услови утврдени со КЗ може да се изрече мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително психијатриско лекување на слобода.

[68] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 154
[69] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 49
[70] Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски. Пенологија.Скопје: УГД,Штип, 2013. Стр.363

Мерка на безбедност, по правило, може да се изрече спрема дете, под услови утврдени со КЗ, но кон воспитната мерка или казната затвор за деца.

Но, ако се работи за дете зависник, спрема него судот може да изрече мерка на безбедност, задолжително лекување на деца од зависности и без изрекување на воспитна мерка или казна.

Во случај кога мерката задолжително лекување на деца од зависности се изрекува со воспитна мерка или казна, таа се извршува во специјализирано одделение на установата. Времето поминато во установа за извршување на мерката на безбедност се засметува во изречена казна затвор за деца или заводска мерка.

По извршувањето на мерката на безбедност, судот ќе одлучи дали ќе продолжи извршувањето на казната затвор за деца и заводската мерка.

3.5.4. Казни

Поаѓајќи од определбата на ЗПД дека секогаш треба да им се дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки, казните[71] се сметаат за најстрога казнена реакција која се надоврзува на најтешки облици на кривични дела. Казна може да се изрече спрема кривично одговорно дете над 16-годишна возраст само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка[72].

Под условите определени со ЗПД, на дете во судир со законот на возраст над 16 години може да му се изрече една од следниве казни:

- Затвор за деца
- Парична казна
- Забрана на управување со моторно возило од определен вид и категорија или
- Протерување на странец од земјата.

Затвор за деца. Затворот за деца може да се изрече само како главна казна и тоа на дете кое е кривично одговорно над 16-годишна возраст, кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор од 5 години или потешка

[71] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр.50
[72] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр. 155

казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот. Ваквите околности не оправдуваат да се изрече воспитна мерка. Затворот за деца, не може да биде пократок од 10 години, а се изрекува на полни години или на половина година.

При одмерување на казната, судот не може да изрече затвор за деца во траење подолго од казната пропишана за тоа дело, но судот не е врзан за најмалата пропишана мера на таа казна. Воедно, при одмерување на казната затвор за деца, судот ќе ги земе предвид сите релевантни околности што влијаат врз големината на казната, водејќи посебна сметка за душевната развиеност на детето и за времето потребно за негово воспитување, превоспитување и стручно оспособување.

Детето кое издржува затвор за деца може да се пушти на условен отпус ако издржало една третина, но не пред да издржи една година од изречената казна доколку превоспитувањето е успешно. Ако на детето му е изречена казна затвор за деца до две години и шест месеци, може да се пушти на условен отпус на една третина од изречената казна. За време на условниот отпуст судот му определува мерка на засилен надзор од страна на ЦСР во определено траење, кое може да биде и пократко од делот на неиздржаната казна. Судот[73] може да го продолжува траењето на засилениот надзор до една година по времетраењето на казната, но најмногу до наполнување на 21 година на осуденият. Судот ќе го отповика условниот отпуст ако осуденото дете не ги исполни обврските предвидени со засилениот надзор или ако додека е на условен отпус стори едно или повеќе дејствија предвидени со закон како кривични дела за кои е изречена казна затвор за деца над две години. Ако детето сторило дејствие со закон предвидено како кривично дело за кое му е изречена казна до две години затвор за деца или парична казна, судот може да го отповика условниот отпуст, заемајќи ја предвид сродноста на сторените дела, нивното значење, побудите од кои се сторени и другите околности што укажуваат на определеноста за отповикување на условниот отпуст. Кога судот ќе го отповика условниот отпуст ќе изрече една казна, земајќи ја порано изречената казна како веќе утврдена. Кога судот нема да го отповика условниот отпуст тој се продолжува за времето кое осуденото дете го поминало на издржување на казната затвор за деца изречена за новото дело.

Парична казна. Паричната казна по правило е главна казна, освен за дела сторени од

[73] Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски. Пенологија.Скопје: УГД,Штип, 2013. Стр. 359

користољубие, кога паричната казна може да се изрече како споредна казна заедно со казната затвор за деца или со условна осуда со заштитен надзор.

Паричната казна се изрекува во дневни глоби. Бројот на дневни глоби не може да биде помал од една ниту поголем од 120 дневни глоби. Во однос на одмерувањето и извршувањето на паричната казна соодветно се применуваат одредбите од КЗ.

Наплатената парична казна судот може да ја замени со мерката општокорисна работа. Една дневна глоба се заменува со три часа општокорисна работа, при што вкупниот број часови општокорисна работа не може да биде поголем од 100 часа. Неплатената парична казна или неизвршената или делумно извршената општокорисна работа како нејзина замена, судот може да ја замени и со мерка упатување во центар за деца, или со мерка на засилен надзор.

Забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија. Оваа казна може да се изрече како главна казна, но и како споредна казна заедно со парична казна, според условите предвидени во чл. 38-в од КЗ.

Протерување странец од земјата. Оваа казна се изрекува под идентични услови како и претходната. Имено, може да се изрече како главна казна, но и како споредна казна заедно со паричната казна, според условите предвидени во чл. 38-г од КЗ.

Глава 4 – Меѓународни документи за малолетнички криминалитет

4.1. Основни принципи

Децата имаат подеднакво право да ги уживаат сите гаранции во сферата на

човековите права, кои им стојат на рапослагање на возрасните лица. (*Универзална декларација за човековите права; Конвенција за правата на детето)*

Во сите активности кои се однесуваат на децата, од примарно значење се најдобрите интереси на детето. (*Конвенција за правата на детето, Член 3)*

Секое дете има право на сопствено мислење и право на слободно изразување на тоа мислење за сите прашања, кои се однесуваат на детето, со тоа што на неговото мислење се посветува должно внимание во согласност со возраста и зрелоста на детето. За таа цел, на детето посебно му се дава прилика да биде сослушано во сите судски и административни постапки кои се однесуваат на него, било непосредно или преку застапникот или соодветен орган. *(Конвенција за правата на детето, Член 12; Упатствата за правда за деца на генералниот секретар на ОН; Пристап кон правда за децата на ОН)*

Државите ги почитуваат правата без било каква дискриминација и без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста, потеклото или друг статус на детето ии неговиот родител или старател и ги преземаат сите потребни мерки, за да се обезбеди заштитата на детето од сите облици на дискриминација. Во сите активности од овој вид, преземените мерки и постапки, треба да го земат предвид и полот на детето. *(Конвенција на ОН за правата на детето, Член 2; Упатства за правдата за деца на Генералниот секретар на ОН; Пристап кон правда за деца на ОН)*

Државите членки треба да се обврзуваат да му обезбедат на детето таква заштита и грижа, кои се неопходни за неговата благосостојба. Сите деца мораат да бидат заштитени од било која форма страдање, во текот на сите законски постапки пред јавни или приватни институции и понатаму и за таа цел, треба да ги преземат сите неопходни мерки. (*Конвенција на ОН за правата на детето; Упатства за правда за деца на Генералниот секретар на ОН;Пристап кон правда за деца на ОН)*

Треба да се унапредува блиската соработка помеѓу различните стручни лица, со цел да се обезбеди сеопфатно разбирање за детето, како и да се изврши проценка на неговата правна, психолошка, социјална, емоционална, физичка и когнитивна состојба. (*Насоки на Советот на Европа за правда по мерка на децата)*

Децата во конфликт со законот, вклучително и повратниците, имаат право со нив да се постапува во насока кон поттикнување на нивна рехабилитација и реинтеграција, и

можноста детето да заземе конструктивна улога во општеството (*Комитет за правата на детето, Општ коментар бр.10)*

Програмите за ресторативна правда, вклучувајќи ја и медијацијата, треба да бидат на распогалање во текот на секоја фаза од кривично-правниот процес. Истите мораат да бидат целосно врз доброволна основа , како за жртвата, така за сторителот и тие мораат да бидат во состојба, во секое време да ја откажат својата согласност и да се повлечат (*Основни начела за употребата на програмите за ресторативна правда во кривичната сфера, Број 6)*.

Глава 5 - Компаративни искуства за малолетничката деликвенција

5.1. Компаративно казнено право

Компаративното казнено право[74] е во голем подем. Тоа е прифатено како ефективен начин за учење на другите правни култури[75], но и унапредување на домашниот правен систем. Светот сè повеќе станува своевиден самопослужувачки сервис на правните култури, во кој младите држави учат од поразвиените демократии со побогати правни традиции. Во таа смисла, особено државите во транзиција го следат и го копираат развојот на казненото право и казнената процедура во САД, Велика Британија, Франција и Германија, а во последно време важен модел за модерна европска казнена постапка стана и Италија[76].

Законодавствата денес главно се развиваат со зајмување, ова не важи само за малите држави, туку важи и за сите останати вклучувајќи ги и сите горе наведени кои благодарение на интернетот и достапноста на информации можат слободно преку пат на статистика да измерат и да воочат на конкретните разлики околу тоа која мерка, кој начин, кој пристап, под кои околности дава одредени резултати. Како добар пример за тоа дека и поголемите држави со поголема правна традиција често, условно речено, зајмуваат од тој

[74] Македонско пенолошко друштво. Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија. Скопје: 2018 година. стр. 34
[75] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 33
[76] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Л. Нанев и О. Кошевалиска. Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први, 2015. Стр.13

глобален послужавник е Германија. Во реформата на кривичната процедура во последните сто и педесет години во Германија се случуваат одредени промени со кои се отстапува од оној нејзин препознатлив инквизаторен систем на водење на кривична постапка.

Имено, тековното казнено процесно законодавство во Европа концепциски е резултат на развојот на системот, што изворно настанал пред повеќе од еден век. Во текот на долгата историја, повеќе или помалку успешно е приспособуван на крупните државно-политички и општествени промени. Казнената постапка на новиот век, во прв ред, мора да ги гарантира човековите права и слободи, успешно да го заштитува општеството од најопасните напади и да овозможи комуникација во меѓународните односи.

Во светот веќе не се прават екстензивни правни реформи без да се испита како се прави тоа во другите држави. Главни закони што служат како модел на новите закони за кривична постапка во Европа се законите за кривична постапка на Италија, Франција, Австрија и Германија, како и акузаторните постапки на САД и Англија, кои се традиционално голема инспирација за сите демократски држави.

Секако инспирацијата не се состои во таканаречениот, уметнички впечаток на постапката, туку се разбира, инспирацијата се должи на резултатите до кои стигнува овој систем.

На прашањето кој систем е подобар, дали акузаторниот или инквизиторниот, не сум сигурен дека ќе најдете некој човек кој со сигурност ќе потврди кој од овие два пристапа е токму тој вистинскиот. Според мене, доколку ги имаме вистинските професионалци во самата постапка, доколку имаме квалификувани судии, тогаш многу лесно можиме да го прилагодиме системот, а уште полесно ќе стигнуваме до суштината на сè она што значи рационално пресметување на фактите и доаѓање до вистината.

Во казнено-правните системи постојат два основни пристапа за да се постигнат целите на рационалното утврдување на фактите: акузаторен и инквизиторен. Акузаторниот пристап, како што е добро познато, се заснова врз активната улога на странките во собирањето и во презентирањето на доказите, при што обврска на обвинителството е случајот да го изнесе пред судот и вината да ја докаже надвор од секакво разумно сомнение. Во инвизиторните системи доминантна улога во целата постапка игра судот. Во претходна постапка се подготвува сеопфатно досие што на судечкиот судија му овозможува да се запознае со деталите од случајот. Тој ќе реши кои сведоци ќе се повикаат

и лично ги испрашува, а обвинителството и одбраната имаат само супсидијарна улога.

Разликите меѓу акузаторниот и инквизиторниот модел се објаснуваат со специфичните општествени и историски фактори што ги обликуваат законите, институциите и постапките. Континенталниот пристап се врзува за централизираната власт, стриктната хиерархија во правосудството и општиот стил на бирократската администрација. Наспроти ова, акузаторните постапки се поврзуваат со недовербата во концентрацијата на власта на либералните традиции што ја ограничуваат државната власт во корист на слободите и иницијативата на поединецот. Со тоа се објаснува и акузаторниот пристап, каде што странките се рамноправни во постапката во која теориски ја имаат контролата, а судот има ограничена улога.

Главните насоки и двигатели на реформите се меѓународните стандарди за човековите права и конституционализмот, од една страна, и порастот на криминалитетот, од друга страна. Развојот на меѓународното право за човековите права значајно влијание врз националните законодавства.

Казнената постапка, повеќе одошто другите правни дисциплини, се потпира врз хармонизацијата на европското право. Политичката причина за ова првенствено се бара во тоа што казнената постапка е битно поврзана со државниот суверенитет, а правилата на казнената постапка ги определуваат односите државниот апарат на принуда и нејзините граѓани.

Движењата кон хармонизација на постапките на целиот континент се поттикнати, пред сè, од големото влијание на Европската конвенција за човековите права и спомнатата пресија за координирање на напорите против заканите на меѓународниот и на транснационалниот криминалитет.

Централна тема на оваа глава е целокупната организираност околу малолетничката правда во земјите кои се со традиционално развиен и напреден правен систем, како и текот на судењето. Без разлика дали се работи за акузаторен, инквизаторен или мешовит систем, кој со примена на бројните реформи е добиен и веќе наметнат и распространет низ целиот континент. Тука ќе стане збор за судските системи во едни од најразвиените земји во светот како и во нашето најблиско опкружување.

5.2. Модели за постапување со малолетници

Компаративните трендови[77] покажуваат дека е сè поголем бројот на држави кои прифаќаат модел на постапување со малолетници кој подразбира избегнување на класичната кривична постапка и санкционирање за сметка на можностите на социјалните, пробациските и образовните служби и начелото на обезбедување на најдобар интерес на детето[78]. Во сè поголем број држави постојат успешни рефроми на полето на малолетничката деликвенција, применувајќи ги повеќе воспитните мерки. Според Бужаровска, во европските држави може да се направи следнава поделба на модели за постапување со малолетниците (Бужаровска, 2006):

- Модел на благосостојба, кој постои во Белгија, Германија, Франција, Полска и скандинавските држави каде основна цел е да му се даде помош на сторителот на делото и преку користење на воспитни мерки да му се обезбеди правилен развој.
- Модел на правичност, каде основна цел е одбегнување да се изречат подолготрајни интервенции и инсистира на процедурална правичност која опфаќа права и гаранции кои мора да ги ужива малолетникот, а санкциите мора да имаат определена содржина.
- Модел на партиципативност, кој подразбира нормален пристап и фаворизира минимална интервенција. Во овој модел не постапуваат правници, туку образовни и социјални тела. Овој модел се користи во Шкотска.
- Корпоративен модел, подразбира меѓуинституционална соработка на полето на малолетничката правда. Најдобар пример за овој приод е Англија каде постојат т.н. *Youth offending teams* како облик на групи составени од социјални работници и службеници од пробациски, полициски и образовни органи кои заеднички постапуваат со цел да се пронајдат најсоодветни решенија за да се надмине настанатата ситуација – извинување, обештетување. *Youth offending team* го следи придржувањето кон обврските и однесувањето на малолетникот.

5.3. Велика Британија

[77] Македонско пенолошко друштво. Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија. Скопје: 2018 година. стр. 17
[78] Л. Нанев и О. Кошевалиска. Малолетничко казнено право. Штип: УГД, 2018. Стр. 38

Во Велика Британија[79] системот на малолетничка правда (Youth justice system) го сочинуваат органите и постапките кои се користат при гонење, обвинување и казнување на лицата под 18 години кои извршиле кривични дела. Основната цел на овој систем е превенцијата на децата и младите лица кои го прекршиле законот. Во однос на возраста за кривична одговорност, според правниот систем во Велика Британија дете под 10 години се смета за неспособно да изврши кривично дело. Пред 1998 година, дете на возраст помеѓу 10 и 14 години се сметало за неспособно за извршување на кривично дело, освен ако обвинителството докаже дека детето знаело за разлика помеѓу добро и лошо. Денес, деца со 10 и 17-годишна возраст се сметаат за способни да извршат кривични дела и не е можно детето да ја избегне одговорноста докажувајќи дека тој/таа не знаел/а за разликата што е добро, а што е лошо. Сепак, детето не треба да биде прогласено за виновно, ако не е способно да се изјасни. Според законот по навршување на 17 години, лицата се сметаат за возрасни.

Согласно Законот за полицијата и Законот за кривичните докази од 1984 година, кога лице на возраст од 10 до 17 години е уапсено и однесено во полициска станица, потребно е службеникот за притвор да го утврди идентитетот на еден од родителот, старателот, локалната власт, негувателот или секое друго лице кое има одговорност за благосостојба на малолетникот, а со цел да ги информира за апсењето. Службеникот за притвор треба да ги информира соодветните возрасни (кои може или не мора да бидат иста личност) за причините зошто е притворено лицето и да побара од возрасните да дојдат во полициска станица за го видат притвореното лице. Малолетното лице не може да се испрашува ниту да се бара од него да потпише писмена изјава без присуство на соодветно возрасно лице.

Во Велика Британија услугата на соодветна возрасна личност се користи кога се бара присуство на возрасна личност за време на полицискиот распит и другите клучни фази од полицискиот притвор на малолетникот. Соодветна возрасна личност можат да бидат родители или старатели, социјален работник или друго одговорно возрасно лице на возраст од 18 години или лице кое повеќе не е вработено во полицијата. Услугата на соодветно возрасно лице може да ја даваат и организации од трет сектор. Доброволците се разместуваат по полициските станици 24 часа на ден за да водат грижа уапсените деца

[79] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Г. Калајџиев, Б. Мисоски, и Д Илиќ. Компаративно казнено процесно право.Скопје: 2-ри Август, Штип, 2011. Стр. 67

коишто се на распит, а коишто немаат родител или старател на располагање за да може да добијат друга соодветна возрасна личност.

Малолетникот обично се суди во Младинскиот суд (Youth Court) кој претставува специјализирана форма на прекршочен суд, надлежен за предмети кои опфаќаат деца и млади луѓе, на возраст од 10 до 17 години. На малолетникот може да му се суди и како возрасен во Судот на Магистрати (adult Magistrates' Court) само ако е тужен од страна на возрасен.

Од 1998 година, полицијата има овластување на малолетникот да му изрече мерка укор (repremind) или мерка последна опомена (final warnings). Мекрата укор се изрекува на малолетни престапници кои првпат доаѓаат во судир со законот, а доколку повторно извршат кривично дело, им се изрекува последна опомена или се покренува постапка, бидејќи едно лице не може двапати да добие укор. Мерката последна опомена се применува само доколку малолетникот претходно не бил опоменат, или ако има добиено опомена, од тој момент па сѐ до извршувањето на кривичното дело поминале најмалку две години, и полициискиот службеник смета дека во конкретниот случај не е постои основ за покренување на обвинение против малолетникот.

Во Велика Британија се развиени и се применуваат различни превентивни програми како што се:

- Вебстер-стратон програма за обука на родители која вклучува обука за родители и вештини за деца чија цел е да поттикнат просоцијално однесување и интерперсонални вештини, на пример, со помош на видеомоделирање, при што родителите добиваат, меѓу другото, неделни сеанси со терапевт од 22 до 24 недели. Околу 140 деца на возраст од три до осум години кои покажале знаци на асоцијално однесување и нивните родители биле распределени во експериментални или контролни групи. Извештаите на родителите покажале дека асоцијалното однесување во експерименталните групи се намалило, додека кај контролните групи не се променило.
- Вклучување на младите и панел за поддршка (Youth Inclusion and Support Panel (YISP) се за деца меѓу 8 и 13 години. Службата беше развиена со нагласок врз превенцијата на вклученост во криминал или асоцијално однесување. За децата да бидат прифатени за проценка во YISP, тие треба да се најдат во четири или повеќе

од факторите на ризик наведени во барањето за упатување. Учеството во проценка на YISP е доброволно, па затоа, младото лице и неговите родители/старатели мора да дадат согласност и да потпишат договор што се испраќа со барањето за упатување. Откако упатот ќе се прифати, ќе се изврши проценка во врска со менталното здравје на детето или младото лице, неговиот статус на ризик, ранливост, злоупотреба на супстанци и родителството. YISP е во целосна усогласеност со процесите на другите служби за деца заради избегнување, дуплирање кај семејствата и добивање усогласена услуга. Проценката на YISP покажува дека тоа е мултиагенциска интервенција и информациите за семејството се споделуват со другите агенции.

Во насока на избегнување на институционализација, формирана е добротворна организација „Детството пред сè“, која обезбедува резиденцијална грижа, специјално образование и семејна поддршка за младите на возраст од 12 до 18 години. Тие имаат четири резиденцијални установи формирани во прекрасна околина со голем имот. Третираат деца кои покажуваат сериозни емоционални и проблеми со однесувањето како резултат од тешкотии со поврзувањето обично вкоренети во траума од раното детство и користат „интегрирана системска терапија“. Овој пристап се фокусира врз исцелување на траумата и овозможување здрави врски и односи при што младите постигнуваат исклучителен исход во секој аспект од животот. Тие креираат терапевтска средина во која работат со децата овозможувајќи им заедно да живеат, да учат и да се развиваат. „Голем акцент ставаме на грижливите и внимателни односи и создавањето чувство на припаѓање“ (УНИЦЕФ, 2010).

5.4. Франција

Во Франција[80], кривичноправната положба на малолетникот е регулирана со Уредба за

[80] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Г. Калајџиев, Б. Мисоски и Д. Илиќ. Компаративно казнено процесно право.Скопје: 2-ри Август, Штип, 2011. Стр. 105

деца деликвенти (од 1945 година, кој постојано се менува). Согласно член 15-1 од Уредбата, судот за малолетници (tribunal pour enfants) на сторителот кој има 10 години може да му изрече една или повеќе алтернативни воспитни санкции кои не може да трае подолго од една година и тоа: конфискација, на различни видови на забрана (забрана да се појавува на местото на злосторството, забрана за приближување на жртвите, забрана за се дружи и контактира со соучесник во криминал) и курсеви за граѓанско воспитување кои имаат за цел да ги едуцираат малолетниците. Во случај на прекршување на овие обврски или насоки, судот за малолетници може да изрече казна од институционален карактер (предвидени во член 15 од Уредбата): упатување во јавна или приватна установа за воспитување и професионално образование; упатување во медицински или психолошка здравствена установа; предавање на служба за помош на децата; и упатување во интернат прилагоден на возраста на малолетни лица.

Француската полиција е обично првата контакт точка на младите со правниот систем, но малолетничките судови се тие кои се надлежни да изречат притвор. Полицијата не може да го држи малолетно лице во притвор без согласност од јавниот обвинител (Wyvekens, 2006).

Постојат различни резидентни објекти за сместување на младите во Франција, од кои некои се повеќе за рехабилитација. Едукативните центри и социјалните детските домови нудат долгорочно сместување, академска и стручна поддршка. Безбедни образовни центри и затворени образовни центри за малолетници се користат за условните казни (Castaignede и Pignoux, 2010). Проблем со ова сместување е дека таквите објекти често се далечни и млади луѓе се одделени од нивните семејства.

Врз основа на една студија со која се анализираат казни изречени во четири малолетнички судови во Франција е утврдено дека судовите наредиле притвор во 16 % од случаите, надзор и условна казна во 64 %, наредби за надоместок на штета во 9 %, грижа, сместување во 5 % и враќање во семејството во 5 % додека во 55 % изрекле казна затвор за повторници (Blatier, 1999).

5.5. Германија

Во Германија[81] посебното законодавство за малолетниците постои уште од почетокот на 20-от век, кога во 1922 година се донесени Законот за малолетничка благосостојба (Juvenile Welfare Act (JWA) Jugendwohlfahrtsgesetz of 1922) кој се применувал за млади лица кои имале потреба од грижа, како и Законот за малолетничка правда (Justice Act (JJA - Jugendgerichtsgesetz) кој уште во 1974 е заменет со h o b закон во 1990 година со што се напушта концептот на репресивни мерки. Новиот Закон се применува на лицето на возраст од 14 до 21 година и предвидува три типа на кривични санкции: мерки на воспитување: дисциплински мерки; и казна за малолетници.

Постојат два вида воспитни мерки:

а) давање на упатства – наредби или забрани кои го регулираат начинот на живот на малолетниците и тоа: да постапува по упатствата во однос на местото на живеење, домување во одредено семејство или во домот, образование или вршење одредена работа; извршување на работните задачи; подложување на надзор на одредена личност; присуство на одредени курсеви; договор со оштетениот; забрана за контакт со одредени лица; забрана за посетување на одредени места и да учествува во предавање на тема сообраќај (чл. 9-10) и

б) обврска за прифаќање помош согласно Социјалниот законик. Германското казнено право предвидува три дисциплински мерки: опомена; давање налог на малолетникот – да ја надомести штетата предизвикана со кривичното дело, да му се извини на оштетениот, да вршат одредени работни обврски, да плати одредена сума на пари во корист на општокорисните институции (член 15).

в) малолетнички затвор – затвор во слободни денови или за време на викендите, затворот во краток рок и затвор на долг рок во траење од една до четири недели (член 16)

Најтешка кривична санкција за малолетници е казната која се изрекува во траење од шест месеци до пет години, а само по исклучок до десет години. Но, дури и тука постојат повеќе можности за пренасочување на кривичната постапка. Така јавниот обвинител во претходната кривична постапка може да се повлече од прогон, во три случаи: 1) без согласност на судијата за малолетници во случај кога делото е такво каде што вината на

[81] Г. Лажетиќ-Бужаровска, Г. Калајџиев, Б. Мисоски и Д. Илиќ. Компаративно казнено процесно право.Скопје: 2-ри Август, Штип, 2011. Стр. 89

сторителот е оценета како незначителна и не постои јавен интерес во гонење на овие лица, 2) ако е во тек за извршување на воспитната мерка за некое претходно кривично дело и 3) ако јавниот обвинител му предложи на судијата за малолетници да му даде само опомена или налог, под услов малолетникот да го признал кривичното дело и ако јавниот обвинител смета дека примената на некои од алтернативните мерки е потребна, и не е препорачливо да се покрене обвинение (чл. 43-46).

Ако кривичната постапка спрема малолетник е веќе покренатa, судијата за малолетници во согласност со државниот обвинител може привремено ја одложи и на малолетникот да му постави краен рок до шест месеци во кој тој е должен да постапи во согласност со одредени насоки и наредби или обврски во согласност со воспитни мерки. Ако малолетникот ги исполнува сите обврски во определениот рок, постапката ќе се запре.

5.6. Словенија

Во Словенија, со Кривичниот законик од 1995 година со член 77 како посебен вид на воспитни мерки се предвидуваат следните насоки и забрани за малолетници: да се извини на жртвата; да се смири со оштетените; редовно да одат на училиште; да се квалификува за одредена работа; да прифати одредено вработување; да се смести во семејство, дом или кое било друго место; да ја заврши работата во корист на хуманитарни организации; да се лекува; да посетува одредено советување; да учествува во програмите од социјална обука; да има завршено курс на познавање на прописите од сообраќајот.

Еден или повеќе од овие мерки, судот може да му изрече на малолетникот, ако тоа е доволно да влијае на него и неговото однесување, при што се цени неговата подготвеност да соработува. Овие упатства и забрани може да траат најдолго до една година.

5.7. Србија

Во почетокот на 2006 година во Република Србија[82] во сила стапува ново малолетничко

[82] Македонско пенолошко друштво. Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца

(материјално, процесно и извршно) кривично право, со што се заокружува реформата на казненото право следејќи ги тенденциите на современата казнена политика на другите европски земји (Франција, Германија, Хрватска) и на посебен и специфичен начин го одредува кривичноправниот статус на малолетникот. Таа специфичност се согледува во повеќе насоки[83]:

А) донесен е Lex specialis – посебен Закон за малолетни сторители на кривични дела и кривичноправна заштита на малолетни лица, со што малолетниците во својата кривичноправна положба целосно се одвоени од статуст на полнолетните лица, вршители на кривични дела. Наведените закони се основни и непосреден извор на малолетничкото кривично право во Србија кое има примат во примената спрема малолетните извршители на кривични дела, а под одредени законски услови и спрема полнолетните лица. Но, како извор на малолетничкото кривично право се јавува и Кривичниот законик на Република Србија, како и сите други правни извори меѓународни договори, судска пракса, подзаконски акти, правна теорија, обичајно право;

Б) одредена е посебна надлежност на окружните судови за постапување во кривични предмети за малолетни сторители на кривични дела;

В) предвидена е задолжителна специјализација на лицата кои во органите на кривичното правосудство учествуваа во кривичната постапка спрема малолетните сторители на кривични дела (со претходна обука и издавање на лиценци сертификати); и

Г) покрај кривичните санкции законот предвидел можност за изрекување посебни мерки на малолетните сторители на кривични дела sui generis – воспитен налог (упатства и насоки) – како средства на ресторативна правда со кои се избегнува порекнување или водење на кривична постапка.

5.8. Црна Гора

Република Црна Гора[84], со Кривичниот закон од јули 2006 година го воведува системот

во судир со законот во Република Македонија. Скопје: 2018 година. Стр. 48
Г. Лажетиќ-Бужаровска, Г. Калајџиев, Б. Мисоски и Д. Илиќ. Компаративно казнено процесно право.Скопје: 2-ри Август, Штип, 2011. Стр. 189

[84] Македонско пенолошко друштво. Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца

на воспитни наредби како алтернативни мерки на ресторативна правда. Една или повеќе воспитни мерки може да му се изречат на малолетниот сторител на кривично дело за кое е пропишана казна затвор до пет години или парична казна.

Постојат два услова за примена на овие мерки: признание дека малолетникот сторил кривично дело и односот на малолетникот спрема извршеното на кривичното дело и оштетениот. За примена на овие мерки одлучува самиот суд или по предлог на јавниот обвинител. Целта на овие воспитни мерки е да не се поведе кривична постапка спрема малолетникот или да се прекине веќе покренатa кривична постапка, при што е потребно со примена на одредена воспитна мерка да се влијае за правилен развој на малолетникот и зајакнување на неговата лична одговорност во иднина да не врши кривични дела. При изборот на мерката, јавниот обвинител или судот ги имаат предвид интересите на малолетникот и на жртвата, водејќи сметка со примената да го попречува редовното школување или вработување на малолетни лица. Мерката може да трае најмногу шест месеци.

Кривичниот законик на Црна Гора ги предвидува следниве воспитни наредби: поправнување со оштетениот, со цел преку надоместување на штетата, извинување, со работа или на друг начин во целост или делумно да ги отстрани штетните последици кои настанале со кривичното дело; да посетува училиште или редовно да оди на работа; вклучување во работата на хуманитарните организации, социјални, локални или еколошки, без надоместок; лекување на зависноста предизвикана од злоупотреба на алкохол или дрога; и вклучување во индивидуални или групни лекување во здравствена установа или советувалиште.

Глава 6: Истражување

6.1. Презентирање и анализа на добиените податоци од истражувањето

во судир со законот во Република Македонија. Скопје: 2018 година. Стр. 64

Пред да продолжиме со анализата од спроведеното истражување, морам да напоменам дека испитувањата за основните карактеристики, броевите за застапеноста за малолетната деликвенција во Република Македонија и официјалните броеви за нејзиното присуство ги изнесов и анализирав нешто погоре во овој магистерски труд.

Она што во рамките на оваа глава ќе го презентирам е анализата од споредбите помеѓу мерките и техниките кои се предвидени во нашето законодавство и техниките и мерките кои се предвидени во меѓународни рамки како и во едни од најразвиените земји во светот и од нашето најблиско соседство.

Потоа сакам да ги презентирам резултатите од истражувањето кое го спроведов јас лично за потребите на овој мој магистерски труд, податоци со кои сакам да ги потврдам изнесените хипотези уште на почетокот на самиот труд.

Како што кажав беше спроведено истражување во кое користев методолошка техника анкетирање, со инструмент анкетен лист. Истражувањето беше извршено врз неслучаен пригоден примерок, кој навистина во Методологијата има многу мала научна тежина, па за таа цел јас ова анкетирање го извршив врз 60 полнолетни граѓани на Република Македонија.

Компаративна анализа. Од насобраниот материјал и од она што го имаме во секој момент достапно на итернет, а што се однесува на преземањето на мерките, техниките, во насока на откривање, превенирање и сузбивање можам да констатирам дека: Правосудниот систем на Република Македонија, а со тоа воедно и кривичната постапка во која се јавуваат деца сторители на дела кои со закон се превдени за кривични дела, а и во постапката во која децата се јавуваат како жртви (тука јас би додал, чисто колку да се знае, дека децата дали како сторители или како жртви, тие и во двата случаја се јавуваат како жртви на криминалот како појава) нема никакви поголеми или некои суштествени разлики со кои може да се каже дека Република Македонија и судскиот систем во Република Македонија заостанува во трката со поголемите демократии или со државите во непосредното соседство.

Мора да се напомене дека Република Македонија е постписник на сите меѓународни документи кои се однесуваат на оваа проблематика, а исто така ратификувани се сите протоколи, препораки, насоки на европската Комисија и на европскиот Совет. Исто така, уште поважно е тоа што сите овие меѓународни документи, препораки, протоколи и

насоки се земени предвид како извори на правото кога е креиран Законот за правда за децата во Република Македонија.

Во продолжение пред да ги изнесам резултатите од моето истражување, сакам да го анализирам и извештајот на Народниот правобранител на Република Македонија што се однесува на спроведување на малолетничката правда и кој извештај самиот по себе е вклучен аларам.

6.2. Анализа на извештајот на народниот правобранител

Народниот правобранител преку посебното Одделение за заштита на правата на децата ги следи состојбите во однос на обезбедувањето, почитувањето и заштитата на уставните и законските права на децата, а особено, правата на децата во поглед на остварувањето на родителското право, правата на децата без родители или без родителска грижа, правата на децата од областа на образованието, правата на децата што се остваруваат во здравствени установи, правата на децата во случај на постапување на органите за внатрешни работи, односно на овластените лица во полицијата и други органи во поглед на нивните права при приведување и испитување гарантирани со Законот за кривична постапка и Кривичниот законик, како и правата на малолетните лица во казненопоправните и воспитните установи. Преку годишните извештаи, народниот правобранител ги отсликува слабостите во системот и упатува на начините за нивно отстранување. и дава препораки за подобрување на одредени состојби за унапредување на промоцијата и заштитата на човековите права во земјата. Анализата на податоците добиени од годишните извештаи на Народниот правобранител на Република Македонија овозможуваат длабинска анализа на состојбите во системот за правда на децата. За целите на овој магистерски труд фокусот ќе биде ставен на два важни аспекта поврзани со појавата на престапништво кај децата и реакциите на системот за негово сузбивање и намалување на негативните ефекти од таа појава.

Во таа насока ќе бидат презентираани податоци поделени во две групи:

а) појавни манифестации на малолетничка деликвенција: податоци поврзани со деца кои употребуваат дрога и насилство меѓу децата во училиштето;

б) институицонален одговор на појавата на малолетничка деликвенција.

Во Извештајот за 2019 година, како и во претходните години, Народниот правобранител констатира дека сè уште нецелосно се остваруваат правата на детето во семејството, училиштето, установите за згрижување на деца, а водечките принципи на Конвенцијата недоволно се почитуваат и дека продолжуваат повредите и непочитувањето на правата на детето во повеќе сфери од општественото живеење. Најдобриот интерес на детето иако е водечки принцип за заштита на правата на детето е повеќе декларативно отколку суштински водечки принцип. Виедно учеството на детето и неговото вклучување во донесувањето одлуки кои го засегаат детето, неговите права и интереси сè уште не е на задоволително ниво.

Во поглед на децата во ризик во смисла на одредбите од Законот за правда на децата, Народниот правобранител и во текот на 2019 година продолжи да го следи проблемот со користењето дрога од страна на децата, имајќи ги предвид сознанијата дека постојано расте бројот на деца корисници и зависници од дроги и други психотропни супстанции, а се намалува возрасната граница на децата кои почнуваат да употребуваат дроги.

Народниот правобранител констатира дека сè уште има деца кои се на улица, деца кои користат дрога и други психотропни супстанции, како и деца кои поради несоодветна грижа од родителите се одземени и упатени во установи за згрижување. Следејќи ја состојбата со заштитата и остварувањето на правата на овие деца се констатира дека само во Скопје и Битола има отворено дневни центри за деца на улица дека отсуствува соодветен систем за заштита и третман на децата кои вдишуваат лепило, а дека установите за згрижување на деца не ги даваат очекуваните резултати во однос на превоспитното влијание на децата. Карактеристично за сите горенаведени групи деца е тоа што не се запишани во матичната книга на родените, не посетуваат образование, не се во системот на здравствената заштита и повеќе се практикува институционалната форма на згрижување на овие деца. Исто така, се констатира дека семејствата од кои потекнуваат овие деца се најчесто сиромашни, без основни средства за егзистенција, со ниско образовно ниво или без никакво образование што ја наметнува потребата од континуирана и индивидуална работа со секое семејство поодделно заради подигање на родителските капацитети, и целосно и квалитетно остварување на родителските обврски.

Недостасува соодветен третман на овие деца и понатамошна грижа во програми за рехабилитација и ресоцијализација, со што се доведува до сериозни нарушувања на

здравствената состојба на децата и зголемена смртност. Потребно е да се изработи протокол со кој би се регулирал медицинскиот третман и паралелно воспоставување на програми за психосоцијална поддршка на децата и нивните семејства. За децата упатени на сместување во јавните установи за грижа на деца потребно е серизно разгледување на моменталната состојба особено поради зачестените бегства на штитениците од овие установи и неможноста на стручните лица да работат континуирано со секое дете заради надминување на причините поради кои истото е упатено во установа. Двете јавни установи за грижа на децата се во Скопје и во нив покрај децата кои имаат воспитно-социјални проблеми се упатуваат и деца од други градови, а се деца на улица, жртви на семејно или друг вид насилство и сл. со што дополнително се зголемува ризикот од девијантно однесување на дете.

Иако во помал број за разлика од претходната година, во текот на 2019 година повторно до Народниот правобранител се доставени претставки за насилство на децата во семејството, во училиштето, како и претставки за насилството помеѓу децата. Со цел за да се спречат инциденти за психичко и физичко насилство врз децата од страна на наставниот кадар, Народниот правобранител вршеше непосредни увиди, а по неговите интервенции во училиштето се испитуваше случајот и се преземаа соодветни мерки. Така, во еден случај иако со сигурност не се потврдени наводите за насилство врз детето/ученикот, семејно и друг вид насилство врз децата и насилство помеѓу децата од страна на директорот на училиштето, беше предложено наставникот да биде преместен во друго училиште, а во друг случај наставникот им се извини на родителите, со што се промени и неговото однесување кон децата во училиштето. Во трет случај, постапувајќи по барање на родителот за несоодветно однесување кон детето во едно музичко училиште, наставникот беше заменет со друг. Во сите случаи Народниот правобранител бараше од Државниот просветен инспекторат или овластен просветен инспекторат да интервенира укажувајќи на целите на образованието, согласно Законот за основното образование, како и Конвенцијата на правата на детето, според која децата треба да бидат заштитени од сите облици на физичко и психичко малтретирање. Дури и во случаи кога од страна на Државниот просветен инспектор не било констатирано физичко или психичко насилство врз децата, на директорите им беа дадени насоки да посветат поголемо внимание на однесувањето на наставниот и на другиот кадар спрема учениците во училиштето. Народниот

правобранител ја следеше и состојбата со насилството меѓу учениците по поднесена претставка од група на родители во основно училиште, како и по сопствена иницијатива за состојбата во две средни училишта во Скопје. Во согласност со надлежностите, Народниот правобранител побара од директорите на училиштата да преземат мерки за контрола на однесувањето на учениците додека се во училиште, работа со децата од страна на педагошко-психолошката служба, како и да се планираат активности, односно предавања и работилници за надминување на конфликтните состојби и нетрпеливоста помеѓу учениците. Како одговор на укажувањата на Народниот правобранител, од страна на училиштата беа преземени мерки и меѓу другото се отпочна со реализација на изработка на програми и протоколи за превенција и интерактивни активности за надминување на евентуалното насилство мегу учениците.

Како и претходните години, неспорно е дека во затворскиот систем е присутен недостаток на финансиски средства, особено во делот за здравствена заштита на осудените лица и набавка на средства за хигиена, набавката на неопходни продукти за подготовка на разновидна храна на осудените лица и други неопходни потреби на осудените лица, кое се наметнува како една од причините за лошата состојба во овие установи. Меѓу другото, следен присутен недостаток во затворскиот систем е и слабото управување со установите, слабите едукативни и рехабилитациски активности, како и недоволните инспекциски надзори кои би ги идентификувале реалните недостатоци и утврдување на одговорноста во постапувањето на службените лица со лицата. Народниот правобранител смета дека ваквата состојба е резултат и на несоодветното и непрофесионално менаџирање со казнено-поправните установи, но и на нецелосната посветеност на раководните органи и служби, што резултира со конфликтни ситуации во установите, кои во овој извештаен период особено беа видливи во Воспитно-поправниот дом – Тетово кој е лоциран во Велес.

Како алармантни и загрижувачки Народниот правобранител ги оцени состојбите во Воспитно-поправниот дом – Тетово кој функционира во Велес од причина што во неколку наврати во овој воспитно-поправен дом се случија сексуални злоставувања од едни спрема други малолетници сместени во Домот, а во разговор со штитениците тие изразија незадоволство од односот и грижата на службените лица и за истите достави информација и до министерот за правда и до директорот на Управата за извршување на санкциите. Имено, по утврдените случаи на сексуални злоставувања меѓу малолетните лица упатени

во Воспитно-поправниот дом, Народниот правобранител како национален превентивен механизам изврши ненајавена посета и констатира низа пропусти во речиси сите сегменти на фунционирањето на овој дом, како што се условите во кои престојуваат, кадровската екипираност, здравствената заштита и спроведувањето на образовниот процес на децата кои се сместени во домот. Отсуството на образовниот процес за малолетниците кое заедно со несоодветните услови за сместување и неорганизираното слободно време придонесува за нецелосна ресоцијализација на малолетниците. Поради утврдените пропусти доставени се конкретни препораки за нивно целосно надминување. Така, со цел натамошно спречување на појавите на физички сексуални злоставувања препорачано е да се зголеми бројот на воспитувачи во секторот за ресоцијализација, со што ќе се обезбеди секојдневно присуство и континуитет во воспитниот процес, а на малолетниците да им се обезбеди практикување на слободни активности. Народниот правобранител препорача и непречено остварување на правото на здравствена заштита и преземање мерки за воспоставување образование.

Во однос на состојбата со згрижување на деца со проблеми во однесувањето, Народниот правобранител како национален превентивен механизам (НПМ) во 2019 година спроведе две последователни посети на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми – Скопје и беше утврдено дека во оваа установа и понатаму, а спротивно на препораката на НПМ, продолжуваат да се упатуваат и згрижуваат малолетни лица сторители на кривични дела (од 14 до 18 години). При ненајавената посета беше констатирано дека од вкупно 36 недостасуваа 12 малолетници. Од нив, само двајца беа оправдано отсутни, а останатите десет беа во бегство. И при посетата на ЈУ „Ранка Миланoвиќ" беа затекнати само две лица, а останатите беа во бегство. При последователната посета утврди дека ниту едно од двете присутни малолетници не посетуваат настава. Исто така и во 2019 година, од предметното постапување на Народниот правобранител произлегува заклучок дека децата кои заради проблеми во однесувањето се упатуваат во ЈУ „25 Мај" и ЈУ„Ранка Миланoвиќ" повеќе се во бегство, отколку под третман и соодветна грижа во овие установи. Само како пример, две малолетнички кои со решение на надлежниот центар беа сместени во ЈУ „25 Мај" од вкупно 781 ден само 36 дена беа во установата. И Јавната установа и Меѓуопштинскиот центар го знаат проблемот, но ништо не е преземено за подобро функционирање на

установите, со цел зголемување на ефектот од оваа форма на згрижување на децата која не ги дава очекуваните резултати.

6.3. Податоци од истражување

За потребите на овој труд направив едно истражување во кое користев методолошка техника анкетирање, со инструмент анкетен лист. Истражувањето беше извршено врз неслучаен пригоден примерок од 60 полнолетни граѓани на Република Македонија, чиј избор беше направен по алгоритмите кои ги дозволува методологијата за истражувања во кои се користи пригоден примерок. Истражувањето беше спроведено во период од 15 дена, со непосредно доставување на анкетниот лист во хартиена форма. Пополнувањето на акнетниот лист одземаше не повеќе од 10 минути. Просечната возраст на испитаниците е 38-годишна воздраст. Во испитувањето учество зедоа 42 мажи и 18 жени. 27 од испитаниците беа со високо образование, 32 од испитаниците беа со средна стручна спрема и 1 со основно образование. 53 од испитаниците беа вработени лица, а 7 беа невработени. Одговарањето на прашањата беше со заокружување, со нумерички систем 1 – 5 или 1 – 3, при што под секое поставено прашање беше објаснето со зборови значењето на нумеричкиот систем .

1. На прашањето: Како би ги оцениле мерките на државата кои се преземаат за заштита на малолетниците од секојдневниот криминал со оцени од 1 до 5, при што 1 значи недоволно, 2 доволно, 3 добро, 4 многу добро, 5 одлично. Испитаниците одговориле:

Вкупен број	**Одговориле со 1**	**Одговориле со 2**	**Одговориле со 3**	**Одговориле со 4**	**Одговориле со 5**
60 Испитаници	24	17	8	7	4

Според овие одговори кои ги добив, а ги презентирав тука, се докажува недовербата на граѓаните во институциите и во самата држава во насока кон тоа колку таа се грижи за децата.

2. На прашањето: Во кои кривични дела сметате дека предничат малолетниците (по можност да се изберат 3 кривични дела и да се рангираат со 1, 2 и 3), при што 1 значи значително предничи, 2 значи предничи, 3 незначително предничи. Испитаниците

одговориле:

60 испитаници	Кражби	Убиства	Сообраќајни деликти	Сексуални деликти	Криумчарење	Трговија и производство на наркотици
Одговориле со 1	19	4	14	8	5	10
Одговориле со 2	16	9	11	4	7	13
Одговориле со 3	18	7	6	14	5	10

Од одговорите на ова прашање можи да се забележи дека граѓаните се свесни за способноста на малолетниците за сторување на кривични дела од секаков вид. Пред сè предничат кривичните дела од имотен карактер, а додека пак убиствата и криумчарењето се кривични дела кои граѓаните сметаат дека малолетниците се помалку способни да ги изведат.

3. На прашањето: Рангирајте го влијанието на наведените криминогени фактори за појава на малолетничкаа деликвенција со оцена 1 – 5, при што 1 значи незначително влијание, 2 мало влијание, 3 средно влијание, 4 големо влијание, 5 значително влијание. Испитаниците одговориле:

60 испитаници	Одговориле со 1	Одговориле со 2	Одговориле со 3	Одговориле со 4	Одговориле со 5
Семејство	13	18	19	6	4
Економска состојба	3	4	13	13	27
Мас-медиуми	1	9	13	15	22
Училиште	18	24	5	7	6
Соседство	15	31	4	5	5
Друштво	-----	4	7	16	33
Карактерот на детето	15	5	10	19	11

Во табелата погоре се наоѓаат одговорите на испитаниците за тоа кој од наведените криминогени фактори ги сметаат за најодговорни за појавата на криминалитетот кај децата. Највисоко рангирани фактори се економската состојба, мас-медиумите и друштвото, а

додека најниско рангирани се училиштето, соседството и карактерот на детето.

4. На прашањето: Колку кривични дела сте извршиле до вашето полнолетство, без притоа да бидете санкционирани, испитаниците одговорија:

60 испитаници	**0 кривични дела**	**0-5 кривични дела**	**5-10 кривични дела**	**10-15 кривични дела**	**15-20 кривични дела**	**Повеќе од 20 кривични дела**
	48	9	3	-----	-----	-----

Во оваа табела е претставена една темна бројка која по пат на техника на самопријавување ја добив од моите испитаници. Во справувањето со малолетничката деликвенција, еден од поголемите проблеми е големата појава на темната бројка, која можеме да ја забележиме и тука помеѓу испитаниците кои ги искористив за овој труд.

5. На прашањето: Оценете ја стручноста на Центарот за социјални грижи со оцена 1 – 5 во постапувањето со децата, при што 1 значи недоволно, 2 доволно, 3 добро, 4 многу добро, 5 одлично. Испитаниците одговорија:

60 испитаници	**Одговориле со 1**	**Одговориле со 2**	**Одговориле со 3**	**Одговориле со 4**	**Одговориле со 5**
	16	23	17	1	3

Како прво што морам да го напоменам околу ова прашање беше тоа што голем дел од моите испитаници не знаеја каква е улогата на ЦСР во оваа борба, а второто прашање кое ми го поставуваа беше: „*Уствари што треба да прави ЦСР*?“

Откако ќе им објаснев што се очекува од ЦСР и што треба да прави по ова прашање, тие одговараа на прашањето.

Резултатите се наоѓаат во табелата погоре, а тие не се воопшто задоволителни.

6. На прашањето: Колку црквата може да придонесе во превенирањето на малолетничката деликвенција, со оцена 1 – 5, при што 1 значи воопшто не може да придонеси, 2 можен е помал придонес, 3 можен е среден придонес, 4 можен е голем придонес и 5 можен е значителен придонес. Испитаниците одговорија:

60 испитаници	Одговориле со 1	Одговориле со 2	Одговориле со 3	Одговориле со 4	Одговориле со 5
	9	7	11	20	13

Иако моделите на казнено-поправни установи во кои партиципираа свештениците и во кои како метод на ресоцијализација се користеше читање на духовна литература се одамна зад нас во минатото, но и толку години потоа во моето истражување, верувањето дека црквата може да помогне во справувањето со криминалот е доста високо ценето.

Заклучок и предлози

Уште од самиот момент кога децата ќе се родат, ние ги насочуваме во погрешна насока. Прво ги учиме на вулгарности, вандализам и на омраза. Потоа ги учиме како овој живот е суров и дека мораат да се снаоѓаат како што знаат и умеат, а веднаш потоа се

чудиме зошто нашите деца посегнуваат по криминал и проституција за да си купат себеси еден пар нови патики како децата во САД или некој парфем како девојките во Париз. Трето, им го уништуваме образованието. Ги реметиме со работи кои апсолутно не им се потребни, ги бомбардираме со информации и наместо да им го развиваме талентот, наместо да им го развиваме сенсот за критика, сенсот за распознавање помеѓу лошото и доброто, наместо да им ја развиваме нивната креација и потенцијал за револуција, ние интелектуално ги „кастрираме“ и им кажуваме небулози од типот: „*Наведната глава сабја не ја сече*“ и „*Свиткај кичма за подобро утре*“.

Додека го подготвував овој труд, прочитав доста литература напишана од разни академици, магистри, доктори, од земјава и од странство. Па читав литература од психолози, педагози кои исто така се позанимавале со проблемите кои ги имаат децата. Па го имаме и Законот за правда за децата, маестрални пиеси од професори, маестрални научни статии за грижата за децата, за правата, за правдата, за обврските што општеството ги има кон нив. Сето тоа убаво и вака слободно можам да речам, но и со мала доза на критика, романтично звучи на хартија, но што всушност преземаме ние за децата во вистинскиот свет и на терен? Апсолутно ништо. Училиштата им префрлуваат на родителите. Родителите на ЦСР. ЦСР им префрлува на МВР. МВР пак им префрлува на родителите и училиштата, а децата седат во средината, оддалечени од Бога, оддалечени од семејствата и училиштата, седат како предмет, како пинг-понг топче и само прелетуваат преку мрежичката и паѓаат овде-онде. Децата седат во средината како предмет кој служи за приказ, како причина за која системот има обврска да исплаќа плати за образованието, за ЦСР, за поправните домови, за медицинска грижа. Седат децата на средина како причина зошто овој систем има обврска да потпишува и да ратификува разни протоколи, препораки, меѓународни документи од сите области кои ги тангираат децата итн. А што имаат корист децата од сето тоа, кога сите надлежни одат на работа само за парите, а не и за децата?

Децата немаат апсолутно никаква корист. Ништо.

Морам да констатирам дека од анализата и споредбите помеѓу методите кои ги преземаат поголемите и понапредните демократски држави од Европа и светот, како и државите од нашето поблиско опкружување, Република Македонија воопшто не се издвојува во мерките кои се преземаат и методите кои се користат за сузбување и спречување на малолетничката деликвенција или еве да кажеме воопшто не заостанува.

Исто така, морам да заклучам дека Република Македонија не се издвојува, а ниту заостанува во ратификацијата на меѓународните документи и препораки, како и во поставување на законските рамки со кои се регулира кривичната постапка во која се јавува дете како сторител на кривично дело или во која детето е жртва на кривично дело.

Тоа дека Македонија не заостанува во реформите и тоа дека во чекор ги прати поразвиените земји се потврди со анализата која ја спроведов врз сите документи и записници од меѓународните документи, протоколи и препораки кои се ратификувани во Македонија и во сите земји членки и кандидати за членки за влез во ЕУ, како и во рамките на Обединетите нации. Сепак од истите извори и во текот на истата анализа, Република Македонија заостанува во давањето на резултатите со што е оценета на годишно ниво, со многу висок коефициент на појава на малолетничката деликвенција и во спроведувањето на нормативите предложени од сите светски меѓународни организации, се наоѓа многу ниско на тебелата во споредба со поразвиените земји од Европа. Исто така, од разговорите со инспектор при СВР Битола, ми беше потврдено со колкава нестручност и со какво непознавање на проблематиката се пристапува кон овој проблем и со каква несериозност и незаинтересираност, родителите, приоѓаат кон овој проблем. Со тоа се потврдува мојата генерална хипотеза, дека и покрај тоа што беспрекорно сме хармонизирани со законите и сите препораки на меѓународните протоколи, организации и договори, сепак заостануваме во испораката на резултатите. Тоа најчесто е поради тоа што имаме гломазна и нераспоредена администрација. Ни недостигаат образовани кадри кои ќе работат со децата во училиштата, во ЦСР, кадри кои ќе работат со родителите, односно нам ни недостасува кадар кој воопшто ќе сака нешто да работи. Ни требаат поголем број на психолози, педагози, социолози, кои ќе бидат распоредени во установите, во училиштата, во ЦСР, во МВР.

Дополнително што ја комплицира работата е и темната бројка која од најразлични причини сè уште се појавува во голем степен. Тоа се потврди и со моето истражување преку анкетниот лист во кој беше влетнато прашање преку кое испитаниците се самопријавуваа. Од моите 60 испитаници, 9 одговориле дека до нивното полнолетство извршиле 0 – 5 кривични дела, а без да бидат санкционирани. Односно 3 испитаници извршите 5 – 10 кривични дела без да бидат санкционирани. Од разговорот со испектор при СВР Битола, ми беше потврдено дека темната бројка, реално, претставува голем

проблем. Голем дел од малолетните престапници успешно ги кријат своите кривични дела со помош на родителите, што е уште позастрашувачки факт.

Во текот на моето истражување, се потврди и втората помошна хипотеза, а тоа е влијанието на криминогените фактори. Преку моето истражување кое го спроведив, испитаниците сметаат дека највлијателни фактори се економската состојба, мас медиумите и друштвото, а додека пак фактори со помало влијание се училиштето, соседството и карактерот на детето.

И како за крај од овој дел на мојот магистерски труд, сакам да констатирам дека и третата помошна хипотеза се потврди, а тоа е, дека голем дел од кримиалот останува нерасветлен и воопшто непријавен поради фактот дека кај граѓаните владее голема недоверба во институциите како и големата неинформираност која создава непремостив јаз и ниско ниво на соработка. Во рамките на анкетниот лист на прашањето како граѓаните би ги оцениле мерките кои ги презема државата во справувањето со појавата на малолетничката деликвенција, повеќе од 50 % одговориле со ниска оценка, што воопшто не е добар показател.

Проблемите кои се појавуваат во нашиот систем за борба против малолетничката деликвенција, не се од проблематиката со која се занимава кривичноправната наука, бидејќи споредено со сите меѓународни документи и препораки, сите кривичноправни санкции, алтернативни мерки, мерки на безбедност и целиот процес се 99 % идентични и усогласени со најразвиените земји во светот. Тврдам дека проблемот е длабоко политички и од таа причина останува не докрај истражен и се третира со висока доза на опортунизам. Додатен проблем е тоа што родителите не се интересираат доволно за слободното време на своите деца и каде тие деца тоа време го поминуваат занимавајќи се со што!? Исто така голем проблем претставува функцијата на образовниот систем кој до крај не ги извршува сите негови функции во правец на превенирање и сузбивање на малолетничката деликвенција. Затајуваат и внатреучилишните „институции“ како психологот и педагогот, кои ужасно лошо соработуваат со децата и ужасно лошо соработуваат со МВР и ЦСР.

Извештаите на Народниот правобранител се приказна самите за себе и според мене, санирањето на инфраструктурните и кадровските проблеми, кои институцијата Народен правобранител ги посочува, би биле доволни за почеток, за едно поместување од сивата зона.

Предлагам превземање мерки со кои би се извршиле радикални промени во насока на ова прашање.

Прво што предлагам е под итно да се разработи систем со кој, училиштето во соработка со родителите ќе го контролираат слободното време на децата со активирање на спортските и уметничките училишни клубови кои од пред неколку години се исклучени од функција. Ваквата шема одлично функционира во скандинавските земји како Финска, Шведска, Данска и посебно Исланд. Добивките од овој разработен план се мултидимензионални во повеќе категории и области.

Второ, доедукација и обука на постоечките кадри кои во овој момент се наоѓаат во ЦСР, училиштата, МВР, медицинските центри, поправните установи итн. Оспособување на кадрите за работа во помали групи во кои, инволвираните психолози, социолози, педагози од тимовите би биле приближени до децата со цел подобро запознавање за поквалитетно дејствување во насока на откривање на факторите кои го будат криминалното размислување кај индивидуата.

Трето, вработување на нови образовани кадри (педагози, психолози, криминолози, криминалисти) бидејќи на начинот на кој преглагам да се работи, очигледно е дека, ќе недостига кадар, а од неодамнешните разговори со инспектор при СВР Битола, а и од извештајот на Народниот правобранител дознаваме дека недостигот од кадар во установите е голем проблем во справувањето со проблемите кои се јавуваат околу штитениците, обично за време на викенд дежурствата кога еден воспитувач има обврска да внимава на петпати поголем број деца отколку вообичаеното, па доаѓаме до ситуација кога децата бегаат од установата и се во бегство повеќе дена.

Четврто, како што дознаваме од неодамнешниот разговор со инспекторката за малолетничка деликвенција при СВР Битола, а исто така и од извештаите на Народниот правобранител, Република Македонија се соочува со катастрофална инфраструктура во домовите, казнено-поправните установи, прифатилиштата за деца, советувалиштата и дневните престои кои се наменети за работа со децата кои се извршители на дела кои со закон се предвидени за кривични дела и жртви од кривични дела. Затоа предлагам инфраструктурни промени во сите прифатни центри за млади, младинските културни центри, медицинските установи и поправните домови.

Борбата со малолетничката деликвенција е и борба за нашата иднина. Бидејќи иднината е во рацете на нашите деца, но од нас зависи дали таа младина ќе биде здрава или трула, а од тоа зависи и дали нашата иднина ќе биде здрава или како што рековме трула. Столбовите на една држава се младите и од тоа зависи колку државата е здрава, силна и демократска. Криминалот е она што ги поткопува тие темели, затоа е потребна голема посветеност во тој правец со цел да се изградат цврсти темели на една здрава држава.

Користена литература

Учебници и монографии:

1. Арнаудовски, Љ. (2007) Криминологија. Штип: 2-ри Август
2. Аслимовски, П. и Станојоска, А. (2015) Криминологија. Битола: УКЛО
3. Димитријоска, С. (2012) Правда за децата. Скопје: ЕУ и УНИЦЕФ

4. Камбовски, В. и Велкова, Т. (2008) Малолетничка правда. Скопје: Јустинијан Први
5. Лажетиќ-Бужаровска, Г. Нанев, Л. и Кошевалиска, О. (2015) Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот. Скопје: Јустинијан Први
6. Македонско пенолошко друштво (2018) Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија. Скопје: 2018 година
7. Нанев, Л. и Кошевалиска, О. (2018) Малолетничко казнено право. Штип: УГД
8. Смилевски, Б. (2018) Превенција на малолетничка деликвенција. Охрид: Факултет за туризам
9. Arnold Binder, Gilbert Geis, Dickson D Bruce Jr.(2001): Juvenile Delinquency:Historical, Cultural & Legal Perspectives, Elsevier
10. Cavadino, M./Dignan, J, The penal system, 4th edition, London, Sage, 2007
11. Бужаровска-Лажетиќ, Г. (2013): Авторизирани предавања по малолетничко казнено право, УКИМ
12. Штерјов, Л. (2013): Влијанието на воспитната мерка – Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда, магистерски труд,
13. Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисоски, Б. и Илиќ, Д. (2011): Компаративно казнено процесно право.Скопје: 2-ри Август, Штип.
14. Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013) Пенологија.Скопје: УГД,Штип

Нормативни акти:

15. Bangkok Declaration calling for action against Organized crime, Terrorism, Human Trafficking, Money-Laundering, Corruption, Cybercrime, Restorative Justice, 11th UN Congress on Crime Prevention and Criminal Justice, Thailand,
16. Cédric Foussard, (2010): Juvenile Justice Systems in Europe: current situation, trends in applicable models and good practices, 4 th IJJO International Conference: Buillding integrative juvenile justice systems: Approaches and methodologies regarding mental disordens and drugs misuse, Rome, 09 – 10.11.2010;
17. Законот за малолетничката правда, Зборник за малолетичка правда, Факултет за безбедност Скопје
18. Закон за правда за децата, Сл. Весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013 година
19. CM (2005) 163, PC-CP (2006) 01, Srasbourg, 17.01.2006
20. James W. Burfeind, Dawn Bartusch (2011): Juvenile Delinquency: An Integrated Approach, Jones & Bartlett Learning
21. Заклучоци утврдени од европските министри за правда на Министерската конференција во Хелсинки во 2005 година, 26th Conference of European Ministers of Justice, Helsinki (7- 8.04.2005), www.coe.int.
22. Упатства на Комитетот на министри при Советот на Европа во однос на правда по мерка на

децата 2010 година

23. Основни начела на ОН за употреба на програмите за ресторативна правда во кривичната сфера 2002 година

24. Рамковна одлука на Советот на Европа во однос на положба на жртвите во кривична постапка 2001 година

Веб-страни:

25. www.pravo.org.mk
26. www.ncjrs.gov
27. www.asanet.org
28. www.stat.gov.mk
29. www.coe.int/economiccrime
30. www.moi.gov.mk
31. http://www.justice.govt.nz/courts/youth/about-the-youth-court/family-groupconference
32. http://mstservices.com/index.php/what-is-mst/what-is-mst
33. www.occ.org.nz
34. www.justice.gov.uk/about/hmi-prisons/index.htm
35. www.justice.gov.uk/about/imb.htm
36. www.cpt.coe.int
37. www.cpt.coe.int
38. http://www2.ohchr.org/english/law/cat-one.htm
39. www.icrc.org
40. http://www.unicef.org/videoaudio/PDFs/Conceptual_Clarity_Paper_Oct_2010.df
41. http://www.unicef.org/
42. www.childhoodfirst.org
43. www.preventionaction.org
44. http://www.stetoskop.info/Uticaj-medija-na-maloletnicku-deIikvenciju-u-Srbiji-4663-s1-content.htm
45. http://sr.wikipedia.org/
46. www.childhoodfirst.org
47. www.preventionaction.org
48. http://education.muprs.org/wp-content/uploads/2014/12/Zbornik-Maloljetnickadelinkvencija.pdf
49. http://psiholeta.blogspot.com/2012/05/maloletnicka-delikvencija.html
50. http://www.psihologijanis.org/clanci/45.pdf
51. https://kristinacumic.wordpress.eom/2013/05/15/pojam-maloletnicke- delikvencije/
52. http://www.childhoodfirst.org.uk/

Анкетен лист

- За потребите на мојот магистерски труд изработив анкетен лист кој е составен од неколку прашања, при што одговарањето на истите нема да ви одземе повеќе од 10 мин.
- Одговорете на прашањата по сопствено убедување и запомнете дека

нема точни или неточни одговори.

- Учеството е анонимно.
- Одговарањето на прашањата е со заокружување.
- Ви благодарам за одвоеното време.

Прв дел:

Основни податоци.

1. Пол на испитаникот :

М Ж

2. Воздраст на испитаникот.

18-24 25-34 35-44 45-54 55-65 65+

3. Степен на образование на испитаникот.

Помалку од основно Основно образование Средно образование
Високо образование Мастер Доктор на науки

4. Работен статус

Вработен (полно работно време) Вработен (пола работно време) Хонорарец
Невработен Студент Пензионер

5. Месечни примања

Немам месечни примања до 15.000 ден. од 15.000 до 30.000 ден.
од 30.000 до 50.000 Повеќе од 50.000

Втор дел

6. Како би ги отцениле мерките на државата кои се преземаат за заштита на малолетниците од секојдневниот криминал со оцени од 1 до 5, при што 1 значи недоволно, 2 доволно, 3 добро, 4 многу добро, 5 одлично.

1	2	3	4	5

7. Во кои кривични дела сметате дека предничат малолетниците (по можност да се избере 3 кривични дела и да се рангираат со 1,2 и 3), при што 1 значи: значително предничи, 2 значи: предничи, 3 значи: незначително предничи.

Кражби	Убиства	Сообраќајни деликти	Сексуални деликти	Криумчарење	Трговија и производство на наркотици

8. Рангирајте го влијанието на семејството, како криминоген фактор, за појава на малолетничката деликвенција со отцена од 1-5, при што 1 значи незначително влијание, 2 мало влијание, 3 средно влијание, 4 големо влијание, 5 значително влијание.

1	2	3	4	5

9. Рангирајте го влијанието на економската состојба, како криминоген фактор, за појава на малолетничката деликвенција со оцена од 1 до 5, при што 1 значи незначително влијание, 2 мало влијание, 3 средно влијание, 4 големо влијание, 5 значително влијание.

1	2	3	4	5

10. Рангирајте го влијанието на мас-медиумите, како криминоген фактор, за појава на малолетничката деликвенција со оцена од 1 до 5, при што 1 значи незначително влијание, 2 мало влијание, 3 средно влијание, 4 големо влијание, 5 значително влијание.

1	2	3	4	5

11. Рангирајте го влијанието на училиштето, како криминоген фактор, за појава на малолетничката деликвенција со оцена од 1 до 5, при што 1 значи незначително влијание, 2 мало влијание, 3 средно влијание, 4 големо влијание, 5 значително влијание.

1	2	3	4	5

12. Рангирајте го влијанието на соседството, како криминоген фактор, за појава на малолетничката деликвенција со отцена од 1 до 5, при што 1 значи незначително влијание, 2 мало влијание, 3 средно влијание, 4 големо влијание, 5 значително влијание.

1	2	3	4	5

13. Рангирајте го влијанието на друштвото, како криминоген фактор, за појава на малолетничката деликвенција со оцена од 1 до 5, при што 1 значи незначително влијание, 2 мало влијание, 3 средно влијание, 4 големо влијание, 5 значително влијание.

1	2	3	4	5

14. Рангирајте го влијанието на карактерот на детето, како криминоген фактор, за појава на малолетничката деликвенција со оцена од 1 до 5, при што 1 значи незначително влијание, 2 мало влијание, 3 средно влијание, 4 големо влијание, 5 значително влијание.

1	2	3	4	5

15. Колку кривични дела сте извршиле до вашето полнолетство, без притоа да бидете санкционирани ?

0 кривични дела **0 – 5 кривични дела** **5 – 10 кривични дела**

10 – 15 кривични дела **15 – 20 кривични дела** **повеќе од 20 кеивични дела**

16. Оценете ја стручноста на Центарот за социјални грижи со оцена од 1 до 5 во постапувањето со децата, при што 1 значи недоволно, 2 доволно, 3 добро, 4 многу добро, 5 одлично.

1	2	3	4	5

17. Колку црквата може да придонесе во превенирањето на малолетничката деликвенција, со оцена од 1 до 5, при што 1 значи воопшто не може да придонесе, 2 можен е помал придонес, 3 можен е среден придонес, 4 можен е голем придонес и 5 можен е значителен придонес.

1	2	3	4	5

Ви благодарам за одвоеното време.